Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 298 3 мај 2022 година

мај 2022 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области туристичка политика и хотелиерство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звања насловен доцент за наставно-научната област гастрономија (51402) и ресторанско работење (51419) на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....... 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област ентомологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....... 36

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите научно-наставни звања за наставно-научните области 64004 англистика и 61212 историја на книжевноста на германските народи на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....... 47

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научните области историја на книжевноста на германските народи и англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....... 63

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научна област фармакологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....... 70

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/ насловен вонреден професор за наставно-научната област онкологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....... 82

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Дигитални трендови во хотелиерството - практикум” од доц. д-р Цветанка Ристова-Магловска, Факултет за туризам и бизнис логистика,Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....... 95

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Дигитални трендови во хотелиерството” од доц. д-р Цветанка Ристова-Магловска, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....... 97

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Џез саксофон – напредна импровизација и вежби” од м-р Кирил Кузманов, Музичка академија, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....... 100

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Учебник по современи теории во меѓународниот туризам” од проф. д-р Цане Котески, Факултет за туризам и бизнис логистика - гевгелија, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....... 102

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по нумерички методи”од доц. д-р Јасмина Вета Буралиева и доц. д-р Васко Кокаланов, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....... 106

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Дискретни системи на управување“ од проф. д-р Сашо Гелев, Електротехнички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....... 109

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Конвенционални и нумерички управувани металорезачки машини и помагала” од проф. д-р Славчо Цветков, проф. д-р Невен Трајчевски и проф. д-р Сашко Димитров, Машински факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....... 113

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторската дисертација со наслов „Интеркултурните компетенции на наставникот во основното училиште“ од кандидатот м-р Бујар Адиљи, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....... 116

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на докторски трудови одобрени од наставно-научниот совет на докторски студии ....... 122

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Џидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување:Благој Михов
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ТУРИСТИЧКА ПОЛИТИКА И ХОТЕЛИЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2102-96/4 од 19.4.2022 година донесена на 265. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на 19.4.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области туристичка политика (51405) и хотелиерство (51401) на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Koha“ на 11.4.2022 година и во предвидениот рок се пријави д-р Дејан Методијески, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Врз основа на приложената документација од Конкурсот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Дејан Методијески** е роден на 20.12.1980 година во Скопје. Средното угостителско училиште „Лазар Танев“ го завршува во Скопје. Високо образование завршува во 2003 година на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Софија, Република Бугарија, каде што се стекнува со стручен назив дипломиран туристички работник. Во 2004 година на истата институција ги завршува постдипломските магистерски студии и успешно ја брани својата магистерска теза на тема „Антропогените туристички вредности на Град Скопје, како можност за развој на културолошкиот туризам“ и се стекнува со академски степен магистер по туризам. По завршувањето на студиите работи во туристичката агенција „Асја“ во Скопје, како менаџер на продажби до 2005 година. Од 2005 до 2008 година работи како менаџер во сопствениот кафе бар „Софија“ во Скопје. Кандидатот е овластен судски преведувач од бугарски на македонски јазик и обратно при Основен суд Скопје II, Скопје, од 2006 година. Во 2008 година, на Институтот за општествени и хуманистички науки „Евро Балкан“ во Скопје, пријавува докторска дисертација на тема „Руралниот туризам, креативните индустрии и улогата на руралната жена во можностите за нивното развивање и комерцијализација во Република Македонија“, која успешно е одбранета во февруари 2012 година, и се стекнува со научен степен доктор на науки по социолошки и родови студии. Во 2009 година на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје пријавува втора магистерски труд на тема „Урбаниот туризам и можности за негов развој во Република Македонија“, кој успешно го брани во април 2011 година и се стекнува со академско звање магистер на туризмолошки науки.

Во август 2008 година од страна на Матичната комисија е избран за асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Кандидатот е избран за доцент на 30.10.2012 година со Одлука бр. 2602-788/3, од 5.2.2013 година со Одлука бр. 0302-170/1 е назначен за одговорно лице за Наставен центар Скопје, а со Одлука бр. 2102-180/3 од март 2015 до 2019 година ги извршува работните задачи како продекан за настава на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Во 2017 година, со Одлука бр. 2102-319/3 од 21.6.2017 година е избран во звање вонреден професор за наставно-научните области туристичка политика и хотелиерство.

**Општи услови за избор во звање редовен професор:**

- *Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно*. Просечен успех: додипломски студии 8,08, постдипломски студии 8,80;

- *Научен степен доктор на науки од научната област во која се избира*. Научен степен: докторска дисертација на тема „Руралниот туризам, креативните индустрии и улогата на руралната жена во можностите за нивното развивање и комерцијализација во Република Македонија", научен степен доктор на науки по социолошки и родови студии;
- *Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор*: Кандидатот во последните пет години пред објавување на огласот за избор има објавено вкупно 34 труда во референтна научна публикација (1 труд во списание со импакт фактор, 10 труда во меѓународни научни списанија, 23 во зборници од меѓународни научни конференции);

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание/зборник | Години |
|---|---|---|---|---|
| | **Metodijeski, Dejan** and Dzambazovski, Kristijan and Filiposki, Oliver and Cocoroski, Toso (2021) | The effects of Covid-19 pandemic upon tourism: The case of tourism policy in North Macedonia. | Book of Proceedings, 9th International Conference „Ohrid-Vodici", ISBN 978-608-66817-0-8 | 10 |
| | **Metodijeski, Dejan** and Micev, Georgi (2018) | Comparative analysis of wine tourism in Macedonia and Bulgaria. | International Journal Knowledge, 27. pp. 189-195. ISSN 1857-923X (EBSCO) | 13 |
| | **Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver and Janevski, Ljupco (2018) | Classification of hotel establishments: the case of Macedonia. | Book of Proceedings, 6th International Conference „Ohrid-Vodici", ISBN 978-608-65643-6-0 | 10 |
| | **Metodijeski, Dejan** and Micev, Georgi (2018) | Sommelier education and certification: the case of Macedonia. | International Journal Knowledge, 27. pp. 197-203. ISSN 1857-923X (EBSCO) | 13 |
| | Mitreva, Elizabeta and Stojanovski, Goran and Taskov, Nako and **Metodijeski, Dejan** and Gjorshevski, Hristijan (2017) | The need for local government reform in the Republic of Macedonia. | International Journal of Information, Business and Management, 9 (2). pp. 92-97. ISSN 2076-9202 (EBSCO) | 13 |
| | Mitreva, Elizabeta and Pancev, Donco and Gjorshevski, Hristijan and Filiposki, Oliver and **Metodijeski, Dejan** (2017) | The implementation of the Quality Costs Methodology in the Public Transport Enterprise in Macedonia. | TEM Journal, 6 (1). pp. 153-161. ISSN 2217-8309 (Scopus; WoS - Clarivate Analytics) | 10 |
| | Dimitrov, Nikola and **Metodijeski, Dejan** (2017) | Historical review of travel guides in the Republic of Macedonia. | Horisons, International Scientific Journal - Social Sciences and Humanities, 20 (10). pp. 305-316. ISSN 1857-9884 (EBSCO) | 14 |
| | Dimitrov, Nikola and **Metodijeski, Dejan** (2017) | Importance of practical work for students in the field of tourism. | International Journal Knowledge, 16 (1). pp. 277-282. ISSN 1857-923X (EBSCO) | 13 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Metodijeski, Dejan** and Taskov, Nako and Mitreva, Elizabeta and Filiposki, Oliver and Andreeva, Jasmina (2017) | Tourism legislation and policy: Review of tourism law in selected Balkan countries. | Book of Proceedings, 22nd International Scientific Conference on Economic and Social Development – "The Legal Challenges of Modern World". pp. 368-375. ISSN 1849-7535 (Indexed in WoS) | 8 |
| | Dimitrov, Nikola and **Metodijeski, Dejan** (2017) | Tourist valorization of urban tourism: The case of regional centres in Republic of Macedonia. | Book of Proceedings, 3rd Internatonal scientific confernce Geobalcanica. pp. 231-238. ISSN 1857-7636 (Indexed in WoS) | 8 |

Трудовите кои се претставени погоре се уредно прикачени на платформата на електронскиот академски репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Metodijeski=3ADejan=3A=3A.html

- *Претходен избор во звање вонреден професор во областа во која се избира:* кандидатот е избран за вонреден професор од областа туристичка политика и хотелиерство (Одлука бр. 2102-319/3 од 21.6.2017 година);
- *Објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира.* Кандидатот има објавено 5 учебници, 1 скрипта и 1 практикум;
- *Способност за изведување на високообразовна дејност:* Кандидатот е ангажиран во наставата за повеќе предмети во рамките на Факултетот за туризам и бизнис логистика на прв, втор и трет циклус на студии.

**Посебни услови за избор во звање редовен професор:**

- *Под негово менторство изработени дипломски или магистерски или докторски тези:* Кандидатот бил ментор на поголем број успешно одбранети дипломски работи, магистерски и докторски трудови;
- *Учество во научноистражувачки проекти:* Кандидатот д-р Дејан Методијески има учествувано во повеќе национални и меѓународни научноистражувачки проекти;
- *Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници:* Кандидатот се јавува како рецензент за избор во звање на наставници на матичната институција. Исто така, д-р Дејан Методијески е рецензент на скрипти и практикуми кои се користат во наставата;
- *Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето:* (НО)=40; (НИ)=330; (САОР)=166 или вкупно 536 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Вонреден професор д-р Дејан Методијески работи на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип од неговото формирање до денес. Д-р Методијески, во август 2008 година од страна на Матичната комисија е избран за асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев", Штип. Кандидатот со одлука на Наставно-научниот совет од 30.10.2012 година е избран за доцент во наставно-научна област туристичка политика, а во 2017 година е избран во звање вонреден професор во наставно-научна област туристичка политика и хотелиерство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев", Штип.

Истакнуваме дека кандидатот д-р Дејан Методијески активно е ангажиран во наставата преку предавања и вежби на сите три циклуси на студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика. На прв циклус студии, на насоките Туризам, гастрономија, исхрана и диететика и Хотелско-ресторанска насока е ангажиран за следните предмети: Хотелиерство, Термален туризам, Рурален туризам, Пракса во хотелско-угостителски објекти, Сомелиерство, Менаџмент на мени, Кетеринг менаџмент, Информатички системи во угостителството и туризмот, како и Туристичка индустрија, универзитетски изборен предмет. На вториот циклус студии, на насоката Меѓународен туризам, неговиот ангажман

е за следните предмети: Бизнис информациони системи, Планирање на рурален туризам, Управување со проекти (универзитетски изборен предмет). На третиот циклус на студии во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика – туризам и угостителство, кандидатот е ангажиран за предметите: Туристички аранжмани, Современи информатички системи во туризмот, Управување со проекти и Стратегии на услуги во хотелиерството.

За потребите на наставата на Факултетот за туризам и бизнис логистика, д-р Дејан Методијески ги има издадено следните учебници, скрипти и практикуми:

**1.** Kitanov, Vladimir and **Metodijeski, Dejan** and Micev, Georgi (2020) *Вински туризам - скрипта*. Универзитет „Гоце Делчев“, Штип. ISBN 978-608-244-706-3

Оваа скрипта има за цел да понуди сублимирање на литературата и концептите за винскиот туризам и запознавање на студентите со можноста тие концепти на најуспешен начин да се применат во областа на туризмот и угостителството во Македонија. Во разработката на скриптата е користена соодветна литература од познати автори и институции од областа на винарството, лозарството, туризмот и угостителството, како и Интернетот, како извор на податоци. Скриптата е структурирана на следниот начин: вовед, прва, втора и трета глава.

**2.** Kitanov, Vladimir and **Metodijeski, Dejan** and Micev, Georgi (2020) *Вински туризам - практикум*. Универзитет „Гоце Делчев“, Штип. ISBN 978-608-244-707-0

Овој практикум е дополнување на материјалот кој се содржи во скриптата наменета за предметот Вински туризам и има за цел да понуди дополнителни вежби и задачи кои би се користеле од страна на студентите за успешно совладување на изучуваната материја. Во изработката на овој практикум е користена соодветна литература од познати автори и институции од областа на винарството, лозарството, туризмот и угостителството, како и Интернетот како извор на податоци. Практикумот содржи 12 вежби, согласно со предметната програма за изучување на предметот Вински туризам.

**3. Metodijeski, Dejan** (2019) *Туристичка политика* (учебник). Универзитет „Гоце Делчев“, Штип. ISBN 978-608-244-620-2

Овој учебник има за цел да понуди сублимирање на литературата и концептите за туристичка политика и запознавање на студентите со можноста тие концепти на најуспешен начин да се применат во областа на туризмот и угостителството во Македонија. Во разработката на материјалот е користена соодветна литература од познати автори и институции од областа на туризмот и туристичката политика. Материјалот е структуриран на следниот начин: вовед, прва, втора, трета и четврта глава.

**4. Metodijeski, Dejan** and Dimitrov, Nikola (2018) *Рурален туризам - политика и развој* (учебник). Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Штип. ISBN 978-608-244-493-2

Овој учебник има за цел да понуди сублимирање на литературата и концептите за рурален туризам и запознавање на студентите со можноста тие концепти на најуспешен начин да се применат во областа на руралниот туризам во Република Македонија. Во разработката на учебникот е користена соодветна литература од познати автори и институции од областа на туризмот и руралниот туризам. Учебникот е структуриран на следниот начин: вовед, прва, втора и трета глава. Суштината на учебникот се содржи во три главни делови.

**5.** Taskov, Nako and **Metodijeski, Dejan** (2018) *Учебник по хотелиерство*. Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Штип. ISBN 978-608-244-494-9

Учебникот е наменета за потребите на студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика за подготвување на испитот по предметот Хотелиерство. Содржината на овој учебник ја опфаќа потребната материја за предавањата по предметот Хотелиерство, според Наставната програма на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Учебникот можат да го користат сите студенти на останатите факултети каде што се изучува предметот Хотелиерство, но и останатите стручни кадри кои ја проучуваат оваа проблематика од приватниот, јавниот и невладиниот сектор. Учебникот е изготвен со цел да се унапреди наставата по предметот Хотелиерство и да се подобри квалитетот на знаењето на студентите.

**6.** Micev, Georgi and **Metodijeski, Dejan** (2018) *Сомелиерство* (учебник). Универзитет „Гоце Делчев“, Штип. ISBN 978-608-244-558-8

Овој учебник има за цел да понуди сублимирање на литературата и концептите за сомелиерство и запознавање на студентите со можноста тие концепти на најуспешен начин да се применат во областа на туризмот и угостителството во Република Македонија. Во разработката на учебникот, користена е соодветна литература од познати автори и институции од областа на сомелиерството, винарството, лозарството, туризмот и угостителството како и интернетот како извор на податоци. Учебникот е структуриран на следниот начин: вовед, прва, втора, трета и четврта глава. Суштината на учебникот се содржи во четири главни делови.

**7.** Dimitrov, Nikola and **Metodijeski, Dejan** and Koteski, Cane and Angelkova, Tanja (2017) *Религиозен туризам* (учебник). Универзитет „Гоце Делчев“, Штип. ISBN 978-608-244-463-5

Учебникот е концепиран во седум глави и 22 поглавија кои го третираат религиозниот туризам. Се започнува со елаборирање на поимот, појавата и видовите на поклонички патува, се продолжува со религиската содржина на туризмот, основните карактеристики на видовите религии, маркетиншки насоки за развој на религиозниот туризам, а се завршува со опис на религиозниот туризам и регионална поделба на манастирите во Република Македонија.

Покрај рецензираните изданија, студентите од кандидатот за подобро совладување на наставната материја користат интерни скрипти за предметите: Туристичка индустрија, Кетеринг менаџмент и Менаџмент на мени.

Вонреден професор д-р Дејан Методијески има плодна научноистражувачка работа. Во однос на неговиот ангажман има преземено активно учество во планирање, утврдување и развој на високообразовната дејност. Исто така, во однос на неговиот ангажман, кандидатот е класен раководител на студиски програми на Факултетот за туризам и бизнис логистика, како и член во комисија за одбрана на дипломска работа (над 150) и ментор за изработка на тема за дипломски труд (над 50). Д-р Методијески, исто така е ментор на успешно одбранети магистерски трудови на двајца кандидати и член на комисија за одбрана на магистерски труд на четворица кандидати на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Кандидатот е интерен ментор на два успешно одбранети докторски трудови на Факултетот за туризам и бизнис логистика, како и член на комисија за одбрана на уште два докторски труда. Член е на Комисија за одбрана на докторски труд (екстерен ментор) на двајца кандидати при Институт за географија, Природно-математички факултет на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје, како и на Факултет за туризам и угостителство - Охрид при Универзитет „Св.Климент Охридски“ – Битола.

Кандидатот е член на две рецензентски комисии формирани на Факултетот за туризам и бизнис логистика за поднесување на реферат за избор во наставни и насловни звања на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип: насловно звање вонреден професор д-р Никола Цуцулески (Универзитетски билтен бр.268 од 2020 година) и доцент д-р Цветанка Ристова Магловска (Универзитетски билтен бр.274 од 2021 година). Исто така, член е на комисија за избор во насловно звање вонреден професор на д-р Георги Мичев на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Универзитетски билтен бр.239 од 2019 година).

Покрај овие активности, кандидатот е рецензент на два ракописа за потребите на наставата: „Казино туризам и казино хотели - скрипта“ и „Казино туризам и казино хотели - практикум“ (Универзитетски билтен бр.262 од 2020 година). Имено, кандидатот со своите погоренаведени активности покажува способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност.

Вонреден професор д-р Дејан Методијески во периодот 2017-2022 е учесник во повеќе проекти во земјата и тоа: обучувач во проект: „Програма за зачувување на природата во Северна Македонија“ – Швајцарската агенција за развој и соработка, како и истражувач во проект: „Образование за вработување во Северна Македонија“, Швајцарската агенција за развој и соработка. Покрај проектите во земјата, кандидатот зема учество и во проектни активности во странство:

**8.** Обучувач во проект: „Our common past - road to the joint future”, The Interreg IPA CBC programme.

**9.** Обучувач во проект: „Oenotouristic cross-border capacity building: A transition from promoting wine production to oenotourism experience”, The Interreg IPA CBC programme.

**10.** Обучувач во проект: „Cultural bridge thorugh the centuries”, The Interreg IPA CBC programme.

**11.** Истражувач во проект: „Common History and Culture - Bridge across borders”, The Interreg IPA CBC programme.

**12.** Истражувач во проект: „Towards regionally-based occupational standards (hotel and restaurant technician) - TO REGOS“.

**13.** Истражувач во проект: „Young people from Bulgaria and Macedonia together for tourism as a health prevention Delivered“, The Interreg IPA CBC programme.

**14.** Кандидатот зема учество и во два проекти од програмата Еразмус - „Shaping the future education in tourism“ каде остварува студиски престој во траење од 5 дена во Грција, Бугарија и Хрватска (2017-2018) и „Revitalizing the countryside“ каде остварува студиски престој во Шпанија во траење од 10 дена (2019).

Во периодот од 2008 до 2012 година – за избор во доцент, кандидатот д-р Методијески има објавено 24 труда, реферат за избор во доцент објавен во Универзитетскиот билтен бр. 90 од 2012 година.

Во периодот 2012-2017 година за избор во вонреден професор, кандидатот има публикувано 60 труда во меѓународни списанија, зборници на научни и стручни трудови од конференции во земјата и странство, како и научни и стручни книги и учебни помагала (Универзитетски билтен бр.191 од 2017 година).

Во периодот 2017-2022 година, кандидатот има публикувано 56 труда во меѓународни списанија, зборници од научни конференции, монографии, книги и учебни помагала кои се вклучени во овој извештај. Трудовите на кои е направена научната евалуација подолу се уредно прикачени на платформата на електронскиот академски репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев“, - Штип http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Metodijeski=3ADejan=3A=3A.html

**Трудови објавени во индексирани списанија достапни на интернет како Scopus, Web of Science:**

**15.** Mitreva, Elizabeta and Pancev, Donco and Gjorshevski, Hristijan and Filiposki, Oliver and **Metodijeski, Dejan** (2017) *The implementation of the Quality Costs Methodology in the Public Transport Enterprise in Macedonia*. TEM Journal, 6 (1). pp. 153-161. ISSN 2217-8309. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 0,1. SJR = 0.15. SNIP 0.587. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Целта на овој труд е утврдување на важноста на квалитетот на транспортните услуги што ги нуди јавното транспортно претпријатие во Р. Македонија, методите и техниките за мерење на стабилноста на деловните процеси, како и оптимизација на истите. Анализата на трошоците за квалитет при обезбедување транспортни услуги може да им помогне на менаџерите да го разберат влијанието на слабиот квалитет врз финансиските резултати и лошата репутација. Во оваа студија се дизајнираше и се примени моделот за подобри перформанси и поголема ефикасност на транспортното претпријатие, преку оптимизација на деловните процеси, промена во корпоративната култура и користење на деловните потенцијали.

**Научни трудови објавени во меѓународни научни списанија**

**16. Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver (2021) *Analysis of wine tourism offer in North Macedonia*. International journal of economics, management and tourism, 1 (1). pp. 8-17. ISSN 2671-3810

Винскиот туризам опфаќа широк спектар на туристички активности како посета на винарии, лозја, дегустација на вино, вински рути, вински музеи, вински настани итн. Винскиот туризам е специфичен вид туризам кој постојано расте и претставува значаен дел од туристичката понуда на многу земји во светот, повеќето од нив земји со традиција на производство на вино. Богатата традиција на лозарство и производство на вино во Северна Македонија започна уште во античко време, а денес има над 70 винарии лоцирани во трите

вински региони. Предмет на овој труд е анализа на винската туристичка понуда во Северна Македонија. Во трудот е претставен преглед на релевантна литература за винскиот туризам и винската туристичка понуда во земјата. За целите на трудот, искористена е методологија на истражување и секундарни извори на податоци преку консултации со литература, студии, статистички податоци и официјални веб-страници на винариите во Северна Македонија. Во трудот се анализирани 28 винарии, а покрај критериумите за дегустација на вино, во истражувањето се опфатени и други аспекти на винскиот туризам како ресторански услуги, сместувачки и конференциски капацитети.

**17.** Dimitrov, Nikola and Koteski, Cane and Jakovlev, Zlatko and Taskov, Nako and **Metodijeski, Dejan** and Mitreva, Elizabeta and Magdinceva Sopova, Marija and Josheski, Dushko and Boskov, Tatjana and Angelkova, Tanja and Filiposki, Oliver (2019) *Regional historical – geographical overview of tourism in the Republic of Macedonia*. SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor (54). pp. 103-113. ISSN 2367-5721

Трудот претставува регионален историски и географски пресек на туризмот во Република Македонија. Во анализата доминира регионалниот преглед на бројот на сместувачки капацитети и туристичка посета. Целта на истражувањето е аргументација за историскиот развој на туризмот, рангирањето и вреднувањето на туристичките региони од нивната прва поделба до денес.

**18. Metodijeski, Dejan** (2019) *The big business called hip hop: aspects of music tourism*. CONTEXT / Review for Comparative Literature and Cultural Research, 20. pp. 39-48. ISSN 1857-7377

Хип-хоп музиката како дел од хип-хоп културата се здобива со популарност ширум светот во последните три децении. Целта на овој труд е да се добие подобра перспектива и разбирање на деловните придобивки од хип-хопот и да се прикаже неговото економско влијание. Во овој контекст е опфатена синергијата на хип-хопот и туризмот. За потребите на овој труд се користени секундарни извори на податоци преку консултација на постоечка литература од областа на хип-хопот, како и на интернет. Прегледот на литературата покажа дека има многу автори на меѓународно ниво кои објавиле стручна литература за различни аспекти на хип-хоп културата, како и музичкиот туризам.

**19.** Dimitrov, Nikola and Taskov, Nako and Koteski, Cane and Mitreva, Elizabeta and **Metodijeski, Dejan** and Angelkova, Tanja and Josheski, Dushko and Filiposki, Oliver (2018) *Transformation of Tourism in the Republic of Macedonia in the last 100 years*. International Journal of Humanities Social Sciences and Education (IJHSSE), 7 (09). pp. 9-13. ISSN 2349-0373

Трудот претставува сублимирана анализа од научниот и истражувачки проект за туризмот и угостителството. Целта на трудот е да се разберат почетокот и развојот на туризмот, анализа на податоците за туристичката посета, сместувачките капацитети, дефинирањето на проблемите со кои се соочува туризмот во земјата и обезбедувањето насоки за промоција на туризмот.

**20. Metodijeski, Dejan** and Micev, Georgi (2018) *Comparative analysis of wine tourism in Macedonia and Bulgaria*. International Journal Knowledge, 27. pp. 189-195. ISSN 1857-923X

Предмет на овој труд е компаративна анализа на винскиот туризам во Македонија и Бугарија. Критериум за избор на овие две земји се континентална територија и кандидат членка за влез во Европската Унија, односно Македонија од една страна и членска во Европската Унија и излез на море на Бугарија од друга страна. Во трудот се дадени основни податоци за двете земји како што се: население, број на меѓународни туристи, туристичко право и законска регулатива за вино, постоење на Национална туристичка организација и промоција на винскиот туризам. Владините тела одговорни за туризмот и националните стратегии за развој на туризмот поврзани со винскиот туризам се користат за да се подготви компаративна анализа на две земји. За потребите на трудот се користи методологија на истражување и секундарни извори на податоци преку консултација со официјални институции и релевантна литература од две земји. Направена е анализа и преглед на избраните документи врз основа на систематска евалуација на нивната содржина. Заклучните забелешки на трудот се однесуваат на структурата, разликите и сличностите

на винските региони и како законодавството и туристичката политика ги одредуваат перспективите и насоките за развој на винскиот туризам во Македонија и Бугарија.

**21. Metodijeski, Dejan** and Micev, Georgi (2018) *Sommelier education and certification: the case of Macedonia*. International Journal Knowledge, 27. pp. 197-203. ISSN 1857-923X

Сомелиерот е лице одговорно за сите аспекти на услугата за вино, како и за спарување на храна и вино во ресторанот, добро обучен и искусен професионалец за вино кој има минато одредена сертификација. Предмет на овој труд е сомелиерската едукација и сертификација во Македонија. Во трудот се објаснети општите карактеристики и дефиницијата на сомелиерите, следејќи го историскиот развој на сомелиерот, поврзаноста помеѓу сомелиерот и другите области како лозарството и винарството, здравството, културата и маркетингот. Образованието и сертификацијата на меѓународните сомелиерски организации како и оние во Македонија се претставени во трудот. За потребите на трудот, користена е методологија на истражување и секундарни извори на податоци преку консултација на релевантна литература и анализирање на програми за обука на официјални образовни и сомелиерски институции. Заклучните согледувања на трудот се однесуваат на потенцијалите и можностите за сомелиерската едукација и сертификација во Македонија.

**22.** Mitreva, Elizabeta and Stojanovski, Goran and Taskov, Nako and **Metodijeski, Dejan** and Gjorshevski, Hristijan (2017) *The need for local government reform in the Republic of Macedonia*. International Journal of Information, Business and Management, 9 (2). pp. 92-97. ISSN 2076-9202

Висококвалитетната локална власт значи да може да се зголеми задоволството на клиентите преку јавните услуги и да се изгради доверба во јавната администрација преку транспарентни процеси, отчетност, како и преку демократски дијалог. Во овој труд е направена анализа на управувањето со локалната власт во повеќе општини во државата. Резултатите од трудот треба да го одразуваат работењето и перформансите на македонските општини по процесот на децентрализација во Македонија. За да се направи тоа, конвенционалните деловни концепти за квалитет кои ги сметаат јавните услуги како даватели на услуги и граѓаните како клиенти мора да бидат збогатени со концептот за квалитет TQM (Total Quality Management) кој ги перципира јавните институции како катализатори на граѓанското општество, а граѓаните како дел од одговорното и активно граѓанско општество.

**23.** Dimitrov, Nikola and **Metodijeski, Dejan** (2017) *Historical review of travel guides in the Republic of Macedonia*. Horisons, International Scientific Journal - Social Sciences and Humanities, 20 (10). pp. 305-316. ISSN 1857-9884

Секојдневно голем број туристи патуваат и посетуваат различни места и локалитети во Република Македонија. За подобра навигација и откривање нови места, некои од овие туристи користат туристички водичи. Целта на овој труд е да даде придонес во историјата на туризмот и во историјата на литературата која опфаќа туристички водич за Македонија. Овој труд го прикажува историскиот развој на печатените туристички водичи во Македонија, од првото печатење во 1854 година до денес. Од појавата на првиот туристички водич до денес, дефинираме три фази на развој: првата од 1854 до 1944 година, втората од 1945 до 1991 година и трета од 1991 година наваму. Овој труд дава опис на најстарите туристички водичи и историски преглед на постоечките туристички водичи претставени во збирна табела. За целосно остварување на истражувањето, се разгледува постоечката литература поврзана со туристичките водичи и се користи интернетот за добивање важни информации поврзани со оваа специјализирана туристичка литература.

**24.** Dimitrov, Nikola and **Metodijeski, Dejan** (2017) *Importance of practical work for students in the field of tourism*. International Journal Knowledge, 16 (1). pp. 277-282. ISSN 1857-923X

Високообразовните институции се места каде студентите стекнуваат знаења и вештини во одредена област. Покрај теоретската основа, наставната програма содржи и практична работа. Практичната работа е систем за обука и подготовка на студентите за нивната идна професија. Практичната работа е многу важна за студентите од аспект на нивниот персонален и професионален развој. Често, практичната работа се воведува преку заеднички иницијативи на јавниот сектор, универзитетите, факултетите, студентските

синдикати, средните училишта и стопанските комори. Целите на практичната работа треба да бидат поставени во однос на компетентноста што се очекува од студентите и тие треба да се усогласат со легитимните очекувања од обуката. Во овој труд е направена компаративна анализа на практичната работа и нејзиното место во наставната програма на избрани факултети за туризам во Република Македонија. Главниот метод што се користи во овој труд е анализа на содржината на наставната програма користејќи официјални веб-страници на избрани институции. Истражувањето кое беше направено за потребите на овој труд укажува на фактот дека во Република Македонија универзитетите кои нудат програми за туризам, посветуваат сериозно внимание на практичната работа.

**25. Metodijeski, Dejan** and Mitreva, Elizabeta and Taskov, Nako and Filiposki, Oliver (2017) *Public-Public Partnership and Tourism Development Strategy: The Case of Municipality of Gazi Baba in Macedonia*. International Journal of Social, Behavioral, Educational, Economic, Business and Industrial Engineering, 11 (4). pp. 846-850. ISSN 2010-376X

Стратегиите за развој на туризмот се важна алка во туристичката политика која се користи за подобро и полесно управување со него. Јавно-јавно партнерство (PUP) е партнерство помеѓу две или повеќе јавни органи или помеѓу јавна органи и која било непрофитна организација со цел да се обезбедат услуги и капацитети или да се пренесат технички вештини. Трудот го прикажува овој вид партнерство помеѓу две јавни институции во Македонија, општина Гази Баба од една страна и Универзитет „Гоце Делчев" - Штип од друга страна. Главната идеја на ова партнерство е изработка на стратегија за развој на туризмот на општина Гази Баба од страна на Универзитетот од една страна, а од друга страна изградба на мини парк во дворот на Универзитетот од страна на општината. Овој труд ги прикажува причините и ги анализира процедурите кои се однесуваат на ова партнерство и методологијата на изработка на стратегијата за развој на туризмот. Содржи преглед на релевантна литература поврзан со јавно-јавните партнерства и стратегиите за развој на туризмот. Резултатите и придобивките од ова партнерство се претставени во трудот.

**Зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири**

**26.** Taleska, Milena and **Metodijeski, Dejan** and Andreeva, Jasmina and Cuculeski, Nikola (2021) *Accessible tourism: examples and good practices in selected countries from Europe*. International scientific and practical conference Current trends and prospects of international tourism, 03 Sept 2021. ISBN 978-608-4872-11-5

Предмет на овој труд е пристапниот туризам и преглед на добри примери и практики во избрани европски земји. Во трудот се претставени основните аспекти на пристапниот туризам и различните иницијативи поврзани со овој вид туризам во Европа. За потребите на трудот, методологијата на истражувањето и секундарни извори на податоци се користени преку консултација со релевантна литература поврзана со пристапниот туризам, како и интернет. Направена е анализа и преглед на примери на пристапен туризам, врз основа на систематска евалуација на нивната содржина и активности. Заклучните согледувања се однесуваат на користење на успешни примери и практики од развиените туристички земји во Европа, со цел подобрување на условите за пристапен туризам во останати земји.

**27. Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver (2021) *Towards accessible tourism in Republic of North Macedonia*. Yearbook of Faculty of tourism and business logistics, 1. pp. 44-52. ISSN 2671-3969

Предмет на овој труд е пристапниот туризам и состојбата со овој вид туризам во Република Северна Македонија. Во трудот се претставени основните аспекти на пристапниот туризам и различните иницијативи поврзани со овој вид туризам во земјата. За потребите на трудот, методологијата на истражувањето и секундарните извори на податоци се користени преку консултација со релевантна литература поврзана со пристапниот туризам како и со интернет. Направена е анализа и преглед на примери на пристапен туризам, врз основа на систематска евалуација на нивната содржина и активности. Заклучните согледувања се однесуваат на потенцијалите за развој на пристапен туризам, со цел да се подобрат условите за пристапност во Република Северна Македонија како туристичка дестинација.

**28. Metodijeski, Dejan** and Dzambazovski, Kristijan and Filiposki, Oliver and Cocoroski, Toso (2021) *The effects of Covid-19 pandemic upon tourism: The case of tourism policy in North Macedonia*. 9th International Conference „Ohrid-Vodici 2021", 17-19 January, Ohrid. ISBN 978-608-66817-0-8

Целта на овој труд е да се спроведе истражување за ефектите врз секторот туризам и угостителство кој е погоден од здравствената и економската криза предизвикана од вирусот COVID-19 преку случајот на туристичката политика во Република Северна Македонија. За постигнување на целта на трудот во основа е користена методологија на анализа на секундарни извори на податоци. Во главно, методолошки користени се резултати од спроведено анкетирање и интервјуирање на учесници од секторот туризам и угостителство преземени од изработените две студии каде учество земаат и авторите на овој труд. При изработката на овие студии користени се различни истражувачки методи и инструменти како: анализа на содржината на европски и светски студии поврзани со кризи во туризмот и препораки на релевантни институции од областа на туризмот и здравството во однос на COVID-19; анализа на стратешки документи и законска регулатива поврзана со туристичката и угостителска дејност во земјата; анализа на статистички извештаи поврзани со угостителството и туризмот во земјата; анализа на електронско анкетирање на претставници од секторот туризам и угостителство во земјата; анализа на спроведени интервјуа со претставници од секторот туризам и угостителство во земјата; кабинетска анализа на релевантна литература и интернет извори; и др.

**29. Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver and Dzambazovski, Kristijan (2020) *Gastronomy as integral part of cultural tourism: The case of Ohrid region*. Contemporary Challenges on Protection and Managing of the Natural and Cultural Heritage: Conference proceedings / 8th International Conference «Ohrid-Vodici, 2020», 17-19 Jan 2020, Struga. ISBN 978-608-65643-8-4

Предмет на овој труд е гастрономијата како составен дел на културниот туризам. Во трудот се претставени основни податоци за дистрибуцијата на туризмот и поврзаноста на туризмот и локалната гастрономија во Охридско. Во текстот се прикажани табели кои ги прикажуваат критериумите за класификација на гастрономските туристички производи. За потребите на трудот, искористена е методологија на истражување и секундарни извори на податоци преку консултација со релевантна литература и класификација на гастрономски туристички производи. Исто така, официјалните статистички годишници се користат за прибирање на туристички податоци за Охридскиот регион. Направена е анализа и осврт на културниот туризам, врз основа на систематска евалуација на моменталната содржина на гастрономската понуда на Охридскиот регион. Заклучните согледувања се однесуваат на перспективите и насоките за развој на културниот туризам и гастрономијата како составен дел на културното наследство во регионот на Охрид.

**30.** Zemon, Rubin and **Metodijeski, Dejan** (2019) *Review of international conferences Ohrid – Vodici: Seven years of scientific progress*. International Conference Identities, cultural heritage and tourism as important elements of the contemporary everyday life and global processes figures, 17-19 Jan 2019, Struga. ISBN 978-608-65643-7-7

Главна цел на овој труд е да биде направен преглед на меѓународните конференции Охрид – Водици во изминатите седум години. За потребите на трудот, користени се примарни и секундарни истражувања и извори на податоци. Примарните се однесуваат на личното учество на авторите во седумте конференции, спроведените неформални интервјуа и методот на неструктурирано набљудување. Како секундарни извори на податоци користени се официјалните агенди и програми на конференциите, како и публикуваните зборници на трудови од истоимените конференции.

**31. Metodijeski, Dejan** and Dzambazoski, Kristijan and Andreeva, Jasmina and Filiposki, Oliver and Todorovic, Emilija (2019) *Tourism policy in Republic of North Macedonia: past issues and future challenges*. Fiscal policy, globalization and economic growth: sustainable development challenges and perspectives, Plovdiv, Bulgaria. ISBN 978-619-203-281-4

Предмет на овој труд е туристичката политика во Република Северна Македонија, гледана низ призмата на историскиот развој, минатите прашања и идните предизвици. Табели кои ги прикажуваат владините тела одговорни за туризмот, националните, регионалните и

локалните стратегии за развој на туризмот, како и законодавството поврзано со туризмот, се користи за подготовка на анализа на туристичката политика во земјата. За потребите на трудот, користиме методологија на истражување и секундарни извори на податоци преку консултација со официјалните планови за развој на туризмот, владините тела и законите за туризам во Република Северна Македонија. Направена е анализа и преглед на плановите за развој на туризмот, владините тела и законодавството за туризам, врз основа на систематска евалуација на нивната вистинска содржина. Заклучните забелешки на трудот се однесуваат на структурата на туристичката политика и како креаторите на политиките ги одредуваат перспективите и насоките на развој на туризмот во Република Северна Македонија.

**32.** Filiposki, Oliver and **Metodijeski, Dejan** and Taskov, Nako and Dzambazovski, Kristijan (2019) *Practical work for students in the field of tourism: new perspective in a digitalization era*. The 4th International Conference The Challenges of today, Sibenik, Croatia. pp. 229-237. ISSN 1846 – 6656

Во овој труд се испитуваат потребите и перцепциите на студентите и работодавачите за практичната работа и предизвиците на современите трендови на Факултетот за туризам и бизнис логистика од Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип, Република Северна Македонија. Резултатите сугерираат дека системот на практична работа треба да вклучува разбирање на потребите на работодавачите и студентите во насока на трансформација на традиционалниот туризам и угостителство операции во модерен туризам и угостителство, вклучувајќи информатички технологии и дигитализација. Позитивните импликации на системот на практична работа даваат ефект на задоволни студентите кои даваат значајни забелешки и заклучоци од нивната практична работа и работодавачите кои следствено да даде можност за вработување на студенти со решетки вештини и знаења, и подобрување на квалитетот на туристичката понуда.

**33. Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver and Janevski, Ljupco (2018) *Classification of hotel establishments: the case of Macedonia*. 6th International Conference "Ohrid-Vodici, 2018", 17-19 Jan 2018, Ohrid, Macedonia. ISBN 978-608-65643-6-0

Во трудот се претставени основни податоци за дистрибуцијата на туризмот и хотелите во земјава. Во табелите се прикажани критериумите за класификација и категоризирани хотели според презентираните официјални статистички годишници. За потребите на трудот, искористена е методологија на истражување и секундарни извори на податоци со користење на релевантна литература, статистички официјални годишници и правилници за класификација на сместувачките капацитети во Македонија. Направена е анализа и преглед на класификацијата на хотелите, врз основа на систематска евалуација на нејзината моментална содржина. Заклучните согледувања се однесуваат на структурата, разликите и сличностите на категоризираните хотели и перспективите и насоките за развој на туризмот во регионите на Македонија.

**34.** Filiposki, Oliver and **Metodijeski, Dejan** and Janeski, Ljupco (2018) *Internationalization and standardization, relevant factor of concept of integrated management in tourism*. Hotelplan - 7th International Congress, 02-03.11.2018, Belgrade, Serbia. ISBN 978-86-60060-09-1

Овој труд ги анализира релевантните фактори на концептот на интегриран менаџмент во туризмот низ призма на интернационализацијата и стандардизацијата. Развојот на туристичките индустрии во текот на годините доведе до модернизација, прилагодување и интеграција на сите концепти на услуги во систем на интегрирани услуги за управување што ги зема предвид сите внатрешни и надворешни фактори кои можат да го нарушат работењето на туристичките претпријатија или светот се потенцијален развој. Меѓународно нарушените пазарни односи придонесоа за генерирање на институции кои ќе ја одредат рамката на ефективни, фер, стабилни и конкурентни туристички пазари. Оваа институционализација доведе до предложените насоки, односно стандарди во областа на туризмот кои се меѓународно одобрени и признаени низ целиот свет. Потребите на туристите се различни, но она што се очекува да го добие како услуга не ги познава границите.

**35. Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver and Micev, Georgi (2018) *Perfection in service and cuisine: review of Michelin star restaurants in Europe*. 6th International Conference "Ohrid-Vodici, 2018", 17-19 Jan 2018, Ohrid, Macedonia. ISBN 978-608-65643-6-0

Главната цел на овој труд е преглед на рестораните со Мишелин ѕвезди во Европа. Трудот го покрива историскиот развој на водичите на Мишелин, критериумите за означување со ѕвездички на фините ресторани и анонимноста на инспекторите на Мишелин. Прикажана е и табела со број на ресторани со ѕвезди по земја, цени на менијата и споредба на понудата на рестораните. Методологијата на истражување и секундарните извори на податоци се користат со консултација со официјални веб-страници на ресторани и водичи на Мишелин. Заклучните согледувања се во однос на структурата, разликите и сличностите на понудата на ресторанот Мишелин ѕвезда во Европа и можностите за отворање на ваков тип ресторани на територијата на балканските земји.

**36. Metodijeski, Dejan** and Andreeva, Jasmina and Filiposki, Oliver (2018) *Regional tourism development policy and distribution of hotels in Macedonia.* International scientific and practical conference Bulgaria of regions, 19-21 Oct 2018, Plovdiv, Bulgaria. ISBN 978-619-203-229-6

Предмет на овој труд е регионалниот развој на туризмот за кој ќе се дискутира преку дистрибуција на хотели во Македонија. За потребите на трудот ќе бидат анализирани осумте статистички региони во Македонија. Регионалниот развој на туризмот ќе биде претставен преку табели кои ги опфаќаат програмите за регионален развој, пристигнувањето туристи, ноќевањата и регионалната хотелска дистрибуција. Преку анализата ќе се утврдат разликите во регионалниот туристички развој во регионите на Македонија. Завршните согледувања во трудот се однесуваат на структурата, минатите прашања и идните предизвици на регионалниот туристички развој во Македонија.

**37. Metodijeski, Dejan** and Andreeva, Jasmina and Filiposki, Oliver (2018) *Tourism policy and ecotourism development in national parks in Macedonia.* The international sustainable tourism and environment protection conference, 22-23 Nov 2018, Edirne, Turkey. ISBN 978-975-374-229-0

Главната цел на овој труд е презентација на материјал поврзан со развојот на екотуризмот во националните паркови во Македонија. Трудот опфаќа литературен преглед на екотуризмот, дефиницијата на националните паркови, нивното управување и улога во зачувувањето на природното и културното наследство. Вниманието е посветено на организацијата, одделенијата и работната сила на националните паркови и придобивките за развојот на екотуризмот. Трудот дава основни податоци за развојот на екотуризмот во Македонија, како што се законодавството за екотуризмот и владините тела одговорни за развој на екотуризмот. Табелата што ги прикажува националните паркови во Македонија, карактеристиките на нивната територија, веб-страниците, плановите за управување како и стратегиите за развој на екотуризмот се користат за подготовка на современа анализа на екотуризмот во националните паркови. За потребите на трудот, користиме методологија на истражување и секундарни извори на податоци преку консултација со официјална туристичка литература, закони, веб-страници и планови за управување со националните паркови, кои се однесуваат на развојот на екотуризмот. Направена е анализа и преглед на националните паркови, врз основа на систематска евалуација на вистинската содржина на официјалните веб-страници. На крајот од трудот се дадени заклучни согледувања и препораки за потенцијален развој на екотуризмот во националните паркови во Македонија.

**38.** Janeski, Ljupco and **Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver (2018) *Tourism policy and legal framework of rural tourism in Macedonia.* XIV International may conference on strategic management, 25-27 May 2018, Bor, Serbia. ISSN 2620-0597

Предмет на овој труд е туристичката политика и законодавството за руралниот туризам во Македонија, гледано низ призмата на стратегиите за развој на туризмот и законодавството за туризам. Трудот дава основни податоци за руралниот туризам во Македонија како што се: историскиот развој, регионалната дистрибуција на руралниот туризам, сместувачките капацитети, бројот на туристи, активностите на руралниот туризам, промоцијата, законот за туризам, фондовите на Европската унија и постоењето на владини иницијативи за рурален развој. развој на туризмот. Табелите што ги прикажуваат владините тела одговорни за туризмот, националните стратегии за развој на туризмот како и законодавството поврзано со туризмот се користат за да се подготви основен профил на руралниот туризам во земјата. За целите на овој труд користиме методологија на истражување и секундарни извори на

податоци преку консултација со релевантна литература, официјални стратегии за развој на туризмот и закони. Направена е анализа и преглед на стратегиите и законите за туризам, врз основа на систематска евалуација на нивната реална содржина користејќи го методот на анализа на содржината. Заклучните забелешки на трудот се однесуваат на структурата, минатите прашања и идните предизвици на руралниот туризам во Македонија.

**39. Metodijeski, Dejan** and Taskov, Nako and Filiposki, Oliver and Mitreva, Elizabeta (2018) *Perspectives For Development of Cultural Tourism in Kokino*. Giving gift to God: evidences of votive offerings in the sanctuaries, temples and churches: proceedings of the 1 st & 2nd International archaeological conference "Kokino", held in Skopje & Kumanovo, 2016-2017. pp. 237-244. ISBN 978-608-4792-10-9

Целта на овој труд е да ги претстави потенцијалите на локалитетот Кокино како атракција и генератор на посети од страна на туристите. Трудот ја испитува постојната литература поврзана со развојот на културниот туризам во областа на античките опсерватории и нивното управување за туристички цели. Во трудот беа искористени секундарни податоци од релевантни извори за да се направи модел за развој на туризмот. На крајот од трудот се дадени препораки за насоките по кои треба да се движи локалитетот Кокино во можноста за привлекување странски и домашни туристи.

**40. Metodijeski, Dejan** and Golakov, Kostadin (2017) *Македонија како потенцијална дестинација за руските туристи*. Зборник на трудови од Втора меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование ФИЛКО, 10-12 мај 2017, Воронеж, Русија. pp. 383-391. ISBN 978-608-244-469-7

Меѓународниот туризам и патувањата во светски рамки бележат константен пораст во последните неколку декади. Современите тенденции во туризмот укажуваат на потребата од посета на нови дестинации и промена на традиционалните места за одмор. За успешни истражувања во меѓународниот туризам, потребно е собирање на конкретни информации за пазарот кој се истражува. Целта на овој труд е да бидат презентирани потенцијалите на Република Македонија како дестинација за руските туристи. Во трудот е консултирана постоечката литература поврзана со профилирањето на руските туристи и условите кои одат во прилог на развој на туризмот меѓу Русија и Македонија. Користени се секундарни извори на податоци од релевантни извори како би се направил профил на руските туристи. На крајот од трудот се дадени препораки за насоките во кои треба да се движи земјата во можноста за привлекување на руските туристи.

**41. Metodijeski, Dejan** and Andreeva, Jasmina (2017) *Изучување на туристичкото право на високо образовните институции во Македонија и Бугарија*. Годишен зборник на Правен факултет, 7. ISSN 1857-7229

Предмет на овој труд е изучувањето на туристичкото право на високо образовните институции во Македонија и Бугарија. Критериуми кои се користени при изборот на овие две земји се членство во Европската Унија и морската границата на Бугарија од една страна и континентална територија и кандидатурата за влез во Европската унија на Македонија од друга страна. Во трудот се дадени основни податоци за двете земји, како што се: население, број на меѓународни туристи, закони за туризам и др. Табеларно прикажаните универзитети каде што има факултети за туризам, студиски програми и предмети од областа на правото, се користени за да се направи компаративна анализа на изучување на туристичкото право на факултетите за туризам во двете земји. За потребите на трудот, употребена е методологија на истражување и секундарни извори на податоци преку консултирање на официјалните веб страни на универзитетите во двете земји каде се изучува насоката туризам. Направена е анализа и преглед на студиските програми каде се изучува туризмот и предметните програми од областа на правото, врз основа на систематска евалуација на нивната актуелна содржина. Заклучните согледувања се однесуваат на структурата, разликите и сличностите при изучувањето на туристичкото право на високообразовните институции во Македонија и Бугарија.

**42. Metodijeski, Dejan** and Andreeva, Jasmina and Conevska, Biljana (2017) *Сравнителен анализ на туристическото право и политика в Македония и България*. Proceedings of the Jubilee International Scientific Conference "Bulgaria of Regions". pp. 356-365. ISSN 978-619-203-207-4

Предмет на овој труд е туристичкото право и политика презентирани низ призмата на законите за туризам во Македонија и Бугарија. Критериуми кои се користени при изборот на овие две земји се членство во Европската Унија и морската границата на Бугарија од една страна и континентална територија и кандидатурата за влез во Европската унија на Македонија од друга страна. Во трудот се дадени основни податоци за двете земји, како што се: население, број на меѓународни туристи, закони за туризам и постоењето на Национална туристичка организација. Табеларно прикажаните владините тела одговорни за туризмот, националните стратегии за развој на туризмот, како и легислативата поврзана со туризмот, се користени за да се направи компаративна анализа на двете земји. За потребите на трудот, употребена е методологија на истражување и секундарни извори на податоци преку консултирање на официјалните закони за туризам во двете земји. Направена е анализа и преглед на законите за туризам, врз основа на систематска евалуација на нивната актуелна содржина. Заклучните согледувања се однесуваат на структурата, разликите и сличностите на законите за туризам и како законодавството ги одредува перспективите и правците за развој на туризмот во Македонија и Бугарија.

**43.** Filiposki, Oliver and **Metodijeski, Dejan** and Taskov, Nako and Mitreva, Elizabeta (2017) *Gastronomic tourism is much more than gastronomy: the case of the Republic of Macedonia*. Proceedings of the 3rd International Scientific and Professional Conference The Challenges of Today: „Sustainable coastal and maritime tourism“, Sibenik, Croatia. pp. 296-303. ISSN 1846-6656

Овој труд се темели на компаративни заклучоци од повеќе истражувања за потребите на туристот, традиционалните јадења во одредени региони и препознатливите производи, предмети, традиции и настани во Република Македонија. Богатството на традицијата, природата, поволните услови и разни гурмански производи и навики се богатство на целиот Балкан. Акцентот на храната подготвена во одделни региони, начинот на готвење, начинот на консумирање е вистинско неоткриено богатство на допир, слух, вид, мирис и вкус. Република Македонија, како континентална земја која нема море, има „море“ на можности за развој на гастрономскиот туризам, што е соединение на традицијата, вкусната храна, можност за вработување, одржлив развој и континуирано задоволство на посетителите.

**44. Metodijeski, Dejan** and Taskov, Nako and Mitreva, Elizabeta and Filiposki, Oliver and Andreeva, Jasmina (2017) *Tourism legislation and policy: Review of tourism law in selected Balkan countries*. Book of Proceedings 22nd International Scientific Conference on Economic and Social Development – "The Legal Challenges of Modern World", Split, Croatia. pp. 368-375. ISSN 1849-7535

Предмет на овој труд е компаративна анализа во однос на законодавството за туризам на избрани балкански земји, што се гледа низ призмата на законот за туризам во Македонија, Хрватска, Србија и Бугарија. Трудот дава основни податоци за избраните балкански земји како: карактеристики на територијата, населението, бројот на меѓународни туристи, законот за туризам и постоење на национална туристичка организација. Завршните забелешки на трудот се однесуваат на структурата, разликите и сличностите на законите за туризам, но и применетото законодавството кое ги одредува начините и насоките за развој на туризмот во земјите од Балканот.

**45.** Dimitrov, Nikola and **Metodijeski, Dejan** (2017) *Tourist valorization of urban tourism: The case of regional centres in Republic of Macedonia*. Book of Proceedings, 3rd Internatonal scientific confernce Geobalcanica. pp. 231-238. ISSN 1857-7636

Главната цел на овој труд е да биде направена туристичка валоризација на урбаниот туризам во Република Македонија. Туристичката валоризација на регионалните центри во Република Македонија е направена на следните осум града: Скопје, Штип, Куманово, Битола, Тетово, Струмица, Велес и Охрид. Изборот на градовите за изработка на туристичка валоризација не е случаен, фактот што истите се центри на регионите во кои припаѓаат, е валидна претпоставка дека се лидери во овие региони од културен, економски и туристички аспект. Туристичката валоризација е направена според две основи (потенцијал и инфраструктура) и четири параметри (природен и антропоген потенцијал, техничка и туристичка инфраструктура).

**46. Metodijeski, Dejan** and Dzeladin, Erdoan and Saneva, Dusica (2017) *Меѓународните саеми како фактор за развој на бизнисот и туризмот*. Зборник на трудови од втората меѓународна научно-стручна конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката", 27 May 2017, Stip, Macedonia. ISBN 978-608-244-444-4

Саемите за туризам кои постојат последните шеесетина години се манифестации кои им овозможуваат на приватните компании да ги изложат своите производи или услуги и да остварат директен контакт со своите потенцијални клиенти. Саемското претставување станува достапно и за помалите претпријатија кои имаат интерес за промоција и маркетинг. Целта на овој труд е да биде направен преглед на позначајните саеми за туризам. Методологијата која е користена при истражувањето е базирана на секундарни податоци и интернет извори. Во трудот се прикажани основните чекори во организацијата и спроведувањето на саемите. Заклучните согледувања се во контекст на придобивките од организација на вакви манифестации во однос на развој на бизнисот и меѓународниот туризам.

**47.** Micev, Georgi and **Metodijeski, Dejan** (2017) *Сомелиерство - стручна симбиоза меѓу кулинарскиот и винскиот туризам*. Зборник на трудови од втората меѓународна научно-стручна конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката", 27 May 2017, Stip, Macedonia. ISBN 978-608-244-444-4

Кулинарскиот туризам опфаќа широк спектар на активности кои се поврзани со храната. Од понуда на специфична и традиционална кујна, до организација на кулинарски натпревари и манифестации поврзани со храната, вклучување на туристите во набљудување или подготовка на јадењата и обука и друго. Винскиот туризам вклучува посета на винарии, дегустација и купување на вино, вински патишта, вински манифестации и др. Кулинарскиот и винскиот туризам во последните децении имаат голема перспектива за развој. Во овој труд се дадени примери од сомелиерството и стручни насоки како сомелиерството придонесува во симбиозата меѓу кулинарскиот и винскиот туризам.

**48. Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver (2017) *Ecomuseums as a Tool for Tourism Development*. 5th international conference Runaway world, liquid modernity and reshaping of cultural identities, heritage, economy, tourism and media, 17-19 Jan 2017, Ohrid, Macedonia. ISBN 978-608-65643-5-3

Главната цел на овој труд е презентација на материјал поврзан со екотуризмот и екомузеите како дел од туристичката понуда. Трудот преку практични примери го опфаќа историскиот развој на екомузеите, дефиницијата и видовите екомузеи, нивното управување и улога во зачувувањето на природното и културното наследство во одредени региони. Вниманието е посветено на организацијата на екомузеите и придобивките за локалната заедница. На крајот од трудот се дадени заклучни согледувања и препораки за локации за потенцијален развој на екомузеи во Република Македонија.

**Монографија или научна книга**

**49. Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver and Dzambazovski, Kristijan and Todorovic, Emilija and Taleska, Milena and Dimovski, Cedomir and Cuculeski, Nikola and Micevski, Mladen (2022) *Давање услуги на туристи во приватни сместувачки капацитети*. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-13-9

Книгата „Давање услуги на туристи во приватни сместувачки капацитети" е наменета за сите кои работат во секторот туризам и угостителството, за академската јавност, студентите, истражувачите, учениците, заинтересираните страни од приватниот, јавниот и невладиниот сектор кои директно или индиректно се поврзани со туризмот и приватното сместување. Книгата е изготвена со цел да се збогати постоечката литература поврзана со проблематиката на давање услуги на туристи во приватното сместување. Материјалот може да се користи и за потребите на неформалното образование, за верифицирана посебна програма – Оператор за приватно сместување.

**50. Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver and Todorovic, Emilija and Taleska, Milena and Dzambazovski, Kristijan and Cuculeski, Nikola (2022) *Деловен туризам*. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-14-6

Книгата „Деловен туризам" е наменета за сите кои работат во секторот туризам и угостителството, за академската јавност, студентите, истражувачите, учениците, заинтересираните страни од приватниот, јавниот и невладиниот сектор кои директно или индиректно се поврзани со деловниот туризам. Книгата е изготвена со цел да се збогати постоечката литература поврзана со синергијата на деловните патувања и туризмот.

**51. Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver and Todorovic, Emilija and Taleska, Milena and Dzambazovski, Kristijan and Cuculeski, Nikola and Dimovski, Cedomir and Micevski, Mladen (2022) *Современи трендови во туризмот и одржливиот развој*. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-12-2

Книгата „Современи трендови во туризмот и одржливиот развој" е наменета за сите кои работат во секторот туризам и угостителството, за академската јавност, студентите, истражувачите, учениците, заинтересираните страни од приватниот, јавниот и невладиниот сектор кои директно или индиректно се поврзани со туризмот. Книгата е изготвена со цел да се збогати постоечката литература поврзана со проблематиката на современите трендови и тенденции во туризмот и угостителството и одржливиот развој. Материјалот во книгата е поделен во две основни поглавја.

**52. Metodijeski, Dejan** and Andreeva, Jasmina and Filiposki, Oliver and Dzambazovski, Kristijan and Taleska, Milena and Todorovic, Emilija (2022) *Туристичко право и политика во Бугарија и Северна Македонија*. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-15-3

Книгата „Туристичко право и политика во Бугарија и Северна Македонија" е наменета за сите кои работат во секторот туризам и угостителството, за академската јавност, студентите, истражувачите, учениците, заинтересираните страни од приватниот, јавниот и невладиниот сектор кои директно или индиректно се поврзани со туристичкиот бизнис во двете земји. Книгата е изготвена со цел да се збогати постоечката литература поврзана со проблематиката на туристичкото право и туристичката политика во Бугарија и Северна Македонија.

**53. Metodijeski, Dejan** and Grozdanovski, Goran and Filiposki, Oliver and Gjorgieva, Ivana and Nacov, Aleksandar and Trajcevska, Renata and Stevanovik, Petar and Djingarska, Marija (2021) *Користење на остатоци и отпадоци од храна во готварството*. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-08-5

Книгата „Користење на остатоци и отпадоци од храна во готварството" е наменета за сите кои работат во секторот угостителство и туризам, за академската јавност, студентите, учениците, истражувачите, заинтересираните страни од приватниот, јавниот и невладиниот сектор кои директно или индиректно се поврзани со подготовката на храна. Книгата е изготвена со цел да се збогати постоечката литература поврзана со проблематиката на правилно користење на остатоци и отпадоци од храна во домашното и професионалното готвење.

**54. Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver and Keskinova, Angelka and Dzambazovski, Kristijan and Taleska, Milena and Todorovic, Emilija and Dimovski, Cedomir and Micevski, Mladen and Mitreva, Elizabeta (2021) *Пристапност во туризмот: патувања на лицата со попреченост*. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-09-2

Книгата „Пристапност во туризмот: патувања на лицата со попреченост" е наменета за сите кои работат во секторот угостителство и туризам, за академската јавност, студентите, учениците, истражувачите, заинтересираните страни од приватниот, јавниот и невладиниот сектор кои директно или индиректно се поврзани со организацијата на туристички активности. Книгата е изготвена со цел да се збогати постоечката литература поврзана со проблематиката на пристапноста во туризмот од аспект на лицата со попреченост.

**55. Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver and Gjorgieva, Ivana and Nacov, Aleksandar (2021) *Регионални карактеристики на светската гастрономија*. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-10-8

Книгата „Регионални карактеристики на светската гастрономија" е наменета за сите кои работат во секторот угостителство и туризам, објектите за храна и пијалаци, за академската јавност, студентите, учениците, истражувачите, заинтересираните страни од приватниот, јавниот и невладиниот сектор кои директно или индиректно се поврзани со гастрономијата. Книгата е изготвена со цел да се збогати постоечката литература поврзана со интернационалните кујни и светската гастрономија.

**56. Metodijeski, Dejan** and Taskov, Nako and Arminovska, Limonka and Antonievski, Goran and Filiposki, Oliver and Sazdova, Julijana and Golakov, Kostadin and Belcev, Tole (2020) *Гастрономски речник*. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-06-1

Во гастрономијата се користи стручна терминологија и зборови кои потекнуваат од различни говорни подрачја. Основната цел на овој речник е да обезбеди правилно толкување на зборовите, поимите и термините, кои се среќаваат и користат во угостителството. Областите кои се опфатени во речникот вклучуваат: опрема и инвентар за подготовка и послужување на храна и пијалаци, различни видови кујни, карактеристични јадења, намирници кои се користат во готварството и исхраната, познати личности поврзани со гастрономијата, техники на подготовка на јадења и останати аспекти на гастрономијата.

**57. Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver and Micevski, Mladen and Todorovic, Emilija and Taleska, Milena and Dzambazovski, Kristijan and Dimovski, Cedomir (2020) *Управување со проекти во туризмот*. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-07-8

Книгата „Управување со проекти во туризмот“ е наменета за сите кои работат во секторот туризам и угостителството, за академската јавност, студентите, истражувачите, заинтересираните страни од приватниот, јавниот и невладиниот сектор кои директно или индиректно се поврзани со учество во проектни активности од областа на туризмот. Книгата е изготвена со цел да се збогати постоечката литература поврзана со проблематиката на проектниот менаџмент од аспект на туризмот и угостителството.

**58.** Filiposki, Oliver and **Metodijeski, Dejan** and Micevski, Mladen and Dimovski, Cedomir and Dzambazovski, Kristijan and Taleska, Milena and Todorovic, Emilija (2019) *Менаџмент на настани: аспекти на туризмот и угостителството*. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-04-7

Книгата „Менаџмент на настани: аспекти на туризмот и угостителството“ е наменета за сите кои работат во секторот поврзан со организирањето на настани, угостителството и туризмот, за академската јавност, студентите, истражувачите, заинтересираните страни од приватниот, јавниот и невладиниот сектор кои директно или индиректно се поврзани со организацијата на настани и туризмот. Книгата е изготвена со цел да се збогати постоечката литература поврзана со проблематиката на менаџментот на настани од аспект на угостителството и туризмот.

**59. Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver and Nacov, Aleksandar and Georgieva, Ivana (2019) *Регионални карактеристики на македонската гастрономија*. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-05-4

Оваа книга, насловена како „Регионални карактеристики на македонската гастрономија“ е наменета за оние кои работат во туризмот и угостителството, за академската заедница, ученици и студенти, истражувачи, како и сите заинтересирани страни од приватниот, јавниот и невладиниот сектор кои директно или индиректно се поврзани со гастрономијата и туризмот. Книгата е изготвена со цел да се збогати постоечката литература поврзана со проблематиката на гастрономијата и туризмот во нашата земја, како и популаризација на регионалната гастрономска понуда.

**60.** Todorovic, Emilija and **Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver and Taleska, Milena and Dzambazovski, Kristijan and Golakov, Kostadin (2019) *Туристички речник за Скопскиот регион*. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-03-0

Основната цел на овој речник е да обезбеди правилно толкување на поимите и термините, кои се среќаваат во Скопскиот регион и може да помогнат на посетителите и туристите при реализирањето на престојот, одморот или туристичкото патување во овој регион. Областите кои се опфатени во речникот вклучуваат: географски поими, населени места, општини, природни вредности, објекти од културно наследство, религиозни објекти, хотели и угостителски објекти, туристички агенции, транспортни центри, шопинг центри, државни институции, здруженија и други чинители поврзани со туризмот во Скопскиот регион. Исто така, речникот содржи и термини поврзани со храна и пијалаци, гастрономија, објекти за спорт и рекреација, користење на слободното време итн.

**61. Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver and Taskov, Nako and Mitreva, Elizabeta (2018) *Менаџмент на мени во ресторанското работење*. Гера Ком Плус. ISBN 978-608-66178-1-3

Книгата „Менаџмент на мени во ресторанското работење" е наменета за сите кои работат во угостителски објекти за подготовка и послужување на храна и пијалаци, туристичкиот сектор, за академската јавност, студентите, истражувачите, заинтересирани страни од приватниот, јавниот и невладиниот сектор кои директно или индиректно се поврзани со ресторанското работење. Книгата е изготвена со цел да се збогати постоечката литература поврзана со проблематиката на организацијата и планирањето на менијата во ресторанското работење. Книгата има цел да придонесе за подобрување на познавањата на менаџирањето на менијата во најголем дел за главните готвачи и менаџерите на рестораните, но исто така и за услужниот персонал во угостителските објекти. Во изработката на книгата користени се соодветна стручна и релевантна литература и интернет извори. Книгата е изработена во шест глави.

**62. Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver and Taskov, Nako and Mitreva, Elizabeta (2018) *Менаџмент со кетеринг операции во хотелскиот и ресторанскиот бизнис*. Гера Ком Плус. ISBN 978-608-66178-0-6

Книгата „Менаџмент со кетеринг операции во хотелскиот и ресторанскиот бизнис" е наменета за сите кои работат во угостителски објекти за подготовка и послужување на храна и пијалаци, кетеринг компании, туристичкиот сектор, за академската јавност, студентите, истражувачите, заинтересирани страни од приватниот, јавниот и невладиниот сектор, транспортните компании кои директно или индиректно се поврзани со кетерингот. Книгата е изготвена со цел да се збогати постоечката литература поврзана со проблематиката на менаџирањето со кетеринг операции во хотелскиот и ресторанскиот бизнис. Книгата има цел да придонесе за подобрување на познавањата на кетеринг менаџментот во најголем дел за организаторите на кетеринг настани, но исто така и за персоналот кој ја подготвува храната и пијалаците, како и услужниот персонал кој зема учество во овие настани.

**63.** Dimitrov, Nikola and Taskov, Nako and Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and Petrevska, Biljana and **Metodijeski, Dejan** (2018*) Книга 1 - Прирачник за полагање стручен испит за туристички водич*. Факултет за туризам и бизнис логистика, за Едиција „Тур ретур" . ISBN 978-608-244-486-4

Во оваа книга се поместени материјали кои на корисниците ќе им овозможи полесно да го совладаат градивото за полагање на стручен испит за туристички водич и тоа за содржините од наставните предмети: основи на туризам, туристичка географија, хотелиерство и патнички агенции, културно наследство, комуникативно пропагандна дејност и култура на однесување.

**64.** Dimitrov, Nikola and Taskov, Nako and Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and Petrevska, Biljana and **Metodijeski, Dejan** (2018) *Книга 2 - Прирачник за полагање стручен испит за туристички придружник*. Факултет за туризам и бизнис логистика, за Едиција „Тур ретур" . ISBN 978-608-244-487-1

Книгата содржи материјали кои на корисниците ќе им овозможи полесно да го совладаат градивото за полагање на стручен испит за туристички придружник и тоа за содржините од наставните предмети: туристичка географија, царинско работење, хотелиерство и патнички агенции, економика во сообраќајот, комуникативно пропагандна дејност и култура на однесување.

**65.** Dimitrov, Nikola and Taskov, Nako and Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and Petrevska, Biljana and **Metodijeski, Dejan** (2018) *Книга 3 - Прирачник за полагање стручен испит за раководење со туристичка агенција*. Факултет за туризам и бизнис логистика, за Едиција „Тур ретур" . ISBN 978-606-244-488-8

Во книгата се опфатени материјали кои на корисниците ќе им овозможи полесно да го совладаат градивото за полагање на стручен испит за раководење со туристичка агенција и тоа за содржините од наставните предмети: туристичка географија, менаџмент и маркетинг во туризмот, хотелиерство и патнички агенции, економика во сообраќајот, комуникативно пропагандна дејност и царинско работење.

**66. Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver and Cuculeski, Nikola and Taskov, Nako and Micev, Georgi and Dimovski, Cedomir and Todorovic, Emilija (2018) *Гастрономски туризам – современи светски тенденции и перспективи за развој во Македонија*. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-00-9

Книгата „Гастрономски туризам – современи светски тенденции и перспективи за развој во Македонија“ е наменета за сите кои работат во угостителството и туризмот, за академската јавност, студентите, истражувачите, заинтересираните страни од приватниот, јавниот и невладиниот сектор кои директно или индиректно се поврзани со гастрономијата и туризмот. Книгата е изготвена со цел да се збогати постоечката литература поврзана со проблематиката на гастрономијата и туризмот.

**67. Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver and Cuculeski, Nikola and Taskov, Nako and Micev, Georgi and Dimovski, Cedomir and Todorovic, Emilija (2018) *Туристичко водење: специфики на алтернативните форми на туризам*. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-01-6

Оваа книга, насловена како „Туристичко водење: специфики на алтернативните форми на туризам“ е наменета за сите кои работат во туристичкиот сектор, за академската јавност, учениците, студентите, истражувачите, заинтересираните страни од приватниот, јавниот и невладиниот сектор кои директно или индиректно се поврзани со туристичкото водење. Книгата е изготвена со цел да се збогати постоечката литература поврзана со проблематиката на туризмот од аспект на туристичките водичи.

**68. Metodijeski, Dejan** and Ackovska, Marija and Petroska Angelovska, Neda and Filiposki, Oliver (2017) *Екотуризам*. Longurov. ISBN 978-608-66037-1-7

Книгата „Екотуризам“ е наменета за сите кои работат во туристичкиот сектор, за академската јавност, студентите, истражувачите, заинтересираните страни од приватниот, јавниот и невладиниот сектор кои директно или индиректно се поврзани со екотуризмот. Книгата е изготвена со цел да се збогати постоечката литература поврзана со проблематиката на екотуризмот.

**69.** Ackovska, Marija and Petroska Angelovska, Neda and **Metodijeski, Dejan** and Filiposki, Oliver (2017) *Економика и организација на угостителството*. Longurov. ISBN 978-608-66037-0-0

Оваа книга е изработена со цел лицата кои директно или индиректно се инволвирани во угостителство да се запознаат со угостителството како основна дејност на туризмот, видовите на сместувачки објекти кај нас и во светот, основната организација на претпријатијата, работните места и работните задачи. За таа цел внимателно се подготвени и претставени сите делови од текстовите чијашто содржина е соодветна на потребата од концизна и целосна слика за економика и организација на угостителството.

**70.** Dimitrov, Nikola and **Metodijeski, Dejan** and Ristova, Cvetanka (2018) *10 години Факултет за туризам и бизнис логистика (фотомонографија)*. Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. ISBN 978-608-244-582-3

Во оваа монографија преку текст збогатен со околу триста фотографии се прикажани најважните настани и активности што ги реализирале вработените и студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика во периодот од 2008/2018 година.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Дејан Методијески зема активно учество во планирањето, утврдувањето и развојот на високообразовната дејност на Факултетот за туризам и бизнис логистика. При извршување на функцијата продекан за настава (2017-2019) во континуитет презема мерки за унапредување на квалитетот на образованието и заштита на стандардот на студентите и вработените. Како одговорно лице за Наставниот центар во Скопје придонесува за подобрување на условите за студентите, наставниот, административниот и техничкиот кадар. Во временскиот период на извршување на работните задачи како продекан, д-р Дејан Методијески учествува во: изработката на информатори за наставните програми; промотивни кампањи за Факултетот за туризам и бизнис логистика; презентација на саемите за образование и посета на средни училишта; меѓународна соработка и потпишување на договори со универзитети од странство преку програмата Еразмус за студентска и академска мобилност; организација на крводарителски акции во Наставниот центар Скопје; иницирање и реализација на меморандуми за соработка со различни институции; иницирање и реализирање на договори за пракса со разни стопански, јавни и невладини организации; изработка на Елаборати за акредитација на прв, втор и трет циклус на студии.

Кандидатот во изминатиот период константно го збогатува наставниот процес преку организација на повеќе активности во насока на покана на гости предавачи и спроведување на теренска настава за студентите во земјата и странство поврзана со наставата. Од поважните активности ги издвојуваме следните: посета на Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот; посета на Катлановска бања; посета на хотел Мериот; посета на меѓународен саем за туризам во Белград (Србија); посета на Департманот за туризам во Солун (Грција) и други активности кои произлегуваат од потребите на наставните програми. Кандидатот својата посветеност кон работата ја изразува и преку придружување и менторирање на студентите на меѓународни конференции, конгреси и натпревари, а како позначајни ќе ги одделиме: Освоени награди на Меѓународниот гастро-туристички форум во Ниш, Србија, 2018 година; Учество на Националниот кулинарски куп на Бугарија во Пловдив 2018 година; Освоени награди на Меѓународен кулинарски фестивал „Бисер мора“ во Брач, Хрватска во 2017 година; Учество на меѓународен гастрономски натпревар Гастромак и освоени награди и медали во Охрид во 2019 година; Освоени признанија на Туризмијада во Будва (Црна Гора).

Д-р Дејан Методијески активно учествува во организација на студентски натпревари: член е на комисија за гастрономски натпревари и ресторанско работење „Cook & Serve“, во организација на студентите и Факултетот за туризам и бизнис логистика во Тренинг центарот Плачковица и Штип; судија на гастрономски натпревар „Вкуси ја Гази Баба“; како и член на комисија за натпревар на Најдобри бизнис идеи за туризам креирани од студенти, организирано од страна на Министерство за економија. Вонреден професор д-р Дејан Методијески, исто така е ментор за практична настава на студиската програма на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, при што константно учествува во подобрување на условите на практикантите, контрола на практичната настава, изработка на распореди и распределби за практиканти, комуникација со компании за извршување на практична работа.

Кандидатот е член на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика; како продекан бил член на комисија за разгледување на барања и молби од студенти; член на Комисија за проверка на документација за втор циклус студии; претседател на дисциплинска комисија; член на комисија за упис на студенти на прв циклус на студии.

Кандидатот зел учество во обуките кои се спроведуваат од страна на Факултетот за туризам и бизнис логистика кои се наменети за стекнување знаења и добивање на сертификат за туристички водич, туристички придружник и раководител на туристичка агенција.

Кандидатот д-р Дејан Методијески, исто така зема активно учество во организација на домашни и меѓународни конференции преку членство во програмски и организациски одбори како:

**71.** Член е на програмскиот одбор на меѓународната научна и стручна конференција „Current trends and prospects of international tourism“, во 2021 година.

**72.** Член е на програмскиот одбор на меѓународната научна и стручна конференција „The Challenges of Today“, Шибеник, Хрватска во 2021 година.

**73.** Член е на програмскиот одбор на меѓународната научна и стручна конференција „Bulgaria of regions“, Пловдив, Бугарија во 2018 година.

**74.** Член е на програмскиот одбор на меѓународната научна конференција со теми од туризмот, културното наследство и информатичките технологии – „Охрид, Водици“, во периодот 2017-2022 година.

**75.** Член е на програмскиот и на организациски одбор на научно-стручната конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката“, во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика, како и уредник на зборникот со трудови од конференцијата од 2017 година.

**76.** Член е на програмскиот и на организациски одбор на Втора меѓународна конференција и работилница за студенти на туризам и угостителство од 2017 година во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

**77.** Кандидатот е рецензент на два научни труда за научно списание Turizam – University of Novi Sad, во 2021 година.

**78.** Член на организациски одбор на Меѓународен гастрономски фестивал „Cook & Serve“ во 2019 година.

Кандидатот е член на повеќе владини и невладини тела, работни групи и работилници, од кои ги спомenuваме следните: бил член на Советот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија; член на Здружението на туристички водичи и придружници на Македонија; член на Туристичката комора на Македонија; член на Балканската асоцијација за алтернативен туризам - Балканија; член на Работна група за изработка на стратегија за развој на туризмот на општина Кратово; член на Работна група за изработка на стратегија за развој на туризмот на општина Виница; член на Работна група за изработка на стратегија за развој на туризмот на општина Студеничани; член на Работна група за изработка на стратегија за развој на туризмот на општина Демир Капија; Соработник во стручни тимови при Центар за стручно образование и обука – Скопје (Угостителско-туристичка струка); член на Комисија за категоризација на национален ресторан меана (Министерство за економија); член на Работна група за изработка на Студија за вински и спа туризам во Република Северна Македонија - Министерство за економија; член на Работна група за изработка на Студија за неискористени објекти за туризам во Република Северна Македонија - Министерство за економија; член на работна група за изработка на Студија за ефектите врз приватниот сектор - туризам и угостителство погоден од здравствено-економската криза предизвикана од пандемијата COVID-19, со препораки за справување со економските ефекти – УСАИД; модератор на панел дискусија за одржлив туризам на 4-та туристичка берза на НАИТАМ со меѓународно учество; членство во Бизнис клубот на Општина Гази Баба; Судија на меѓународни гастрономски натпревари Гастромак во 2018 и 2019 година.

Вонреден професор д-р Дејан Методијески во периодот 2017-2022 година е добитник на повеќе признанија, награди и сертификати (41 на број) за организација и учество на конференции, трибини, работилници, обуки, гастрономски натпревари и др., како: Сертификат за рецензент на трудови на меѓународно списание Туризам – Нови Сад, Србија (2021); Сертификат за учество на International scientific and practical conference Current trends and prospects of international tourism (2021); Сертификат за учество на конференција Global trends and threats related with identities, cultural heritage, environment, creative communities, tourism and sustainable local/regional development (2021); Сертификат за учество во проект „Zéro Gaspillage – pour une production et une consommation responsables en ECO“ – AUF (2020); Благодарница за учество на Меѓународен гастрономски фестивал „Cook & Serve“ – судија (2019); Благодарница за соработка од Светска асоцијација на мастер шефови (2019); Сертификат Еразмус за учество на обуки во Билбао, Шпанија (2019); Признание од општина Демир Капија за учество на едукативна трибина „Лозарството и агротуризмот“ (2019); Диплома за ментор на меѓународен гастрономски натпревар, Ниш, Србија (2019); Сертификат за учество на меѓународна конференција во Пеќ, Косово (2019); Диплома за судија на меѓународен гастрономски натпревар Гастромак (2019); Благодарница од општина Неготино за учество на научна конференција „Св.Трифун и виното – обичаи, верување, ритуали“ (2019); Сертификат за публикуван труд во Knowledge International journal (2018); Диплома за ментор на студенти на II Конференција на Балканска алијанса на хотелски асоцијации (2018); Сертификат за учество на Меѓународна конференција за туризам во Белград, Србија (2018); Сертификат за публикуван труд во International Journal of Humanities and Social Science Invention (2018); Благодарница од НАИТАМ за поддршка на туристичка берза и учество во конференција (2018); Сертификат за учество на меѓународна конференција „Охрид - Водици“ (2018); Сертификат за учество на меѓународна конференција во Пеќ, Косово (2018); Благодарница за учество на Меѓународен гастрономски фестивал „Cook & Serve“ – судија (2018); Сертификат Еразмус за учество на обуки во Шибеник, Хрватска (2018); Сертификат за учество на меѓународна конференција во Шумен, Бугарија (2018); Благодарница за одржано предавање на меѓународна конференција во Шибеник, Хрватска (2018); Признание од општина Демир Капија за ментор и учество на натпревар за најдобра традиционална трпеза (2018); Сертификат за учество на национален кулинарски куп во Пловдив, Бугарија (2018); Сертификат за учество на меѓународна конференција во Пловдив, Бугарија (2018);

Сертификат Еразмус за учество на обуки во Софија, Бугарија (2018); Сертификат за учество на меѓународна конференција „Охрид - Водици“ (2018); Диплома за ментор на 12-ти Меѓународен кулинарски фестивал „Бисер мора“ – Брач, Хрватска (2017); Сертификат за учество на меѓународна конференција „Охрид - Водици“ (2017); Сертификат за учество на меѓународна конференција во Пловдив, Бугарија (2017); Сертификат за учество на меѓународна конференција во Лисабон, Португалија (2017); Сертификат за учество на меѓународна конференција во Вороњеж, Русија (2017); Сертификат за учество на меѓународна конференција во Шибеник, Хрватска (2017); Благодарница за учество на гастрономски настан „Вкуси ја Гази Баба“ (2017); Благодарница за одржано предавање на меѓународна конференција во Скопје (2017); Сертификат Еразмус за учество на обуки во Охрид (2017); Сертификат за учество во научно-стручна конференција Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Штип (2017); Сертификат за учество на меѓународна конференција во Врњачка Бања, Србија (2017); Благодарница за учество во комисија за оценка на натпреварувачи во гастрономски натпревар, Штип (2017); Сертификат Еразмус за учество на обуки во Солун, Грција (2017).

Од горенаведеното може да се забележи дека кандидатот д-р Дејан Методијески покажува богата активност во повеќе сфери на наставно-научната дејност, научноистражувачката и апликативно-раководната активност. Земајќи го предвид широкиот дијапазон на неговиот интерес и неговата активност како вонреден професор, истражувач и научник, неспорен е впечатокот за исклучителноста на неговиот интелектуален капацитет и придонесот во науката.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и врз основа на Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Дејан Методијески го има надминато минимумот од 100 поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност (НО=40), научноистражувачката дејност (НИ=45) и стручно-апликативната и организациско-развојна дејност (САОР=15) за избор во редовен професор.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупнниот свој досегашен ангажман, д-р Дејан Методијески има извонреден придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика кандидатот вонреден професор **д-р Дејан Методијески** да биде избран во звање **редовен професор** во наставно-научната област **туристичка политика и хотелиерство** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Науме Мариноски, редовен професор во пензија,**
**Универзитет „Св.Климент Охридски“ – Битола,**
**Факултет за туризам и угостителство - Охрид, претседател, с.р.**
**Д-р Милена Талеска, редовен професор,**
**Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје,**
**Природно-математички факултет, Институт за географија, член, с.р.**
**Д-р Нако Ташков, редовен професор во пензија,**
**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за туризам и**
**бизнис логистика - Гевгелија, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ Д-Р ДЕЈАН МЕТОДИЈЕСКИ (2017-2022)**

| Р.бр. | **Наставно-образовна дејност** | Поени |
|---|---|---|
| 5. | Избран во звање вонреден професор | 40 |
| | **ВКУПНО** | **40** |

| Р. бр. | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Монографија или научна книга во земјата (Реф.49, 50, 51, 52, 53, 54, 55, 57, 58, 59, 61, 62, 66, 67, 68, 69, 70) | 17 | 10 | / | / | 170 |
| 3. | Научен труд објавен во списание со ИФ (Реф. 15) | 1x5 | | | | 5 |
| 4. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, Реф.16, 18, 20, 21, 25) (втор автор, Реф. 23, 24) (останати автори, Реф. 17, 19, 22) | 5x9<br>2x6<br>3x3 | | | | 66 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (во земјата Реф. 26, 27, 28, 29, 30, 33, 35, 39, 41, 45, 46, 47, 49), (во странство Реф. 31, 32, 34, 36, 37, 38, 40, 42, 43, 44) | 10 | 2 | 13 | 3 | 59 |
| 14. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) (Реф. 8, 9, 10) | / | / | 3 | 3 | 9 |
| 17. | Уредник на зборник на трудови (Реф. 75) | 1 | 2 | / | / | 2 |
| 20. | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал (во земјата Реф.71, 74, 75, 76, 78), (во странство Реф.72, 73) | 5 | 1 | 2 | 2 | 9 |
| 23. | Студиски престој во странство (Реф.14) | 8 | | | | 8 |
| 24. | Рецензент на научен труд (Реф.77) | / | / | 2 | 1 | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **330** |

| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Книга/учебник (Реф. 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 63, 64, 65) | 10 | 10 | / | / | 100 |
| 3. | Речник (Реф.56, 60) | 2 | 10 | / | / | 20 |
| 13. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) (Реф. 11, 12, 13) | / | / | 3 | 8 | 24 |
| 24. | Продекан | 8 | | | | 8 |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија | 5 | 2 | / | / | 10 |
| 30. | Класен раководител, согласно Кредит - трансфер системот - ЕКТС (за четири години) | 4 | | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **166** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **536** |

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊА НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГАСТРОНОМИЈА (51402) И РЕСТОРАНСКО РАБОТЕЊЕ (51419) НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2102-77/8 од 25.3.2022 година донесена на 263. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 25.3.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звања насловен доцент за наставно-научната област гастрономија (51402) и ресторанско работење (51419) на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- д-р Климент Наумов, доцент - претседател,
- д-р Дејан Методијески, вонреден професор – член и
- д-р Душица Попова, доцент – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 17.3.2022 година и во предвидениот рок се пријави д-р Јулијана Саздова.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Јулијана Саздова** е родена на 2.3.1981 година во Штип. Средно образование завршува во Гимназија „Славчо Стојменски“ во Штип. Дипломира во 2004 година на Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола, Факултет за туризам и угостителство, Охрид, каде што се стекнува со звање дипломиран менаџер по туризам и угостителство. Во 2005 година како вонреден ученик завршува во СОУ „Јосиф Јосифовски – Питу“ во Гевгелија во угостителско туристичка струка, насока келнер. Во 2016 година на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип – Факултет за туризам и бизнис логистика се стекнува со звање магистер по меѓународен туризам на тема „Ресторанската понуда преку разновидноста на карти за избор на услуги во угостителството”. Кандидатката во 2021 година на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип – Факултет за туризам и бизнис логистика се стекнува со звање доктор на науки по угостителство и туризам, каде што ја одбранила докторската дисертација со наслов „Анализа на квалитетот на ресторанската понуда во функција на развој на туризмот и угостителството“. Во текот на докторските студии кандидатката се стекнува со звање дипломиран менаџер по туризам на Универзитетот во Тетово при Економски факултет – Туризам.

Од 2004 год. до денес работи во Средно општинско училиште „Коле Нехтенин“, Штип како наставник од областа на угостителството и туризмот.

Во академските 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 г. кандидатката е ангажирана како стручњак од пракса на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, каде што успешно ги реализирала сите поставени задачи, покажувајќи солидни комуникациски вештини и способност за организирање и реализирање на оперативните задачи на факултетот.

Кандидатката во овој период активно учествува во бројни обуки, работилници и конференции со желба да го усоврши своето знаење и вештини. Истовремено, таа е автор и коавтор на повеќе научни и стручни трудови што упатува на нејзин интерес и желба за научноистражувачка работа.

Од приложената документација на кандидатката се гледа дека истата одлично го говори англискиот јазик и има компјутерски познавања од повеќе оперативни програми, како Windows и Microsoft Office.

**Општи услови за избор во насловно звања насловен доцент:**

1. Просечен успех: додипломски студии 8,10 и на постдипломски студии 8,85.

2. Научен степен: доктор на науки по угостителство и туризам. Докторската дисертација на тема „Анализа на квалитетот на ресторанската понуда во функција на развој на туризмот и угостителството“ е одбранета на 20.12.2021 година на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

3. Објавени најмалку четири научни трудови во референтна научна публикација во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Andronikov, Darko and Kuzelov, Aco and Benedik, Evgen and **Sazdova, Julijana** and Mojsov, Kiro and Janevski, Aco and Jordeva, Sanja and Golomeova Longurova, Saska | *CHEMICAL CHARASTERISTIC OF RABBIT HIBRIDS*. (2021) | JOURNAL OF AGRICULTURE AND PLANT SCIENCES, JAPS, Vol 19, No. 1, 2021, 19 (1). pp. 9-15. ISSN 2545-4447 | 4 |
| 2. | Mitreva, Elizabeta and **Sazdova, Julijana** and Gjorshevski, Hristijan | *Application of total management of quality in the Macedonian hotel industry*. (2019) | Quality - Access to Success, 20 (172). pp. 25-33. ISSN 1582-2559. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 1,2. SJR = 0.28. SNIP = 0,918. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)). | 20 |
| 3. | Andronikov, Darko and Kuzelov, Aco and **Sazdova, Julijana** and Mojsov, Kiro and Janevski, Aco and Jordeva, Sonja and Longurova, Saska | *Quantitative characteristics of rabbit hybrids*.(2019) | Journal of Agriculture and Plant Sciences, 17 (2). pp. 9-14. ISSN 2545-4447 | 2 |
| 4. | Mitreva, Elizabeta and **Sazdova, Julijana** and Gjorshevski, Hristijan | *Quality management system applications in the hotel industry in Macedonia*. (2019) | Quality - Access to Success, 20 (170). pp. 68-72. ISSN 1582-2559. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 1,2. SJR = 0.28, SNIP = 0,918. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)). | 20 |
| 5. | Mitreva, Elizabeta and **Sazdova, Julijana** and Gjorshevski, Hristijan | *Management with the Quality Control System in the Hotel Industry in Macedonia*. (2018) | Tem Journal, 7 (4). pp. 750-757. ISSN 2217-8309 (Print). (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 0,4. SJR = 0.15. SNIP 0.587. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)). | 20 |

5. Познавање од англиски јазик кое кандидатот го докажува со потврда за познавање на јазикот преку Институт за јазици при Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип;

6. Способност за изведување на високообразовна дејност: Д-р Јулијана Саздова е вработена во СОУ „Коле Нехтенин" – Штип од 2004 година. На Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип била ангажирана како стручњак од пракса.

**Посебни услови:**

1. Учество во научноистражувачки проекти, во изборниот период д-р Јулијана Саздова има учествувано како истражувач на Еразмус + проектот Shaping the future education in tourism (2016-2017);

2. Препораки од двајца професори од наставно-научните области за кои се бира кандидатот. Кандидатката има приложено препораки од професори.

3. Придонес во оспособувањето на помлади наставници: Д-р Саздова била ментор на приправник – студент во СОУ „Коле Нехтенин" – Штип.

4. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од септември 2004 г. кандидатката работи во СОУ „Коле Нехтенин" - Штип, како наставник во угостителска туристичка струка на повеќе предмети, и тоа: Основи на угостителство и туризам, Познавање на стоката, Храна и пијалаци, Угостителско послужување со практична настава, Угостителско послужување, Практична настава и Основи на послужување.

Кандидатката има активно учество на семинари и работилници каде што се здобила со сертификати за вештини и знаење од областите на: 2018 год. Сертификат за учество на обука на тема „Настава и учење во 21 век, создавање иновативни училишта: подготвување на учениците за 21 век", организирано од страна на БРО и Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење; 22.8.2017 год. Уверение за учество во Работилница за континуиран развој на наставниците на тема „Предавање, учење и оценување за модули" организирано од страна на Британски совет; 18.9.2017 год. потврда за присуство и активно учество на обука „Како да препознаеме ученик со посебни образовни потреби", која се реализирала во просториите на училиштето СОУ „Коле Нехтенин" - Штип; март 2016 год. Обука за меѓуетничка интеграција во образованието, на училишно ниво (дисеминација) во рамки на Проектот на УСАИД, Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и наука; од јануари 2013 год. до мај 2013 год. во рамките на партнерската соработка меѓу ЦСОО Скопје и ЦСОО Љубљана, Твининг проект (MK/2007/IB/SO/03) – Поддршка на модернизацијата на системот на образование и обука; јануари 2013 год. Современи методи во наставата, активно вклучување на учениците и поттикнување на нивната креативност во средните училишта, Министерството за образование и наука на Р. Македонија, Биро за развој на образование; април 2008 год. Кариерно насочување, Проект за модернизација на образование организиран од страна на Министерството за образование и наука на Р. Македонија, Биро за развој на образование; од 2007 до 2013 год. активно учествува во проектот tour.reg кои се организирани од k-education, проектна канцеларија Скопје во соработка со Центарот за стручно образование и обука, Министерство за образование и наука на Р. Македонија. Се здобила со сертификати за вештини и знаење од областите на: туристичка географија и патничка индустрија (прв и втор дел), ресторан и пијалаци (прв, втор и трет дел), одржлив развој во туризмот, форми на соработка со стопанството, изготвување на прирачник за феријална пракса, Изготвување на инструменти за перспективите на фирмите за употреба на Водичот за угостителско-туристичките училишта и фирми за зголемување на квалитетот на феријалната практика, Ревидирање на наставна програма (прв и втор дел) и Туризам и маркетинг.

Д-р Саздова, исто така, е ментор на ученици кои учествуваа на натпревари од угостителска туристичка струка организирани од страна на: Интернационален гастрономски фестивал „COOK & SERVE 2018"; натпревари во рамките на проектот ЛИДЕР, организиран од страна МОН; Меѓународен натпревар на средни угостителски и туристички школи во Сараево; ХОТАМ – Здружение на хотели, ресторани и кафетерии, Охрид и ВАНА – Меѓународен саем туризам за туризам Охрид.

Во изборниот период, кандидатката д-р Јулијана Саздова е самостоен автор и коавтор на голем број научни трудови објавени во индексирани списанија, меѓународни научни списанија, трудови објавени во зборници на трудови на научни собири, учесник/ координатор во повеќе научноистражувачки проекти од национален карактер, како и предавач и обучувач во проект.

Во време на изборниот период кандидатката д-р Јулијана Саздова ги има публикувано следните научни книги, учебници и поглавја од глави во земјава и во странство, кои имаат научноистражувачка, но и стручно-апликативна примена:

1. Metodijeski, Dejan and Taskov, Nako and Arminovska, Limonka and Antonievski, Goran and Filiposki, Oliver and **Sazdova, Julijana** and Golakov, Kostadin and Belcev, Tole (2020) Гастрономски речник. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-06-1

Во гастрономијата се користи стручна терминологија и зборови кои потекнуваат од различни говорни подрачја. Основната цел на овој речник е да обезбеди правилно толкување на зборовите, поимите и термините, кои се среќаваат и користат во угостителството. Областите кои се опфатени во речникот вклучуваат: опрема и инвентар за подготовка и послужување на храна и пијалаци, различни видови кујни, карактеристични јадења, намирници кои се користат во готварството и исхраната, познати личности поврзани со гастрономијата, техники на подготовка на јадења и останати аспекти на гастрономијата.

2. Mitreva, E. and **Sazdova, J.** (2019). Менаџмент на квалитет во хотелиерството. 2-ри Август, 2019, Штип. ISBN 978-608-4662-99-0 1.

Во овој труд се презентирани и избрани различни извори од домашната и странска литература и се презентирани многу примери од практиката споделени од страна на хотелската индустрија при спроведеното истражување, како и при личните контакти со дел од менаџментот на хотелите. Книгата може да послужи и на сите стручни кадри кои се вработени во хотелската и услужната дејност со цел подобрување на квалитетот на производот, деловните процеси и услугите кои ги нудат.

3. Ankerol, Rut and Risteska, Marija and Bizoev, Branko and Nikolovski, Zoran and Biljanoska, Roza and **Sazdova, Julijana** and Dimovski, Cedomir and Stojanovska, Antonela and Hamiti, Redzep. Vodic za ugostitelsko-turistickite ucilista I firmite za zgolemuvanje na kvalitetot na ferijalnata praksa, vo ramkite na Tur. Reg proektot

Изработка на Водич е со цел за успешно и квалитетно реализирање на планираните активности поврзани со феријалната практика на учениците. Во овој водич јасно се разработени правата, улогите и обврските на сите значајни учесници. Реализацијата на феријалната пракса/практика е задолжителен елемент од секој наставен план за секоја квалификација во техничкото образование и во дел од плановите на стручно образование за занимање. Водичот е наменет за реализаторите на феријалната практика: училиштата, учениците, родителите, стопанствениците и образовните институции.

**Трудови објавени во индексирани списанија достапни на интернет како Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, Emerald, Ebsco:**

Andronikov, Darko and Kuzelov, Aco and Benedik, Evgen and **Sazdova, Julijana** and Mojsov, Kiro and Janevski, Aco and Jordeva, Sanja and Golomeova Longurova, Saska (2021) *CHEMICAL CHARASTERISTIC OF RABBIT HIBRIDS*. JOURNAL OF AGRICULTURE AND PLANT SCIENCES, JAPS, Vol 19, No. 1, 2021, 19 (1). pp. 9-15. ISSN 2545-4447

Во овој труд целта на анализата е да се процени влијанието на родот машко/женско врз хемиски, микробиолошки и сензорен состав. Фламански џиновски зајак и новозеландски бели зајаци (група ON) беа користени како материјал за студијата. Зајаците биле хранети ad libitum со комерцијални пелети добиточна храна, со додавање на мали количини зелена храна и сено. Експериментот опфатил 6 зајаци, 3 мажјаци и 3 женски. Претходно дефинираната жива тежина од 1800 до 2500 g беше постигната во рок од 77 дена и потоа тие беа заклани. Овој труд ги дава спроведените резултати од истражувањето во однос на хемикалијата, микробиолошки и сензорен состав на зајачкото месо.

Mitreva, Elizabeta and **Sazdova, Julijana** and Gjorshevski, Hristijan (2019) *Application of total management of quality in the Macedonian hotel industry*. Quality - Access to Success, 20 (172). pp. 25-33. ISSN 1582-2559. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 1,2. SJR = 0.28. SNIP = 0,918. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Во овој труд се презентирани резултатите од истражувањето во однос на пристапот кон тоталното управување со квалитетот во македонската хотелска индустрија. Анализата е направена преку четирите столба на куќата за квалитет: внатрешна стандардизација, контрола на квалитетот, оптимизација на трошоците на квалитет и едукација и обука на вработените. Истражувањето во овој труд ја утврди „возраста“ или т.е. нивото на развој на хотелските капацитети во согласност со столбовите од куќата на квалитет *(од млад и неразвиен систем до зрел и развиен систем). Резултатите од истражувањето повлекоа насоки* во процесот на развој на системот за квалитет во хотелската индустрија во РС Македонија преку примена на стратегијата на TQM (целосно управување со квалитет).

Mitreva, Elizabeta and **Sazdova, Julijana** and Gjorshevski, Hristijan (2019) *Quality management system applications in the hotel industry in Macedonia*. Quality - Access to Success, 20 (170). pp. 68-72. ISSN 1582-2559. (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 1,2. SJR = 0.28, SNIP = 0,918. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Овој труд ги претставува наодите од истражувањето што се однесуваат на пристапот кон квалитетот во хотелиерството во Македонија, способноста на менаџерите да изградат стандардизиран систем за квалитет, како и насоките што треба да се преземат со цел да се подобрат деловните процеси, производи и услуги. Решението треба да се најде во развојот на системот за квалитет, подобрување на персоналот, воведување упатства за подобрување на квалитетна услуга и подобрување на процесите.

Mitreva, Elizabeta and **Sazdova, Julijana** and Gjorshevski, Hristijan (2018) *Management with the Quality Control System in the Hotel Industry in Macedonia*. Tem Journal, 7 (4). pp. 750-757. ISSN 2217-8309 (Print). (Scopus - Journal Metrics: CiteScore = 0,4. SJR = 0.15. SNIP 0.587. Web of Science (Clarivate Analytics) (ESCI)).

Овој труд ги презентира наодите од истражувањето во врска со пристапот кон контрола на квалитетот во хотелската индустрија во Македонија и способноста на менаџерите да создадат добар систем за добар квалитет, како и насоките што треба да ги направат за подобрување на деловни процеси, производи / услуги.

Mitreva, Elizabeta and Taskov, Nako and Atanasoski, Drasko and Gjorshevski, Hristijan and **Sazdova, Julijana** and Gjeorgieva, Ivana (2016) Integrating supplier satisfaction with customer satisfaction in the projection and implementation of the TQM system in Macedonian companies. *The International Journal of Information, Business and Management (IJIBM)*, 8 (2). pp. 25-34. ISSN 2076-9202 (Print), 2218-046X (Online) (SJIF: 3.91; UIF: 4.8; EBSCO).

Mitreva, Elizabeta and Taskov, Nako and **Sazdova, Julijana** and Gjorshevski, Hristijan (2015). The need to improve the educational process in high education institutions in the Republic of Macedonia by applying management methods and techniques. TTEM, 10 (4). pp. 467-475. ISSN 1840-1503 . (SCOPUS, SJR = 0.11)

Mitreva, Elizabeta and Taskov, Nako and **Sazdova, Julijana** (2015) Full commitment of top management in Macedonian high education institutions. International *Journal of Information, Business and Management,* 7 (4). pp. 170-174. ISSN 2218-046X (Online). (SJIF: 3.91; UIF: 4.8; EBSCO)

Mitreva, Elizabeta and Taskov, Nako and **Sazdova, Julijana** and Gjeorgieva, Ivana and Gjorshevski, Hristijan (2015) The Need for Implementation of Integrated Management Systems (IMS) in Macedonian Companies. *Calitatea - acces la succes (Quality - Access to Success),* 16 (147). pp. 62-65. ISSN 1582-2559. (SCOPUS, SJR = 0.22)

Taskov, Nako and Mitreva, Elizabeta and **Sazdova, Julijana** and Barishic, Darko and Metodijeski, Dejan (2014) Preparatory activities for the successful implementation of the methodology for after sales support to customers in the TQM system. Technics Technologies Education Management, 9 (4). pp. 751-757. ISSN 1840-1503. (SCOPUS, SJR = 0.11)

Трудовите кои се претставени погоре се уредно прикачени на платформата на електронскиот академски репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и може да се пронајдат на следниов линк

http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Sazdova=3AJulijana=3A=3A.html

**Трудови објавени во меѓународни научни списанија:**

4. **Sazdova, Julijana** and Antonievski, Goran (2021) Applicable guidelines for the existing rules for labeling food products In: International scientific and practical conference CURRENT TRENDS AND PROSPECTS OF INTERNATIONAL TOURISM, pp. 77-86, ISBN 978-608-4872-11-5

Во овој труд се презентирани резултатите од истражувањето направени со потрошувачите да се провери дали операторите на храна обезбедуваат правилно и унифицирано информирање на потрошувачите. Истражувањето е спроведено со цел да се добие јасна слика за моменталната состојба колку внимаваат кога купуваат одредени прехранбени продукти дали операторите со храна ги почитуваат насоките за начинот на обезбедување информации за храна до потрошувачите на транспарентен начин и во согласност со националните законски правила.

5. Antonievski, Goran and **Sazdova, Julijana** (2021) Demand as a factor for the development of gastronomic supply in catering facilities In: International scientific and practical conference CURRENT TRENDS AND PROSPECTS OF INTERNATIONAL TOURISM, pp. 93-102. ISBN 978-608-4872-11-5

Овој труд треба да им се обрати на потрошувачите, дали храната игра важна улога и влијание во изборот на угостителските објекти и застапеноста на регионалните производи во понудата на угостителските објекти. Потрошувачите имаат свои права и обврски, а производителите на пазарот треба да постават безбедна храна и со тоа може да се гарантира здравјето на потрошувачите со мерење на калориите вредноста на секој производ, свежината на производите како и тежината на една порција. Со тоа на побарувачката на потрошувачите расте во зависност од начинот на кој таа храна ќе се подготви, како и начинот на кој таа ќе се сервира. Трудот е подготвен за надминување и решавање на проблемот кога безбедноста на храната претставува закана и како тоа треба да се подобри за да се задоволат потребите на потрошувачите, но исто така да го задржи квалитетот на храната.

Andronikov, Darko and Kuzelov, Aco and **Sazdova, Julijana** and Mojsov, Kiro and Janevski, Aco and Jordeva, Sonja and Longurova, Saska (2019) *Quantitative characteristics of rabbit hybrids*. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 17 (2). pp. 9-14. ISSN 2545-4447

Во овој труд се презентирани резултатите од истражувањето на Фламански џиновски зајак и новозеландски бели зајаци (група ON), кои беа користени како материјал за студијата. Зајаците биле хранети ad libitum со комерцијална храна со пелети, со додавање на мали количини зелена храна и сено. Експериментот опфатил 6 зајаци, 3 мажјаци и 3 женки. Претходно дефинирана жива тежина од 1800 до 2500 g се постигна во рок од 77 дена и потоа се заклани. Резултатите од студијата презентирани во ова хартија ги прикажува својствата за гоење и колење на фламанскиот џиновски зајак и новозеландскиот бел зајак.

**Sazdova, Julijana** and Antonievski, Goran and Kuzelov, Aco (2019) *Wine tourism as factor in the development of rural areas*. In: The 2nd international scientific conference - Challenges of tourism and business logistics in the 21st century, 20 Dec 2019, Stip.

Во овој труд е анализиран винскиот туризам како карактеристичен облик на руралниот туризам кој е поврзан и зависен од виното, производството на вино и лозарството. Овој вид на туризам, иако е сконцентриран околу виното, подразбира и доживување на просторот кој се посетува. За оваа цел се основани винарски визби кои на специфичен начин ги нудат нивните привлечни елементи кои се поврзани со виното.

6. Škrijelj, Hajrija and Taskov, Nako and **Sazdova, Julijana** (2018) *TOURISTIC EXPLORATION SHAR MOUNTAIN - TOURIST BRIDGE BETWEEN R.MACEDONIA AND R.KOSOVO*. KNOWLEDGE - International Journal Scientific Papers Vol. 27 pp.147-152. ISSN 1857-923X (for e-version), ISSN 2545 – 4439 (for printed version)

Во овој труд се презентирани природните убавини на Шар Планина на Косово и Македонија, природните ресурси, можностите за зима (скијање), лето (археологија/археолошки локалитети, велосипедизам, голф, јавање, планинарење или само пешачење до околните планини и планински езера) и други видови туризам, екологија итн. Косовско-македонските Алпи се многу интересни и привлечни за разни видови планинарење итн. Потоа има многу можности и простори за развој на урбаниот туризам како обиколка на старите делови на градовите со историски локалитети, посета на музеи, интересни и разновидни понуди на традиционални сувенири, добра понуда на ресторани (со здрава

органска храна и сл.).

7. Kocev, Mitko and **Sazdova, Julijana** and Antonievski, Dejan (2018) *THE ROLE OF NUTRITION IN A CHILD'S PHYSICAL, MENTAL AND EMOTIONAL DEVELOPMENT* KNOWLEDGE - International Journal Scientific Papers Vol. 27 pp.329-332. ISSN 1857-923X (for e-version), ISSN 2545 – 4439 (for printed version)

Во овој труд се анализира адекватната исхрана во детството што има главна улога во физичкиот, психичкиот и емоционалниот развој на детето. Од исклучителна важност е да се добие соодветна исхрана за секое дете, а тоа е главната причина поради која најголем дел од истражувањата за детската исхрана се спроведуваат во градинките

8. **Sazdova, Julijana** and Antonievski, Goran and Kuzelov, Aco (2017) Research of the restaurants, the daily meals and the catering process through the users of the services in the catering facilities in Shtip as a factor in increasing the touristic commerce. Naucna – strucna konferencija Challenges of tourism and business logistics October 2017

Во овој труд се анализираат начините на послужување на гостите во угостителските објекти со што се овозможува откривање на безброј комбинации за приготвување на нови јадења, нови вкусови и примената на правила и техники на послужување. Затоа овде се направи истражување на ресторанското работење, дневните оброци и начинот на послужување, преку корисници на услуги во угостителски објекти во Штип како фактор за зголемување на туристичкиот промет.

9. **Sazdova, Julijana** and Antonievski, Goran and Kocev, Mitko (2017) Restoranskata ponuda prekun raznovidnosta na karti za izbor na uslugi vo ugostitelstvoto. Naucna – strucna konferencija Sostojbi I perspektivi vo turizmot, ekonomijata I biznis logistikata 27 Maj 2017

Во овој труд се објаснети картите за избор на услуги во угостителството. Од големо значење е да се знае како изгледаат картите за избор на услуги, бидејќи тие се реклама од непроценлива важност и при нивното составување, дизајнирање не треба да се штеди бидејќи имаат одговорност за успехот кој го постигнува угостителскиот објект. Картите за избор на услуги се огледало на угостителскиот објект, душата на ресторанот и се официјален отчет за тоа што нуди угостителскиот објект.

10. Nikolovski, Zoran and Nikolovska Biljana and **Sazdova, Julijana** (2017) Keteringot kako trend vo ugostitelstvoto I faktor za razvojot na turizmot vo Republika Makedonija. Naucna – strucna konferencija Sostojbi I perspektivi vo turizmot, ekonomijata I biznis logistikata 27 Maj 2017

Во овој труд е опфатен кетерингот како современ начин на давање на угостителските услуги, но надвор од угостителските објекти. Во последно време овој тренд на давање угостителски услуги е мошне популарен давајќи му на угостителството поголема улога во развојот на туризмот во нашата земја. Но, со развојот на овој тренд, денес, исто така, значително се зголемува и прометот од кетеринг-услугите во споредба со изминатите години, а сето тоа директно придонесува и за побрз раст на бруто домашниот производ во нашата земја.

Taskov, Nako and Mitreva, Elizabeta and **Sazdova, Julijana** (2015) The current state of various characteristics related to the wine market in the Republic of Macedonia. In: Regionalna naucno strucna konferencija - *ERAZ 2015 -Odrzivi ekonomski razvoj-savremeni i multidisciplinarni pristupi*, 11 June 2015, Belgrade, Serbia.

Taskov, Nako and Mitreva, Elizabeta and **Sazdova, Julijana** and Dimitrov, Nikola and Metodijeski, Dejan (2014) Full commitment of top management in Macedonian High Education Institutions. In: *Proceedings of the Scientific Conference Quality and Leading Innovation´*2014, 19–20 Sept 2014, Košice – Hradec Králové.

Трудовите кои се претставени погоре се уредно прикачени на платформата на електронскиот академски репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип и може да се пронајдат на следниве линкови:

http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Sazdova=3AJulijana=3A=3A.html http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Sazdovska=3AJulijana=3A=3A.html

Во својата научноистражувачка активност, д-р Саздова е учесник на следните научни проекти:

11. 2020 год. Изведувач на обука во проект „Воведување стручна обука во казнено-поправни институции", Креирање можности за работа за сите во КПУ „Затвор" Штип, институции

кои се надлежни за спроведување на активности се МОН, УИС, УНДП.

12. 2019 год. Изведувач на обука во проект „Воведување стручна обука во казнено-поправни институции". Промовирање на одржливи вработување IV во КПУ „Затвор" Штип, институции кои се надлежни за спроведување на активности се МОН, УИС, УНДП.
13. 2017год. истражувач во проект „Shaping the Future Education in Tourism" – FET проект, Erazmus+.
14. 2016 год. Изведувач на обука во проект „Воведување стручна обука во казнено-поправни институции". Промовирање на одржливи вработување, во КПУ „Затвор" Штип, институции кои се надлежни за спроведување на активности се МОН, УИС, УНДП.
15. Од 2007 до 2013год. Активно учествува во проектот tour.reg кои се организирани од k-education, проектна канцеларија Скопје во соработка со Центарот за стручно образование и обука, Министерство за образование и наука на Р. Македонија.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

За време на изборниот период, кандидатката д-р Саздова учествува во еден стручно-апликативен проект во земјата, како и во изработката на стратегии и студии од областа на туризмот и тоа:

29. Учесник во изработката на Strategji për zhvillimin e turizmit në Komunën e Studeniçanit 2020-2024. Komunën e Studeniçanit, Skopje (2020).

30. Учесник во изработката на Tourism Development Strategy for the Municipality of Vinica 2020-2024. Municipality of Vinica, Vinica (2020).

31. 2019 год. Признание за посебен придонес и промоција на Општина Штип во областа на образованието од градоначалникот Благој Бочварски.
32. 2018 год. Признание за посебен придонес и промоција на Општина Штип во областа на образованието од градоначалникот Благој Бочварски.

33.Во изборниот период кандидатката д-р Саздова е рецензент на:

- „Национален источен готвач" од Антониевски Горан ISBN 978-608-4662-04-4.
- учебник „Основи на угостителство и туризмот" за прва година од авторите Надица Илиевска, Кристина Влахова, Емилија Тодоровиќ кој е изготвен по наставната програма од угостителска туристичка струка.
- учебник Агенциско работење за трета година од авторот Зоран Николовски кој е изготвен по наставната програма од угостителска туристичка струка.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која ѝ беше доставена и констатира дека единствен пријавен кандидат е д-р Јулијана Саздова.

По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Јулијана Саздова во целост ги исполнува условите предвидени со законските прописи за избор во насловно звање насловен доцент. Кандидатката д-р Саздова има континуирано научно напредување и извонредни научноистражувачки резултати во доменот на туризам и угостителство, гастрономија и ресторанско работење. Таа активно публикува научни трудови со оригинални резултати во референтни меѓународни списанија. Воедно, кандидатката успешно одржува настава СОУ „Коле Нехтенин" - Штип во угостителска туристичка струка и е учесник во научноистражувачки проекти од областите на интерес. Оттука, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа д-р Јулијана Саздова има значителен придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност и ги има освоено потребните бодови, согласно со критериумите за бодување.

Согласно со претходно изнесеното, а во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Рецензентската комисијата со особено задоволство му предлага **на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, кандидатката д-р Јулијана Саздова да ја избере во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област гастрономија и ресторанско работење на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Климент Наумов,** доцент - претседател,
Факултет за туризам и угостителство – Охрид,
Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, с.р.
**Д-р Дејан Методијески**, вонреден професор - член,
Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија,
Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.
**Д-р Душица Попова,** доцент - член,
Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија,
Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ ЗА Д-Р ЈУЛИЈАНА САЗДОВА**

| Р.бр. | **Наставно-образовна дејност** | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Експерт од пракса | 0 | | | | |
| Р. бр. | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | | | | |
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Монографија или научна книга во земјата (Реф. 2) | 1 | 10 | | | 10 |
| 3. | Научен труд објавен во списание со ИФ Scopus (Реф. 5-7) | 3x10 | | | | 30 |
| 4. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (Реф. 4,15,17,18) | 1x6 3x3 | | | | 15 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (Реф. 13,14,16) | 2x3 | | | | 6 |
| 10. | Одбранета докторска теза | 8 | | | | 8 |
| 14. | Учесник на научен проект (максимум во три проекти) (Реф. 26) | 1 | 2 | / | / | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **71** |
| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско- развојна дејност** | Поени | | | | |
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 3. | Речник (Реф. 1) | 1 | 10 | | | 10 |
| 6. | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (Реф. 19,20,21) | 3 | 2 | | | 6 |
| 13. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) (Реф. 24,25) | 2 | 5 | | | 10 |
| 17. | Елаборати и експертизи (Реф. 29,30) | 2 | 2 | | | 4 |
| 19. | Стручни награди и признанија (Реф. 31,32) | 2 | 4 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **38** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **109** |

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕНТОМОЛОГИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1302-54/4 од 14.3.2022 година донесена на 197. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на 14.3.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања на наставно-научната област ентомологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- д-р Душан Спасов, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, наставно-научна област ентомологија – претседател;
- д-р Весна Крстеска, редовен професор на Институт за тутун - Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, наставно-научна област ентомологија – член;
- д-р Билјана Ковачевиќ, вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, наставно-научна област фитофармација/пестициди – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците: „Слободен печат“ и „Коха“ на 25.2.2022 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот: д-р Билјана Атанасова, доктор по биолошки науки - ентомологија, научен соработник на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на научната област ентомологија/биолошка заштита.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Билјана Атанасова е родена на 13 јули 1978 година во Струмица, каде што завршува основно и средно образование.

Во учебната 1996/1997 година се запишува на Природно-математичкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, на Институтот за биологија, наставна насока, каде што дипломира во февруари 2002 година.

Од 1.3.2002 до 15.2.2006 г. волонтира во ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури, Струмица, во Лабораторијата за Заштита на растенијата – оддел Ентомологија.

Од 16.2.2006 – 30.6.2007 г. е вработена во ДООЕЛ Агронаука, Струмица.

Во учебната 2002/2003 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје, на групата Заштита на растенијата, насока Ентомологија, кај проф. д-р Станислава Лазаревска. Магистерскиот труд со наслов „Фаунистички состав на цикадите (Homoptera: Auchenorrhyncha) кај виновата лоза во Република Македонија“ го брани на 7.5.2010 година со што се стекнува со звање магистер по земјоделски науки.

Во академската 2012/2013 година се запишува на докторски студии, на Универзитетот во Белград, на Биолошкиот факултет, на Катедрата за морфологија, систематика и филогенија на животните – Ентомологија. На 12.6.2015 година ги завршува докторските академски студии, трет степен, со 180 ЕКТС, со одбрана на докторската дисертација на тема „Фауна цикада (Hemiptera: Auchenorrhyncha) у виноградима Македоније и њихова улога у епидемиологији ‘Candidatus Phytoplasma Solani’“, под менторство на д-р Татјана Цврковиќ и проф. д-р Жељко Томановиќ.

Од 1.7.2007 до 15.9.2015 година работи на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и успешно ги спроведува своите наставни активности како асистент на повеќе предмети од областа на Заштита на растенијата (Ентомологија, Фитофармација, Заштита на градинарски култури, Интегрална заштита на градинарски култури).

Од 16.9.2015 година работи како лаборант на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Од 7.9.2017 година до денес, работи како научен соработник на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на научната област ентомологија / биолошка заштита.

***Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.***

**Општи услови за избор**

**Доктор на науки од научната област во која се избира**

Кандидатката има степен доктор на науки од научната област ентомологија. Има остварено просечен успех од 8,03 на додипломските студии, 9,50 на постдипломските студии и 9,91 на студиите од трет циклус.

Во текот на својата професионална кариера има учествувано, како соработник – истражувач во неколку домашни и меѓународни научноистражувачки проекти. Се јавува како автор и коавтор на повеќе научни и стручни трудови, а има учествувано и на повеќе советувања и симпозиуми со излагање на сопствени трудови, во земјава и во странство. Коавтор е на рецензираната скрипта „Општа ентомологија“, како и на интерни скрипти по предавања и вежби по предметите Фитофармација, Заштита на градинарски култури, Интегрална заштита во градинарско производство. Коавтор е и на еден учебник и три монографии.

**Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации**

| Бр. | Автори | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Spasova Dragica, Valcheva Darina, **Atanasova Biljana**, Burovska Adrijana Spasov Dusan, Ilievski Mite (2021) | Qualitative features of oats grown in condition of organic production | Journal of Agriculture and Plant Sciences, 19 (1). pp. 23-29 | ISSN 2545-4455<br><br>научно списание со меѓународен уредувачки одбор<br><br>2017 |
| 2 | **Atanasova Biljana,** SpasovDusan, Spasova Dragica, Ilievski Mite<br><br>(2018) | Occurrence of *Tetranychus urticae* on sour cherry trees in Southeastern of Macedonia. | Book of proceedings 2018, IX International Scientific Agriculture Symposium “AGROSYM 2018” | ISSN ISBN 978-99976-718-8-2<br><br>научно списание со меѓународен уредувачки одбор<br><br>2010 |
| 3 | Spasova Dragica, Valcheva Darina, **Atanasova Biljana**, Burovska Adrijana, Spasov Dusan, Ilievski Mite (2018) | Comparative analysis of oats quality grown in conditions of organic production | Comptes rendus de l’Acade’mie bulgare des Sciences, 71 (3). pp. 437-444 | ISSN 2367-5535<br><br>Научно списание со фактор на влијание IF 0,251<br><br>1948 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Ilievski Mite, **Atanasova Biljana**, Spasov Dusan, Spasova Dragica, Ilieva Verica, Markova Ruzdik Natalija, Vuckov Pavle (2018) | Protein profile of some genotypes of flax (*Linum usitatissimum* L.) in the Strumica region, Republic of Macedonia | Journal of Agriculture and Plant Sciences, 16 (2). pp. 17-23. | ISSN 2545-4455<br><br>научно списание со меѓународен уредувачки одбор<br><br>2017 |
| 5 | Gunova Natasa, Spasov Dusan, **Atanasova Biljana,** Spasova Dragica, Ilievski Mite (2017) | Correlation between population dynamics of *Tuta ansoluta* (Lepidoptera: Gelechidae) and climate, at tomato in protected area. | Journal of Agriculture and Plant Sciences, 15 (1/2). | ISSN 2545-4455<br><br>научно списание со меѓународен уредувачки одбор<br><br>2017 |

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Со Одлука на Матичната комисија бр. 880 од 7.6.2007 година, кандидатката д-р Билјана Атанасова е избрана во соработничко звање – помлад асистент на Земјоделски факултет и се распоредува за асистент на предметите Ентомологија во Штип и Струмица, Заштита на градинарски култури во Струмица и Фитофармација – инсектициди во Штип и Струмица. Со Одлука бр. 1802-151/3 од 14.9.2010 година кандидатката е избрана во звање асистент за наставно-научната област ентомологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и се распоредува за асистент на предметите Ентомологија во Штип и Струмица, Заштита на градинарски култури во Струмица, Фитофармација – инсектициди во Штип и Струмица, Ботаника во Струмица и Кавадарци и Селекција и семепроизводство во Струмица и Кавадарци. Од 15.9.2015 година до 6.9.2017 година ја извршува дејноста лаборант на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Со Одлука број 1302-162/3, од 7.9.2017 година до денес, работи како научен соработник на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на научната област ентомологија / биолошка заштита. Во тој период кандидатката ги одржува вежбите по предметите Ентомологија, Специјална ентомологија, Биолошка заштита, Ботаника и Селекција и семепроизводство, во наставните центри Струмица, Штип, Кавадарци и Прилеп.

Развојот на професионална кариера на д-р Билјана Атанасова се одвива со публикување научни трудови, учебници и монографии. Во својата досегашна кариера д-р Билјана Атанасова има објавено дваесет и четири научни трудови, коавтор е на една рецензирана скрипта, еден учебник и три монографии, кои се објавени на е-библиотека на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Објавени трудови во периодот од 2017 до 2022 година:**

1. Spasova Dragica, Valcheva Darina, **Atanasova Biljana,** Burovska Adrijana Spasov Dusan, Ilievski Mite (2021): Qualitative features of oats grown in condition of organic production. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 19 (1). pp. 23-29. ISSN 2545-4455
2. **Atanasova Biljana,** Spasov Dusan, Spasova Dragica, Ilievski Mite (2018): Occurrence of *Tetranychus urticae* on sour cherry trees in Southeastern of Macedonia. Book of proceedings 2018, IX International Scientific Agriculture Symposium “AGROSYM 2018”, Jahorina, 04-07 Oct 2018. pp. 922-926. ISSN ISBN 978-99976-718-8-2
3. Spasova Dragica, **Atanasova Biljana,** Valcheva Darina, Spasov Dusan, Ilievski Mite, Burovska Adrijana (2018): Productive features of oat varieties grown in organic production in the region of Strumica. Bulgarian Journal of Agricultural Science, 24 (3). pp. 398-403. ISSN 1310-0351
4. Spasova Dragica, Valcheva Darina, **Atanasova Biljana**, Burovska Adrijana, Spasov Dusan, Ilievski Mite (2018): Comparative analysis of oats quality grown in conditions of organic production. Comptes rendus de l’Acade’mie bulgare des Sciences, 71 (3). pp. 437-444. ISSN 2367-5535 **(IF 0,251)**

5. Buseva Lence, Spasova Dragica, **Atanasova Biljana** (2018): Characterization of some domestic and introduced varieties of cotton in the agroecological conditions of Strumica region. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 16 (1). pp. 37-43. ISSN 2545-4455
6. Burovska Adrijana, Spasova Dragica, **Atanasova Biljana**, Spasov Dusan, Ilievski, Mite (2018): Examination of some quality features of oats grown in conditions of organic production. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 16 (2). pp. 9-15. ISSN 2545-4455
7. Ilievski Mite, **Atanasova Biljana**, Spasov Dusan, Spasova Dragica, Ilieva Verica, Markova Ruzdik Natalija, Vuckov Pavle (2018): Protein profile of some genotypes of flax (*Linum usitatissimum* L.) in the Strumica region, Republic of Macedonia. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 16 (2). pp. 17-23. ISSN 2545-4455
8. Gunova Natasa, Spasov Dusan, **Atanasova Biljana**, Spasova Dragica, Ilievski Mite (2017): Correlation between population dynamics of Tuta ansoluta (Lepidoptera: Gelechidae) and climate, at tomato in protected area. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 15 (1/2). pp. 69-74. ISSN 2545-4455

**Објавени учебни помагала и монографии во е-библиотека на Земјоделски факлутет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**

**Рецензирана скрипта:**
Spasov Dusan, **Atanasova Biljana** (2012): *Општа ентомологија - скрипта*. ISBN 987-608-4504-77-1.

**Учебник:**
Spasov Dusan, **Atanasova Biljana** (2017): *Штетници кај зеленчукот и мерки за контрола*. Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, Земјоделски факултет. ISBN 978-608-244-408-6

**Монографии:**
Spasov Dusan, **Atanasova Biljana**, Spasova Dragica (2021): *Population dynamics of Tuta absoluta (Meyrick) in Macedonia*. Lap Lambert Academic Publishing.
Spasova Dragica, Spasov Dusan, **Atanasova Biljana** (2019): *Organic production of spring oats: required variety features*. Lambert Academic Publishing.
Spasova Dragica, Spasov Dusan, **Atanasova Biljana** (2018): *Evaluation of new Bulgarian and Macedonian cotton varieties and lines*. Lambert Academic Publishing.

**Презентирани трудови на научни конференции со меѓународно учество:**
Burovska Adrijana, Spasova Dragica, **Atanasova Biljana**, Spasov Dusan, Ilievski Mite (2019): *Chemical production of oats grown in conditions of organic production*. In: 2nd international meeting agriscience & practice (ASP 2019), 12th April 2019, Stip, Republic of North Macedonia.
Spasov Dusan, **Atanasova Biljana**, Spasova Dragica, Ilievski Mite (2019): *The use of predators for the control of Frankliniella occidentalis (Thysanoptera: Thripidae) at pepper in protected area*. In: 2nd international meeting agriscience & practice (ASP 2019), 12th April 2019 Stip, Republic of North Macedonia. , 12th April 2019, Stip, Republic of North Macedonia.
Buseva Lence, Spasova Dragica, **Atanasova Biljana** (2018): *Characterization of some domestic and introduced cotton varieties in the agro-ecological conditions of Strumica Region*. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018), 10-11 May 2018, Stip, Macedonia.
Burovska Adrijana, Spasova Dragica, **Atanasova Biljana**, Spasov Dusan, Ilievski Mite (2018): *Examination of some quality features of oats grown in conditions of organic production*. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018), 10-11 May 2018, Stip, Macedonia.
Ilievski Mite, **Atanasova Biljana**, Spasov Dusan, Spasova Dragica, Ilieva Verica, Markova Ruzdik Natalija, Vuckov Pavle (2018): *Protein profile of some genotypes of flax (Linum usitatissimum L.) in the Strumica region, Republic of Macedonia*. In: First International Meeting

"Agriscience & Practice", Faculty of Agriculture, Goce Delcev University, Stip. (In Press)

Spasova Dragica, Burovska Adrijana, **Atanasova Biljana**, Spasov Dusan, Ilievski Mite (2017): *Analysis of the quality of oats (Avena sativa L.) grown in conditions of organic production*. In: XXII Savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem, 10-11 March 2017, Čačak, Serbia.

**Учество во научни проекти**

1. Spasov Dusan, Mitrev Sasa, Spasova Dragica, Georgievski Milan, Atanasova Biljana, Arsova Cvetanka (2015) *Entomofauna in tomatoes in a protected area during conventional and integral production*
2. Spasova Dragica, Spasov Dusan, Ilievski Mite, Atanasova Biljana, Burovska Adrijana (2015) Organic *production of spring oats: required variety characteristics*

**Кратка евалуација на научноистражувачката дејност на кандидатката д-р Билјана Атанасова (објавени научни трудови во меѓународни списанија, списанија со фактор на влијание, учебни помагала, учебници и монографии).**

**Рецензирана скрипта:**

Spasov Dusan, **Atanasova Biljana** (2012): *Општа ентомологија - скрипта*. ISBN 987-608-4504-77-1.

Скриптата „Општа ентомологија" е подготвена според наставната програма на предметите Општа ентомологија и Ентомологија од студиските програми Фитомедицина – Заштита на растенијата, Поледелство, Квалитет и безбедност на храна, Биологија, Градинарство, Лозарство и Винарство на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Покрај тоа, скриптата може да биде од значење и за агрономите во нивната секојдневна пракса, но и за сите оние што се интересираат за инсектите и нивниот живот.

Во скриптата е разработена надворешната анатомија на телото од инсектите внатрешната градба и физиологија на инсектите, нивното размножување и развиток, однесување и екологија. Материјалот разработен во оваа рецензирана скрипта претставува значајна литература за инсектите, нивната појава, улогата во природата и во животот на луѓето, а особено нивната улога во земјоделското производство.

**Учебник:**

Spasov Dusan, **Atanasova Biljana** (2017): *Штетници кај зеленчукот и мерки за контрола*. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Земјоделски факултет. ISBN 978-608-244-408-6

Учебникот „Штетници кај зеленчукот и мерки за контрола" е напишан со цел да даде што поголем број информации за штетниците во зеленчуковото производство и мерките за контрола, воедно и да помогне за совладување во решавањето на проблемите. Како учебник, пред сѐ, е наменет за студентите на Земјоделски факултет, но може да им послужи и на земјоделските производители, Агенцијата за поддршка на земјоделството и руралниот развој, земјоделскиот инспекторат, фирмите кои се занимаваат со дистрибуција и продажба на пестицидите. Кај секој вид од опишаните штетници е даден морфолошкиот опис, биолошкиот развој, значењето и штетноста, како и мерките за контрола на дадените штетници. Голем број од опишаните штетници припаѓаат на полифагните или олигофагните видови, затоа се така опишани, како заеднички за повеќе видови култури или како штетници на одделни растителни фамилии. Некои од полифагните штетници се обработени кај одреден вид или одредена група на култури, бидејќи според нашето искуство претставуваат и причинуваат најголеми штети на тие култури. Штетниците се опишани по групи на зеленчуковите култури, каде што исти или слични видови се развиваат на опишаната група култури. Во посебно поглавје се опишани и најзначајните штетници кај зеленчуковите култури во заштитен простор (стакленици и пластеници), како и можноста за нивната контрола.

**Монографии:**

Spasov Dusan, **Atanasova Biljana**, Spasova Dragica (2021): *Population dynamics of Tuta absoluta (Meyrick) in Macedonia*. Lap Lambert Academic Publishing.

Во оваа монографија авторите даваат опис на морфологијата на *Tuta absoluta* Meyrick (Lepidoptera:Gelechiidae) како еден од најголемите штетници на доматите во Република Македонија. Неговите ларви се најштетниот стадиум кој предизвикува големи штети, кои се манифестираат преку присуство на неправилни мини на листовите од доматот. Штетата може да достигне и до 100%. Тешкиот напад на плодовите на доматите ја намалува комерцијалната вредност од 50 на 100%. Во текот на двегодишното истражување (2015-2016) е утврдено присуството на овој економски значаен штетник на доматот во заштитено подрачје во два система на одгледување, конвенционален и интегрален систем. За собирање на инсектите беа користени феромонски стапици, како сигурен метод за следење и откривање на *T. Absoluta*. Присуството на *T. absoluta* беше докажано со морфолошка анализа на машките гениталии. Главната цел на нашето истражување беше да се утврди корелација помеѓу динамиката на популацијата на *T. absoluta* и климатските фактори во два производни системи – интегрален и конвенционален, во текот на две сезони пролет/есен, кај доматите во заштитено подрачје. Корелацијата е прикажана преку статистичка анализа на резултатите, со примена на софтверски пакет за статистичка обработка на резултатите, SPSS 19.

Spasova Dragica, Spasov Dusan, **Atanasova Biljana** (2019): *Organic production of spring oats: required variety features*. Lambert Academic Publishing.

Во оваа монографија се претставени резултатите од истражувањата извршени кај овесот, одгледуван во услови на органско производство, добиени со анализа на морфолошките својства на растенијата и хемиските својства на овесот.

Истражувањето е спроведено во 2015 и 2016 година, на 11 генотипови на овес, од странско и домашно потекло: *кривогаштани, требеништа, кучевиште, рајац, славуј, ловкен, купа, барања, експлорер, шампионка* и *истра*. Според добиените резултати сортата *купа* има најниска висина на растенијата меѓу сите испитани генотипови, додека сортата *кривогаштани* има највисоки растенија, со висина над 100 см. Бидејќи висината на растението е во негативна корелација со отпорноста на полегнување, сорти погодни за размножување се: *купа, експлорер, требеништа* и *истра* чија висина е помала од 100 см. Најдолга метлица во периодот од двегодишното истражување имаат сортите *ловкен* и *кривогаштани*, со 21,5 cm и 26,8 cm, соодветно. Просечниот принос на зрно по метлица во двегодишниот период на истражување се движеше од 1,2 g кај популацијата *кучевиште* до 2,8 g во сортата *истра*. Приносот на зрно од овес по единица површина, одгледуван во услови на органско производство, во просек за двегодишниот истражувачки период, се движи од 1.833 kg/ha кај популацијата *кучевиште* до 3.633 kg/ha во сортата *истра*.

Во нашето истражување, факторот генотип игра важна улога во формирањето на приносот, бројот на клавчиња во метлица, должината на метлицата, висината на растенијата и приносот на зрно по метлица. Факторот година има одлучувачка улога во формирањето на бројот на зрна по клавче и зрна по метлица.

Во однос на хемискиот состав на зрната овес, сортата *шампионка* во двете години на истражување се издвојува како сорта со најголема содржина на протеини: 14,3% во 2015 година и 15,3% во 2016 година. Како генотип е издвоена популацијата *кривогаштани* со најголема содржина на масноти во зрното во двете години од истражувањето, со вредности од 4,57% и 4,36%, соодветно. Содржината на пепел во 2015 година била најголема кај сортите *шампионка* и *барања* (4,2%), а во 2016 година во сортата *барања* (4,5%). Популацијата *кучевиште* се карактеризира со најголема содржина на целулоза во зрната во 2015 година (17,5%), додека следната година тоа се сортите *рајац* (30,2%) и *барања* (30,6%).

Содржината на протеини, масти и пепел е под влијание на интеракцијата помеѓу факторите генотип и условите во годината, додека содржината на целулоза е под силно влијание на факторот година.

Spasova Dragica, Spasov Dusan, **Atanasova Biljana** (2018): *Evaluation of new Bulgarian and Macedonian cotton varieties and lines*. Lambert Academic Publishing.

Целта на оваа студија беше да се процени генетското растојание помеѓу единаесет бугарски и четири македонски сорти на памук со примена на методот на кластерска анализа. Испитувањето беше спроведено во 2008 и 2009 година. Анализата на кластерот врз основа на агрономските и технолошките својства на влакната на сортите памук ги потврди генетските разлики меѓу нив. Сортите се групирани во две основни групи во зависност од насоките за одгледување и начините на размножување.

Некои сорти беа генетски многу слични и тие можеа да бидат вклучени во една програма за размножување за брз ефект на размножување. Македонските сорти и линии беа генетски оддалечени од некои бугарски сорти и нивното вклучување во една програма за размножување може да има добар ефект. Годишните услови имаа влијание врз генетската сличност и генетската оддалеченост како резултат на предодредување на генетските формули кои ги контролираат особините. Во Струмица сортите повеќе се разликуваа по принос и процент на влакна, а помалку по должината на влакната.

**Објавени научни трудови:**

1. Spasova Dragica, Valcheva Darina, **Atanasova Biljana,** Burovska Adrijana Spasov Dusan, Ilievski Mite (2021): Qualitative features of oats grown in condition of organic production. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 19 (1). pp. 23-29. ISSN 2545-4455

Истражувањето за овој труд е спроведено во 2015 и 2016 година, на 11 генотипови овес во услови на органското производство. Три од испитуваните генотипови беа домашни популации: *кривогаштани, требеништа* и *кучевиште*. Останатите беа интродуирани сорти, меѓу кои *рајац, славуј* и *ловкен* од Србија и *купа, барања, експлорер, шампионка* и *истра* од Хрватска. Во просек, во двете години од испитувањето, *шампионка* имаше највисока содржина на протеини (14,80%), што покажа дека има висока хранлива вредност. Постои статистички значајна разлика помеѓу испитуваните генотипови. Процентот на масти во овесот, кој се одгледува органски, во двете години на истражување е статистички различен кај различни генотипови. Во просек, во двете години на истражување, содржината на масти се движела од 2,31% кај популацијата *требеништа*, до 4,47% кај популацијата *кривогаштани*. Сортата *барања* е со најголема содржина на пепел во зрната (4,35%), во просек за периодот на истражување. Во истата група **а** е рангирана сортата *шампионка* со 4,30%. Помеѓу генотиповите постои статистички значајна разлика. За периодот 2015-2016 година, сите испитани генотипови припаѓаат на групата **а**, односно сите сорти и популации содржат висока содржина на целулоза. Со оглед на тоа што својството содржина на целулоза е негативно во корелација со квалитетот на овесот, при изборот на растенијата поважни се сортите со помала содржина на целулоза. Анализата на варијансата за квалитетот на овесното зрно покажува дека вредностите на содржината на протеини, масти и пепел се релативно константни во годините на истражувањето. Условите во годините на истражување имале послаб ефект од генотипот. Јачината на генотипот е 65,06%, 67,06% и 72,04%, соодветно. Содржината на протеини, масти и пепел е под силно влијание на генотипот, додека содржината на целулоза е под силно влијание на годината.

2. **Atanasova Biljana,** Spasov Dusan, Spasova Dragica, Ilievski Mite (2018): Occurrence of Tetranychus urticae on sour cherry trees in Southeastern of Macedonia. Book of proceedings 2018, IX International Scientific Agriculture Symposium “AGROSYM 2018”, Jahorina, 04-07 Oct 2018. pp. 922-926. ISSN ISBN 978-99976-718-8-2

Истражувањето е спроведено во текот на 2017 година во насади со вишни во југоисточна Македонија (регионот на Штип, Струмица и Гевгелија), пред и по бербата на вишни (1.6. – 30.9.2017). Набљудувањето на пајачињата започна пред бербата. Методот за следење на подвижните популации на двоточкастото пајаче се состои од земање примероци од 10 листови, од 10 случајно избрани дрвја (100 листови), на површина од два хектари. За да го процениме бројот на пајачиња по лист, ги броиме листовите кои имаат две или повеќе подвижни двоточкасти пајачиња од секој примерок. Резултатите покажаа дека по бербата на вишните, во текот на летото и есента, бројот на двоточкасти пајачиња се зголемува и го

надминува економскиот праг (8-10 пајаци на листот), па затоа е потребен хемиски третман за да се контролира популацијата на пајакот. Проблемот во Република Македонија е што производителите на вишни ретко вршат постбербена обработка на вишните дрвја, така што популацијата на двоточкасти пајачиња се зголемува, што пак придонесува за намален принос на вишни.

3. Spasova Dragica, **Atanasova Biljana,** Valcheva Darina, Spasov Dusan, Ilievski Mite, Burovska Adrijana (2018): Productive features of oat varieties grown in organic production in the region of Strumica. Bulgarian Journal of Agricultural Science, 24 (3). pp. 398-403. ISSN 1310-0351

Цел на истражувањата во овој труд е да се утврди приносот и компонентите на приносот од 11 генотипови овес, одгледувани во 2015 и 2016 година, во Струмичкиот регион. Генотиповите покажаа различни вредности речиси за сите анализирани компоненти на приносот и врз основа на сигнификантноста на разликите во испитуваните вредности се поделени во групи. Од сите генотипови, одгледувани во реонот Струмица, со најголем вкупен принос на зрно по години се, сортите овес *купа* (3 850 kg/ha и 2 866 kg/ha) и *истра* (3 600 kg/ha и 3 666 kg/ha). Испитуваните 11 сорти се распределени во 3 кластера. Третиот кластер ги вклучува сортите *купа* и *истра*, кои се најприносни.

Преку направената анализа на варијанса се утврди дека факторот генотип има најголемо влијание врз следниве компоненти на принос: бројот на клавчиња во метлицата, должината на метлицата, височината на растението и приносот на зрно во метлицата.

4. Spasova Dragica, Valcheva Darina, **Atanasova Biljana**, Burovska Adrijana, Spasov Dusan, Ilievski Mite (2018): Comparative analysis of oats quality grown in conditions of organic production. Comptes rendus de l'Acade'mie bulgare des Sciences, 71 (3). pp. 437-444. ISSN 2367-5535 **(IF 0,251)**

Испитувањата се вршени во 2015 и 2016 година на 11 генотипови овес при услови на органско производство. Од нив 3 генотипови се домашни (*кривогаштани, требеништа* и *кучевиште*), 3 генотипови српски (*рајац, славуј* и *ловќен)* и 5 генотипови се со хрватско потекло (*купа, барања, експлорер*, *шампионка* и *истра*). Генотиповите покажаа различни просечни вредности речиси за сите анализирани компоненти на приносот и врз основа на сигнификантноста на разликите во просечните вредности се поделени во групи. Од сите генотипови, одгледувани во реонот Струмица, со најголем просечен принос на зрно средно за двете години се сортите овес *истра* и *купа* (3.633 kg/ha и 3.358 kg/ha). Силна позитивна корелација постои помеѓу приносот на зрното по метлицата и приносот на зрно по 1ха (0.716).

Од распределбата на компонентите на приносот и приносот на зрно во факторијалната рамнина добивме дека приносот може да се зголеми само со одбирање на метлици со висок принос на зрно.

5. Buseva Lence, Spasova Dragica, **Atanasova Biljana** (2018): Characterization of some domestic and introduced varieties of cotton in the agroecological conditions of Strumica region. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 16 (1). pp. 37-43. ISSN 2545-4455

Во текот на 2015-2016 година, спроведено е истражување со 10 сорти памук (линии 5136, 5140 и 5141, создадени во Институтот во Струмица и бугарските сорти *чирпан 539, вено, перла 267, авангард 264, колорит 409, хелиус 288 и наталија 361)* во агроеколошките услови на Струмичкиот регион. Целта беше да се проучат биолошките и земјоделските карактеристики на сортите на памук. Експериментите беа направени во три повторувања по рандомизиран блок систем и со големина на експериментална парцела на терен до 14 $м^2$. Сите испитани сорти во агроеколошки услови во Струмица спаѓаат во средно ранозрели сорти, со вегетациски период од 125-130 дена. Линиите спаѓаат во групата на ранозрели сорти со вегетациски период од 116-118 дена. Приносите на сувиот памук во годините на истражување се од 2.853 кг/ха кај бугарската сорта *колорит* до 5.158 кг/ха кај сортата *вено*. Највисок рандман од домашните генотипови има линијата 5.141 (42,6%), а од бугарските генотипови *чирпан 539* (45,4%) и *хелиус 204* (43,8%).

6. Burovska Adrijana, Spasova Dragica, **Atanasova Biljana**, Spasov Dusan, Ilievski, Mite (2018): Examination of some quality features of oats grown in conditions of organic production. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 16 (2). pp. 9-15. ISSN 2545-4455

Истражувањето за овој труд е спроведено во 2015 и 2016 година, на 11 генотипови овес во услови на органското производство. Три од испитуваните генотипови беа домашни популации: *кривогаштани, требеништа* и *кучевиште*. Останатите беа интродуирани сорти, меѓу кои *рајац, славуј* и *ловкен* од Србија и *купа, барања, експлорер, шампионка* и *истра* од Хрватска. Во првата година од истражувањето енергијата на ‘ртење на семето од овес се движеше од 70% во сортата *рајац*, до 96% за сортата *купа*. Во втората година енергијата на ‘ртење беше 81% за сортата *купа*, до 96% во сортата *истра*. При споредбата на сортите се истакнува дека постојат статистички значајни разлики. Вкупното ‘ртење на семето од овес, култивирано во услови на органско производство, е статистички различно помеѓу различни генотипови, во двете години на истражување. Во 2015 година сортата *рајац* покажа минимално ‘ртење (70%), а во 2016 година сортата *ловќен* (82%). Сортата *кривогаштани* покажала најголемо ‘ртење во двете експериментални години (96% во 2015 година и 97% во 2016 година). Без разлика на годината и начинот на производство, најдобар генотип од тестираните варијанти за најголема апсолутна маса на зрно, сепокажа сортата *истра* со 34,6 g во 2015 година и 29,6 g во 2016 година. Најмала апсолутна маса во двете експериментални години имаше популацијата *кривогаштани*, 12,3 g во 2015 година и 14,9 g во 2016 година. Постои статистички значајна разлика помеѓу сортите.

7. Ilievski Mite, **Atanasova Biljana**, Spasov Dusan, Spasova Dragica, Ilieva Verica, Markova Ruzdik Natalija, Vuckov Pavle (2018): Protein profile of some genotypes of flax (*Linum usitatissimum* L.) in the Strumica region, Republic of Macedonia. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 16 (2). pp. 17-23. ISSN 2545-4455

Цел на истражувањата во овој труд е да се утврди содржината на масло во семето од пет генотипови лен, одгледувани во 2014 и 2015 година, во Струмичкиот регион. Генотипот *велушина* е користен како стандард. Добиената просечна содржина на масло се движи од 20,0% кај генотипот *велушина*, до 30,9 % кај генотипот *белинка*. Генотипот *белан* се карактеризира, исто така, со висока содржина на масло, 30,8%. Сите испитувани генотипови имаат поголема содржина на масло во семето во однос на стандардот и се перспективни за индустријата за масло.

8. Gunova Natasa, Spasov Dusan, **Atanasova Biljana**, Spasova Dragica, Ilievski Mite (2017): Correlation between population dynamics of Tuta ansoluta (Lepidoptera: Gelechidae) and climate, at tomato in protected area. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 15 (1/2). pp. 69-74. ISSN 2545-4455

Ова истражување ги потврдува појавата и присуството на лисниот минер *Tuta absoluta* (Meyrick 1917) (Lepidoptera: Gelechidae) кај доматот во заштитен простор во југоисточна Македонија, во периодот од 2015 до 2016 година. За собирање на инсектите биле поставени феромонски мамки, кој е еден од најдобриот метод за мониторинг и детекција на *T. absoluta*. Присуството на T. absoluta е докажано со морфолошка анализа на машкиот генитален апарат. Главната цел на истражувањето била да се одреди корелацијата меѓу динамиката на популација на *T. absoluta* и климатските фактори во два производни системи – интегрален и конвенционален во текот на две сезони, пролет и есен, кај доматите во заштитен простор. Корелацијата е прикажана со статистичка анализа на резултатите, со примена на софтверски пакет за статистичка обработка на податоците, SPSS 19.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката д-р Билјана Атанасова учествува во реализацијата на други активности во рамките на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“:

- Администратор на Меѓународното научно списание Journal of agricultural and plant sciences ISSN 2545-4455 (2017 – до денес)
- Член на Комисијата за уписите на прв циклус студии на Земјоделски факултет, за академските 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 година, на прием на документи на студенти, во Наставен центар – Струмица, при УГД – Штип, во трите уписни рокови;

- Претседател и член на Пописната комисија за Наставен центар – Струмица, при УГД – Штип, за 2013, 2014, 2015 и 2016 година;
- Член на тимот од Катедрата за заштита на растенијата и животната средина, во изготвување на наставните содржини од прв и втор циклус студии на Земјоделски факултет, УГД – Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација од пријавената кандидатка д-р Билјана Атанасова, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија констатира дека д-р Билјана Атанасова, со своите наставни, научни, стручни и професионални квалитети ги исполнува условите предвидени со законските прописи за избор во звање доцент. За целокупната активност во извештајниот период, кандидатката д-р Билјана Атанасова има остварено вкупно НО + НИ + САОР = 144 поени.

Согласно со горенаведеното, Рецензентската комисија има чест и особено задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип кандидатката **д-р Билјана Атанасова** да ја избере во звање **доцент** во наставно-научната област **ентомологија** на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Душан Спасов,**
**редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претседател, с.р.**
**Д-р Весна Крстеска,**
**редовен професор на Институт за тутун - Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, член, с.р.**
**Д-р Билјана Ковачевиќ,**
**вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Избор во звање асистент | 1 | 15 | | | 15 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **15** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **1** | Монографија | | | 3 | 15 | **45** |
| **2** | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) | | | 1 | 5 x 0,7 | **3,5** |
| **3** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | 6 | 3 x 3 x 1<br>1 x 3 x 0,7<br>1 x 6 x 0,7<br>1 x 9 x 1<br>Вк. 18,3 | 1 | 6 x 0,7<br>Вк. 4,2 | **22,5** |
| **4** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и странство | 5 | 4 x 1<br>1 x 1,5<br>Вк. 5,5 | 1 | 1x 1,5<br>Вк. 1,5 | **7** |
| **5** | Одбранета докторска теза | | | 1 | 8 | **8** |
| **6** | Учесник во научен проект | 2 | 2 | | | **4** |
| **7** | Член на уредувачки одбор на научно списание | 1 | 1 | | | **1** |
| | **Вкупно:** | | | | | **91** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Книга/учебник | 1 | 10 | | | **10** |
| **2** | Член на универзитетски или владини тела | 4 | 5 | | | **20** |
| **3** | Член на факултетски орган, комисија | 4 | 2 | | | **8** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **38** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **144** |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАУЧНО-НАСТАВНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ 64004 АНГЛИСТИКА И 61212 ИСТОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТА НА ГЕРМАНСКИТЕ НАРОДИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1902-36/5 од 26.01.2022 година донесена на 240. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 26.1.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите научно-наставни звања/доцент за наставно-научните области 64004 англистика и 616212 историја на книжевноста на германските народи на Филолошкиот факултет (факултет) при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- д-р Наталија Поп Зариева (претседател), доцент за наставно-научните области 64004 англистика и 61212 историја на книжевноста на германските народи на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- д-р Нина Даскаловска (член), редовен професор за наставно-научните области 64004 англистика; 64028 методика на јазик; 61225 методика на литературата на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- д-р Натка Алаѓозовска (член), доцент за наставно-научните област наука за книжевност и наука за јазикот 64004 англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 27.12. 2021 година и во предвидениот рок се пријави:

1. Марија Крстева, виш лектор на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Р Македонија; доктор на науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката д**-р Марија Крстева** е родена на 7 јуни 1986 година во Кочани. Средно гимназиско образование завршува во ДСУ „Љупчо Сантов“ во Кочани. Во 2005 година се запишува на додипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, на Групата за англиски јазик и книжевност, на две насоки, насоката за толкување и насоката за преведување при истата катедра. Студиите ги завршува во јуни 2009 година со просек од 9,28 и се стекнува со стручен назив дипломиран филолог - толкувач од англиски јазик на македонски и обратно. Истата година, во септември 2009 година Марија Крстева заминува на двегодишни интердисциплинарни постдипломски студии по американски студии и трансатлантски односи на Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски” во Бугарија, како стипендист на Европската Унија. Марија Крстева ги положува предвидените испити на постдипломската програма (вкупно 21), со просечна оценка 5,95 според системот на оценување во Република Бугарија, што соодветствува на просечна оценка 9,94 на системот за оценување во Република Македонија. Во 2011 година го одбранува својот магистерски труд на тема *„Родови и семејни односи во Северна и Јужна Америка преку примери од уметноста“* под менторство на проф. д-р Јулија Стефанова. За време на магистерските студии Марија Крстева посетува летен институт во Банско, организиран од Комисијата Фулбрајт во Бугарија, со студиска посета на Американскиот универзитет во Благоевград, Бугарија. Во 2014 година кандидатката се запишува на докторски студии на Факултетот за класична и нова филологија на Софискиот

универзитет „Св. Климент Охридски" во Софија, Бугарија. За време на нејзината научно-образовна дејност, Марија Крстева остварува неколку значајни студиски посети. Во јануари и февруари 2014 година Крстева престојува на Катедрата за англо-американски студии на Универзитетот „Павол Јозеф Сафарик" во Кошице, Словачка, како стипендист на словачката Влада. Таму таа остварува значајни контакти со тамошните колеги и стекнува меѓународно искуство во начинот на работа и научно истражување, додека врши подготовки за нејзините докторски студии. Во септември 2014 година таа заминува на едномесечен студиски престој во Софија, каде што работи на сопствен материјал и присуствува на лекции од меѓународни предавачи, гости на Софискиот универзитет.

Во ноември 2014 година Крстева се запишува на четиригодишни докторски студии на Факултетот за класична и нова филологија, Катедрата за англистика и американистика на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Бугарија. Во 2020 година кандидатката успешно ја одбранува докторската теза „Игра на жанрови - Животите на Ф.Скот Фицџералд и Ернест Хемингвеј во современата литература", нострификација од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, Записник бр. 24-12739/1 од 3.9.2021 година.

Уште како студент, во 2007 година за време на летниот период, Марија Крстева почнува да работи како наставник, преведувач и толкувач во приватното училиште за англиски јазик *Golden Gate* во Кочани. Во 2009 година работи како наставник по Деловен англиски јазик на возрасни во училиштето за странски јазици *Challenge* во Скопје. Од февруари до јуни 2012 година Марија Крстева работи како надворешен соработник на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факулет „Блаже Конески" во Скопје. Истовремено, таа работи како надворешен соработник и на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Катедра за англиски јазик и книжевност каде што ги одржува вежбите по Постсовремен британски роман во четврта година и на Факултетот за информатика, каде што ги одржува вежбите по Деловен англиски јазик. Во 2012 година, врз основа на јавен конкурс, д-р Марија Крстева е избрана во наставно-научно звање помлад асистент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев"– Штип, во областа англистика, со Одлука бр.2402-209/3 од 5.12.2012 година („Универзитетски билтен" бр.93, декември 2012 година) и е постојано активна во наставно-научниот процес, во научноистражувачката дејност, како и во стручно-апликативната дејност. Својата кариера таа ја продолжува како лектор на истиот факултет од 2015 година со Одлука број 1902-117/11 од 6.7.2015 година („Универзитетски билтен" бр.149, јуни 2015 година). Понатаму таа со Одлука бр. 1902-65/7 од 26.3.2019 година (Универзитетски билтен" бр. 272-2, март 2019 година е избрана за виш лектор на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, во областа англистика.

**Општи услови за избор:**

- Д-р Марија Крстева има завршено прв циклус студии од наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје во 2009 година со просек 9,28.
- Д-р Марија Крстева има завршено втор циклус двегодишни интердисциплинарни студии од областа американистика и трансатлантски односи на Универзитет „Св. Климент Охридски" - Софија, Бугарија, во 2011 година со просек 9,94.
- Д-р Марија Крстева има завршено трет циклус студии (докторски студии) од областа англо-американска литература на Универзитет „Св. Климент Охридски" - Софија, Бугарија во 2020 година.
- Има објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација во областа во која се избира во последните пет години пред објавување на огласот за избор. Подолу следи нивна евалуација.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Крстева, Марија; Донев, Драган и Поп Зариева Наталија | *Literature Review on Life-writing Genre Blending* | Годишен зборник 2021 - Филолошки факултет, УГД - Штип, (18) ISSN 1857-7059 стр. 163-170 | 11 |
| 2. | Крстева, Марија; Донев, Драган; Костова, Кристина, Илиев, Крсте и Поп Зариева, Наталија | *The Use of Letters in Postmodern Biofictions: The Paris Wife.* | Годишен зборник 2020 - Филолошки факултет, УГД - Штип, (16). ISSN 1857-7059 стр. 19-25. | 11 |
| 3. | Крстева, Марија; Донев, Драган и Костова, Кристина | *Outline of Fictional Appropriations of F. Scott and Zelda Fitzgerald* | Годишен зборник 2019 - Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (14). ISSN 1857-7059 стр.57-61 | 11 |
| 4. | Кристина Костова , Крстева, Марија и Донев, Драган | *Archetypal Literary Criticism Applied on J.K. Rowling's Harry Potter Book Series, with a Focus on Northrop Frye's Views* | Годишен зборник 2021 - Филолошки факултет, УГД - Штип, (17). ISSN 1857-7059 стр.63-73 | 11 |

- Поминала еден мандат како лектор (2015-2018), покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.
- Поминала еден мандат како виш лектор (2019-2022).
- Покрај англискиот јазик, кандидатката ги владее и шпанскиот јазик Б1 (сертификат Институт Сервантес, Софија, Бугарија) и германски јазик А2 (Филолошки факултет - Скопје, јазик под Ц).

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во 2012 година, врз основа на јавен конкурс, д-р Марија Крстева е избрана во наставно-научно звање помлад асистент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во областа англистика со Одлука бр.2402-209/3 од 5.12.2012 година („Универзитетски билтен“ бр.93, декември 2012 година) и е постојано активна во наставно-научниот процес, во научноистражувачката дејност, како и во стручно-апликативната дејност. Својата кариера таа ја продолжува како лектор на истиот факултет од 2015 година со Одлука број 1902-117/11 од 6.7.2015 година („Универзитетски билтен“ бр.149, јуни 2015 година). Понатаму, таа со Одлука бр. 1902-65/7 од 26.3.2019 година (Универзитетски билтен“ бр.272-2, март 2019 година) е избрана за виш лектор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во областа англистика.

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошки факултет кандидатката се покажа како сериозен педагошки работник кој поседува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и имплементирање на сите задачи и задолженија.

Кандидатката се покажа како солиден и исполнителен соработник и во изведувањето на лекторските вежби по предметите: Современ англиски јазик 1, 2, 3 и 4. Истовремено таа беше ангажирана и на нематичните факултети во рамките на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, за реализација на предметите Деловен англиски јазик 1, 2 и 3 на Економскиот

факулет, Англиски јазик 1, 2, 3 и 4 на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Англиски јазик 1 и 2 на Факултетот за природни и технички науки и Англиски јазик 1 и 2 како универзитетски изборни предмети. Во периодот 2017 -2022 година, Марија Крстева ги држи вежбите по предметите Современ англиски јазик 3 и 4, Американски роман, Американска поезија, Американска историја и цивилизација и Специјален курс - Ернест Хемингвеј.

Во овој период д-р Марија Крстева одржува вежби по горенаведените предмети, подготвува материјали за вежби, работи на подготовка и одржува колоквиуми. Д-р Крстева е дел од комисиските испити и одбрани на дипломски работи и е ментор на многубројни дипломски работи.

Покрај обврските поврзани со вежбите по наведените предмети, таа ги извршува одговорно и совесно и сите други задачи за потребите на Групата за англиски јазик и книжевност, Факултетот и Универзитетот.

Д-р Марија Крстева важи и за активен истражувач, а доказ за тоа се нејзините досегашни учества на повеќе национални и меѓународни научни собири, нејзините објавени трудови во национални и меѓународни зборници и сл.

Во продолжение следуваат насловите на објавените трудови со научната евалуација за целиот период до изборот на кандидатката д-р Марија Крстева во наставно-стручно звање *доцент*:

1. Крстева, Марија; Донев, Драган и Поп Зариева, Наталија (2021) *Literature Review on Life-writing Genre Blending* Годишен зборник 2021 - Филолошки факултет, УГД - Штип, (18), ISSN 1857-7059 стр. 163-170.

https://eprints.ugd.edu.mk/29329/

Овој труд прави преглед на постоечката литература и научни истражувања на еден нов и неистражен аспект од литературата, а тоа е жанровото испреплетување во пишувањето животописи. Кога доаѓаат во контакт авто/биографијата и фикцијата се уникатно поврзуваат со сите нивни карактеристики што ги содржат како одделни жанрови, што води до специфично жанрово испреплетување. Овој процес кој резултира со нов смесен жанр неминивно поставува отворени прашања за степенот и разновидноста на таквото испрепрелетување. Така, различни теории се обидуваат да дадат одговори и објаснување за улогата на жанровите во обликувањето на новиот жанр преку прикажување на најважните карактеристики на авто/биографските жанрови од една и фикционалните од друга страна. Овој труд дава критички осврт на најважните теории и дискусии во таа смисла истакнувајќи ги клучните прашања во таа област потребни за понатамошни истражувања.

2. Поп Зариева, Наталија, Кристина Костова и Крстева, Марија (2021) Representation *of Femme Fatales in Gothic and Romantic Writings at the End of the 18th Century* Годишен зборник 2021 - Филолошки факултет, УГД - Штип, (17). ISSN 1857-7059 стр. 73-83.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/article/view/4580

Овој труд анализира две готски балади од крајот 18 век во однос на претставувањето на женските ликови во нив. Станува збор за „The Bleeding Nun" на Метју Луис и „The Dark Ladie" и Ен Бенеман. Трудот се фокусира на испреплетувањето на карактеристиките на фатална жена со одлики на вампиризам и истражува како тие се инкорпорирани во текстот и значењето што го наметнуваат на специфични текстови. Уништувањето на машкиот лик со кој тие се често во врска е основната идеја која ги потврдува овие фатални жени, кои како што е наведено во трудот се исполнети со одлики на вампиризам. Трудот ја истражува улогата на вампиризмот во дадените балади поврзувајќи ги со најпрвите прикази на фаталната жена во романтизмот кај *Кристабел* на Колриџ, која најчесто не се смета за вампир. Вампиризмот овде е претставен како преминлива состојба која создава нов „вампир", тропа која понатаму еден век подоцна ќе еволуира во литература за вампиризам.

3. Кристина Костова, Крстева, Марија и Донев, Драган (2021) *Archetypal Literary Criticism Applied on J.K. Rowling's Harry Potter Book Series, with a Focus on Northrop Frye's Views* .Годишен зборник 2021 - Филолошки факултет, УГД - Штип, (17). ISSN 1857-7059 стр. 63-73.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/article/view/4579

Архетипската литературна теорија се фокусира и на универзалните и повторливи претстави, подредености и мотиви кои ги претставуваат типичните ловечки искуства. Многу фикции имаат слична структура и покрај тоа што имаат различни содржини, околности и ликови и покрај тоа што припаѓаат на различни жанрови. Архетипската литературна теорија ги истражува овие сличности во структурата и подреденостите, овозможувајќи универзален пристап кон литературата. Канадскиот критичар Нортроп Фрај го дефинира архетипот како симбол што се повторува доволно често во литературата за стане препознатлив како елемент во нечие литературно искуство воопшто. Архетипите се подредености кои постојат во литературата како моќни алатки кои помагаат да се разбере едно литературно дело. Фантастичните романи се секогаш голем извор на симболи. Целта на овој труд е да ги истражи страниците од серијалот од седум фантастични романи за Хари Потер за да се обидат да пронајдат и архетипи кои ќе одговараат на описот на архетипната литература предложена од Нортроп Фрај. Фокусот е на ликовите, ситуациите, содржината и темите во романите за Хари Потер кои може да се анализираат преку архетипи. Трудот ги идентификува таквите елементи кои имаат архетипска улога.

4. Донев, Драган; Крстева, Марија; Кристина Костова; Илиев, Крсте и Поп Зариева, Наталија (2020) *Улогата на квалификуваните преведувачи во глобализираниот свет во време на пандемија и инфодемија*. Годишен зборник 2020 - Филолошки факултет, УГД - Штип, (16). ISSN 1857-7059 стр. 51-57.

https://eprints.ugd.edu.mk/27599/

Феноменот на глобализацијата веќе подолго време е присутен во речиси сите сфери на модерното општествено живеење. Но, се чини дека оваа година по прв пат глобализацијата се соочува една друга појава, појава каква немало во изминатите сто години. Станува збор за новонастанатата здравствена криза од светски рамки. Некои автори во своите трудови пишуваат за две кризи што се одвиваат паралелно една на друга. Едната е здравствената, а другата информациската. Првата уште ја нарекуваат пандемија, а втората инфодемија. Во овој труд најпрво ќе се потрудиме накратко да изнесеме преглед на ставови на еминентни истражувачи од оваа областа презентирани во нивни трудови. Понатаму ќе го анализираме влијанието од овие две кризи, здравствената и информациската, во глобализираниот свет, како и улогата што преведувачот ја има во справувањето со вакви кризи. Главната поента во анализава е потребата од квалификувани преведувачи во меѓународната комуникација во време на здравствена криза од светки рамки, во трката за што побргу да се дојде до релевантни информации кога светот се наоѓа во информациска криза.

5. Крстева, Марија (2019) *Translation of Technological Terminology Compounds from English into Macedonian*. Зборник апстраката са Прве националне конференције Методолошка истраживања у херитологији и новим технологијама. ISBN 978-86-6179-070-6 (ЦИК) COBISS.SR - ID 281639180 стр.22-24.

https://eprints.ugd.edu.mk/23757/

Целта на овој труд е да направи анализа на различни текстови од областа на технологијата преведени од англиски на македонски јазик со акцент на преводот на сложенки. Забележани се три главни појави во преводот: целосен превод на целниот јазик, полупревод и целосно од изворниот јазик во целниот. Трудот понатаму прави споредба забележувајќи ги сличностите и разликите на двата преведени текста во контекст на гореспоменатите појави. На овој начин, трудот ги идентификува трендовите во преводот на најновите технолошки термини во мобилната и интернет технологијата кои поради нивната природа и непосредност, сами по себе бараат моментално решение за превод.

6. Илиев, Крсте; Крстева, Марија; Кристина Костова; Донев, Драган и Поп Зариева, Наталија (2020) *Пренебрегнувањето на статусот и должноста на принцот Хал, неговиот грев на мрзеливост, неговата реформација и неговото паѓање во гревот на гордоста*. Годишен зборник 2020 - Филолошки факултет, УГД - Штип, (16). ISSN 1857-7059 стр. 27-35.

https://eprints.ugd.edu.mk/27601/

Трудот тргнува од премисата дека гревовите или пороците на мрзливоста и гордоста може да се откријат релативно лесно во однесувањето на литературните ликови кои има високи функции, како што е на пример војсководец, принц или крал. Овој труд ги

анализира постапките и недостигот на дејствија на принцот Хал во драмите на Шекспир „Хенри IV“ и „Хенри V“, низ призмата на карактеристиките што обично се поврзани со мрзливост и гордост како што е наведено од Исидор од Севилја и Тома Аквински. Трудот историски ја дефинира појавата „мрзливост“ од почетоците, кога мрзливоста се поврзувала со занемарување на религиозната функција, до XIV век, кога се здобила со втор синоним, имено „занемарување на обврската за статус или професија,“ како што објаснува Зигфрид Вензел (1967: 91).

7. Крстева, Марија; Донев, Драган; Кристина Костова; Илиев, Крсте и Поп Зариева, Наталија (2020) *The Use of Letters in Postmodern Biofictions: “The Paris Wife”*. Годишен зборник 2020 - Филолошки факултет, УГД - Штип, (16). ISSN 1857-7059 стр. 19-25.

https://eprints.ugd.edu.mk/27600/

Поле на интерес на овој труд се постмодерните книжевни автори кои користат различни книжевни методи и техники како начин за создавање на различни културни и јазични контексти. Таквите техники кои Јарослав Куснир (2011) ги наведува вклучуваат употреба на стари форми и жанрови намерно создавање на плагијат, кич, лажни или преправани цитати од познати литературни и други текстови, интертекстуалност, пастиш и сл. Трудот ја истражува посебната улога која ја има постмодерното биофиктивно пишување кое користи фактички и измислени писма во создавањето на нови значења. Трудот прави анализа како авторите вметнуваат измислени факти и ги испревртуваат вистинските со цел да создадат нови форми, стилови и жанрови.

8. Поп Зариева, Наталија and Донев, Драган and Илиев, Крсте Костова Кристина и Крстева, Марија (2020) *Моќта на очите во „Дракула“ на Брам Стокер*. Годишен зборник 2020 - Филолошки факултет, УГД - Штип, (15). ISSN 1857-7059. стр. 55-61.

https://eprints.ugd.edu.mk/27584/

Вампирите од народните легенди и нивните претставници во литературата немаат многу заеднички карактеристики, но еден аспект од митологијата којшто бил засилен во англиската литература на дваесеттиот век е улогата на очите на вампирот. Вампирскиот поглед кој ја намамува жртвата во легендите, прераснува во чест мотив во литературата. Очите на вампирот го обземаат ликот, преземаат целосна контрола над него и го намамуваат кон негово сопствено уништување. Дракула на Брам Стокер се базира на оваа карактеристика во претставувањето на очите на ликовите и воедно го вклучува и народното верување во „зло око“ со цел да ја претстави борбата на доброто против злото. Уникатниот начин да се наслика сатанската сила во очите на вампирот кај Стокер е надополнета со сексуална конотација на зажарените очи на вампирите, кои сјаат од жед за згаснување на сексуална желба која воедно значи и згаснување на жед за крв, односно храна. Овој труд има за цел да ги претстави и анализира различните претставување на очите во Дракула и да даде објаснување за нивната импликација во вампирскиот мотив и темата на делото.

9. Крстева, Марија; Донев, Драган и Костова Кристина (2020) *Outline of Fictional Appropriations of F. Scott and Zelda Fitzgerald*. Годишен зборник 2019 - Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, (14). ISSN 1857-7059 стр.57-61.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/article/view/3382

Целта на овој труд е да даде хронолошки и тематски приказ на постоечките романи кои комбинираат факт и фикција, наречени биофикции/литературни биографии за животите на американските автори Френсис Скот Фицџералд и неговата жена Зелда Фицџералд. Трудот ги анализира и сентитизира информациите за објавените книги со цел да го потврди и одреди трендот на таквото пишување. Трудот е неопходен за понатамошно проучување и анализа биофикцијата како хибриден жанр, како и за фикционалниот портрет на Фицџералдови.

10. Костова, Кристина; Крстева, Марија; Поп Зариева, Наталија; Илиев, Крсте и Донев, Драган (2020) *Драмата во среден век како основа за означување на културниот идентитет во Англија*. ФИЛКО - Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, ISSN 978-608-244-698-15 стр. 155-161.

https://eprints.ugd.edu.mk/27602/

Во среден век во Англија драмските активности не биле секуларни, туку се должеле на покровителство од религиозни институции. Средновековниот театар и неговите почетоци се длабоко вкоренети во литургијата. Токму црквите биле првите бини за литургиските драми и драматизации. На црковно тло се поставувале различни драмски форми по повод одредени празници, со цел да им се приближат библиските приказни на верниците. Со време, верниците почнале да се вклучуваат во изведбата на тие примитивни драмски форми. Литургиската драма станувала сè подолга и посложена. Драмските поставки постепено излегувале од црквата, па се издвоиле и нови форми во средновековната драма познати како миракули, мистерии, моралитети итн. Во овој труд ќе бидат прикажани различните драмски форми кои биле чести во среден век во Англија. Ќе бидат образложени нивните специфики, а ќе бидат наброени и разликите кои ги издвојуваат една од друга.Токму драмата станува олицетворение на културниот идентитет во Англија за време на ренесансата. Оттаму, иако аматерски изведена, средновековната драма во Англија е прилично значајна, затоа што претставува основа за понатамошниот развој на драмата во Англија.

11. Донев Д., Илиев, К., Поп Зариева, Н., Крстева, М., Костова, К. (2019). *Културолошки импликации во меѓународната деловна комуникација*. Годишен зборник 2019 - Филолошки факултет, УГД - Штип, (13). ISSN 1857-7059 стр. 27-33.

https://eprints.ugd.edu.mk/28932/

Културолошките аспекти сè почесто се во фокусот на истражувањата поврзани со наставата по англиски како странски јазик. Во овој труд се обидува да даде преглед на ставовите од еминентни истражувачи од оваа област изнесени во нивни трудови на оваа тематика, како и влијанието на културолошките аспекти во изучувањето на англискиот како странски јазик и нивното влијание во комуникацијата во меѓународниот глобализиран контекст. Притоа се анализира улогата што културата ја има во општествените ситуации на современиот живот. Авторите на трудот презентираат мислењата на повеќе автори, како и нивни сознанија, откритија и предлози во однос на потребата од акцентот врз културните особини како важен аспект во изучувањето на англискиот како странски јазик во време на глобализацијата. Трудот, исто така, се фокусира на употребата на англискиот како лингва франка во меѓукултурни контакти.

12. Илиев, Крсте; Поп Зариева Наталија; Крстева, Марија и Донев, Драган (2019) *The Origins of the Seven Deadly Sins*. Годишен зборник 2019 - Филолошки факултет, УГД - Штип, (14). ISSN 1857-7059 стр. 49-57.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/article/view/3380

Концептот на седумте смртни гревови се користи во католичките исповедни практики преку употребата на прирачници за каење, но за овој концепт дискутираа и разни филозофи како Тома Аквински и Роџер Бејкон. Покрај тоа, концептот бил толку популарен што поети како Данте Алигиери, Џефри Чосер, Џон Гауер и Кристофер Марлоу, автори како Вилијам Ленгленд и теолози, како што е Џон Виклиф, меѓу другите, исто така го користеле овој концепт, дали да ги збогатат своите дела или да го расветлат концептот од нивна перспектива. Овој труд го следи развојот на концептот од „египетските пустини", преку хеленистичката теологија, „Патување на душата", Гностиците, преку воздушните демони иаскетиците во делата на Евагриј од Понт и Јован Касијан до стандардизацијата на концептот од папата Григориј Велики во 6 век.

13. Костова, Кристина; Поп Зариева, Наталија; Донев, Драган; Илиев, Крсте и Крстева, Марија (2019) *Андроцентричниот глас во драмата на Џон Озборн „Обѕрни се во гнев"*. Годишен зборник 2019 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 10 (13). ISSN 1857-7059 стр. 53-58.

https://eprints.ugd.edu.mk/27597/

Поимот „глас" упатува на стојалиштето на авторот, но исто така и на ставовите и случувањата кои се прикажани преку ликовите и текот на драмското дејство. Овој труд се обидува накратко да даде преглед на гласот на текстот на драмата „Обѕрни се во гнев" на Џон Озборн. Притоа ја анализира андроцентричната димензија на гласот на текстот, со детален опис на андроцентричноста како литературен и општествен концепт во кој машките перспективи и искуства се ставени на пиедестал, додека женските перспективи и

искуства се целосно игнорирани. Трудот ги дефинира и објаснува поимите „драма покрај кујнскиот мијалник“, „гневни млади мажи“ и „порноглосија“, притоа презентира неколку извадоци од драмата кои ја потврдуваат андроцентричната природа на гласот на текстот. Во фокусот на трудот се начините на прикажување на секојдневието и особено на одвивањето на драмското дејство и неговата завршница во релација со гласот на текстот.

14. Крстева Марија; Донев, Драган и Илиев, Крсте (2018) *New Media Content – Meme* Годишен зборник 2018 9 (12) - Филолошки факултет, УГД - Штип. ISSN 1857 – 7059 стр.135-141.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/article/view/2640

Овој труд дава објаснување за зголеменото користење на новите технологии и дигитализацијата кои донесоа значителни промени во секојдневниот живот на луѓето. Новите медиумски содржини создадени како резултат на тоа доведоа до промена на моделите на однесување и разбирањето на социјалните, културните и политичките случувања и на глобално и на локално ниво. Еден таков медиумски производ наречен меме, игра значајна улога во создавањето на концепти и разбирање. Овој процес е метафоричен и може да адресира различни проблеми преку привлекување на вниманието на луѓето и предизвикување на нивното размислување. Истовремено, таквите содржини може значително да влијаат врз предрасудите на луѓето.

15. Крстева, Марија. (2017). *Fact vs. Fiction: The Doubling of the Biographical Self in Biofictins about F. Scott Fitzgerald and Ernest Hemingway*. Conference proceedings, Second International Scientific Conference “Filko” - Philology, Culture and Education. ISBN 978-608-244-469-7 стр. 271-277.

https://eprints.ugd.edu.mk/19622/1/FILKO%20V.%20Dimova.pdf

Овој труд го разгледува препишувањето на животните приказни како повторно откривање на себе преку романот на Тереза Ен Фаулер, З: Роман на Зелда Фицџералд како биофикција за животите на Фицџералд и неговата сопруга на Зелда Фицџералд. Како таква, таа е создадена за да искаже посебен став или да промовира посебен аспект на вистинската животна приказна претворајќи ја во фикција. Истовремено се разгледува и биофикцијата, париската сопруга на Паула Меклејн која го прикажува животот на Ернест Хемингвеј. Како постмодернистички литературни дела, тие го предизвикуваат својот жанровски статус, но не го одбиваат сопствениот фиктивен статус и на тој начин стануваат метафиктивни. Нивните метафиктивни елементи исто така укажуваат на фикционалноста на фикцијата, вклучувајќи го и читателот во создавањето на значењето на текстот.

16. Крстева, Марија (2016) *Intertextual references to J. Conrad’s novella Heart of Darkness in F. F. Coppola’s film Apocalypse Now*. Меѓународна научна конференција „Климентовото Дело“. ISBN 978-608-244-404-8 стр. 161-165.

https://eprints.ugd.edu.mk/17838/

Овој труд ги разгледува интертекстуалните референци од „Срцето на темнината“ кои постојано се појавуваат во сцените на филмот „Апокалипсата сега“ и одново и одново им даваат нови значења. Интертекстуалноста има главна улога во создавањето поинаква перспектива на Виетнамската војна, како што е олицетворена во филмот „Апокалипса сега“. Интертекстуалноста е неотуѓиво својство на секој текст и ќе продолжи да биде дел од текстови што допрва треба да се креираат. Тоа е континуирана нишка која секогаш плете различни модели во книжевниот свет. Филмот е специфична презентација на различни ликови вклучени во приказната со силни интертекстуални референци кон романот на Конрад „Срцето на темнината“. Како производ на интертекстуалноста се добива поинаков систем на знаци.

17. Крстева, Марија (2016) *Biographical fictions about the great American authors F.Scott Fitzgerald and Ernest Hemingway*. Conference proceedings, First International Scientific Conference “Filko” - Philology, Culture and Education. ISSN 978-608-244-308-9 стр. 439-448.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/fe/article/view/1658

Овој труд ги разгледува биографските фикции за големите американски автори Ф. Скот Фицџералд и Ернест Хемингвеј кои претставуваат конкретен постмодернистички жанр. Во таа смисла се создадени многу романи кои се занимаваат со нивниот живот или со одреден дел од нивниот живот. Животните приказни на двете литературни великани на американскиот и европскиот модернизам се преплетуваат. Историските факти и референци кон модернизмот го наоѓаат своето место во современиот постмодернистички свет преку придобивање на поинакви значења.

18. Крстева, Марија (2015) *Biofictions as part of contemporary fiction*. In: XII-а конференция на нехабилитираните преподаватели и докторанти от Факултета по класически и нови филологии, 15 May 2015, Sofia, Bulgaria. ISSN C633-2943. - Бр. 3 (2015).

https://plus.bg.cobiss.net/opac7/bib/1282237156

Овој труд се фокусира на сè попопуларниот сегмент на современата фикција, имено романескното преобликување на приказните за животите на луѓето во литературни биографии. Овие текстови покажуваат различни присвојувања на факти, измислени ликови, романи, правила и мотиви, кои помагаат во воспоставувањето кореспонденции помеѓу минатото и сегашноста на различни начини. Историографската метафикција се занимава со овој конкретен третман на „факт" наспроти „фикција" со отфрлање на сегашните верувања и стандарди во минатото и потврдување на специфичноста и посебноста на поединечниот минат настан.

19. Крстева, Марија и Донев, Драган (2015) *Тематските преокупации во „Долга црнечка песна“ на Ричард Рајт*. Годишен зборник 2015 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 6. ISSN 1857-7059 стр.113-119.

https://eprints.ugd.edu.mk/15259/

Овој труд се однесува на расказот „Долга црнечка песна“ од Ричард Рајт. Периодот на 20-тите години на минатиот век е револуционерна декада за Афроамериканците. Тоа е времето на „Новиот Црнец“, кога тој за прв пат самоуверен успева да се пронајде себеси и да му покаже на светот дека не е задоволен со „местото“ кое му било доделено. Прибежиште наоѓа во брзорастечкиот Њујорк и го претвора во центар на афроамериканската литература, уметност и музика. Афроамериканскиот идентитет отсекогаш бил тематска преокупација за црнечките автори и уметници. Така, главната цел на Рајт е да ги прикаже Црнците најверодостојно што може, рушејќи го митот на Белците за нив како мирни и понизни луѓе. „Долга црнечка песна“ е еден од осумте раскази од колекцијата „Децата на чичко Том“ и обид на Рајт да го воведе „Новиот Црнец“.

20. Крстева, Марија (2014) *Индустриската револуција и големите градови во Америка*. Репер, 6 (48). ISSN 1857-5900

https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=11812

Периодот на рапиден технолошки напредок наречен Индустриска револуција започнува во Велика Британија во средината на 18 век, од каде што се проширува насекаде во светот. За разлика од претходните револуции кои донеле општествени и политички промени, оваа револуција трансформирала многу држави од главно рурални земјоделски општества во модерни економии основани на индустриски развој. Индустриската револуција наоѓа особено плодна почва за развој за време на 19 век во Америка. По прогласувањето на независноста во 1776 год., Америка била претежно земја на фармери и занаетчии. Користејќи ги новите технолошки постигнувања, на почетокот на векот, Америка се претвора во место за дотогаш невидени можности за развој.

21. Крстева, Марија (2014*) Knowledge and the knowledge worker in the era of great technological development*. Knowledge, International Journal-Scientific and applicative papers, Institute of knowledge management, Skopje, Macedonia, 4. ISSN 978-608-65653-8-1 стр. 128-130.

https://eprints.ugd.edu.mk/11812/

Целата на овој труд е да се проследи теоријата на Питер Фракер за луѓето што се занимаваат со интелектуална професија во свет кој постојано се менува и свет на иновации. „Landmark of Tomorrow” е она што може да се нарече социјален, културолошки и економски иновациски феномен. Тоа е водечката сила на нови иновации, визии и

капацитети на дејствување. Иновациите одат рака под рака со ерата на високорастечка меѓузависност на политиката и економијата, или со еден збор глобализацијата. Теоријата на Питер Дракер за местото на индивидуата во променливиот свет прави паралела меѓу знаењето и иновацијата. Како што се менува сликата за човековото општество, така се менува и работата на институциите. Владите, училиштата, воените сили заедно со бизнис заедниците се центарот на пренесување знаење и иновации. Тој процес е поддржан и зависи од комбинацијата на индивидуалната имагинација и научните факти. Резултатот секогаш е понова верзија на претходното.

22. Крстева, Марија (2014*) Раѓањето на американската демократија*. Репер, VI (47). ISSN 1857-5900

https://eprints.ugd.edu.mk/11198/

Во својата книга „Американската демократија" де Токвил прави анализа на една стабилна и перспективна демократија, бележејќи ги разликите помеѓу таа и демократијата во родната Франција, додека ги посетува САД во триесеттите години на XIX век. Таа анализа води до заклучокот дека феноменот на демократијата го достигнал својот најголем прогрес во Америка. Тој се обидува да ги пронајде силите и слабостите на една демократија и да одговори како евентуалните слабости може да се преодолеат. Главното прашање по кое Токвил се раководи е како да се зачува слободата наспроти сѐ поголемата еднаквост на условите. Најважните фактори кои влијаат на тоа се структурата на власта како и институциите кои ја чуваат слободата на американското општество. Имајќи го тоа предвид, најпрво треба да се разгледаат самите обичаи и верувања на американските населеници од самиот почеток бидејќи и самата структура на власта е нивен директен производ.

23. Крстева, Марија (2014) *Доселеници од мочуриштето*. Репер, 6 (42). ISSN 1857-5900

https://eprints.ugd.edu.mk/9875/

„Доселеници од мочуриштето" е роман прв пат публикуван во 1925 год. во контраверзни услови по однос на неговата тематика. Некои критичари го осудиле за „непристоен" и „безобразен". Црквите изнеле предупредувања за да се одбегнува скандалозната содржина, за само неколку децении подоцна да биде признаен за маркантно дело во развојот на канадскиот роман. Романот припаѓа на канадскиот реализам. Тоа е фикција или регионален односно прериски реализам чии главни одлики се космополитски проблематики како љубов и романса, секс и сексуалност, убиство, дваесеттиот век, деветнаесеттиот век, брак, проституција и проститутки, рурален или селски живот, фарми и фармери, Канада и Канаѓани, амбиција, труд, домување, првите доселници и нови територии. Во таа смисла, романот претставува психолошки портрет на животот во Канадскиот запад. Тоа е приказна за млад шведски заселник кој доаѓа во „Новиот свет" да започне нов живот и да си го исполни сонот. Неговиот живот сепак е одбележан од тешкотиите со кои се соочуваат доселениците во канадските мочуришта.

24. Крстева, Марија и Кукубајска, Марија Емилија (2014) *The Role of Literature in Foreign Language Acquisition*. Procedia-Social and Behavioral Journal, 116. ISSN 1877-0428 стр. 3605-3608.

https://eprints.ugd.edu.mk/9875/

Литературата игра клучна улога во учењето на странски јазик. Секое ниво на учење јазик бара вклучување на литературни текстови. Заедно со фактолошки текстови, тој начин развива поголема свесност за употребата на јазикот. Јазичните курсеви даваат слика за комплексноста на различни текстови во однос на теми, ликови или културолошка тежина. Во раните години, децата се запознаваат со најразлични асоцијации од игри со улоги, драма, поезија и раскази за да научат одредени идиоми, колоквијализми и синтакса, што дополнително помага на нивниот општ когнитивен развој. Во високото образование овој метод подразбира голема обем на јазични и литературни информации. На факултетите каде што не се изучува филологијата како основен предмет изучувањето на англискиот јазик вклучува литературни дела, не толку од уметничка гледна точка, како од запознавање со поширок вокабулар. Овој труд истакнува дека во поголемите нивоа на изучување на јазикот студентите ја зголемуваат својата компетентност и со поголема самодоверба зборуваат и го користат вокабуларот. Со помош на литературни дела во тие степени,

говорителите се приближуваат до компетенциите на родените говорители на тој јазик.

25. Крстева, Марија (2013) *Американската идеологија во Здрав разум на Томас Пеин*. Годишен зборник 2013 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 4. ISSN 1857-7059 стр. 109-112.

https://eprints.ugd.edu.mk/11269/

Целта на оваа анализа е да се проследи растечкото влијание и трендот на глобализацијата денес. Иако глобализацијата како општествен, културен економски феномен особено беше популаризиран во последните две децении, нејзиниот зародиш е далеку поодамна. Во 60-тите и 70-тите години од минатиот век глобализацијата стана реалност, особено во западниот свет. Тоа е период на зголемена политичка и економска меѓузависност. Настаните надвор започнаа да имаат влијание дома и обратно. Како резултат на тоа и односите меѓу народите и државите станаа зависни од меѓусебното влијание. Глобализацијата до одредена мера е дејствување на далечина. Она што се случува е рапидна компресија на просторот и времето. Познатиот американски писател и новинар Томас Л. Фридман во својата книга „Светот е рамен“ прави сеопшта анализа на историскиот контекст и почнувајќи од моментот кога Колумбо првпат стапнува во новиот свет, па до денес, може да се издвојат три главни периоди на глобализација.

26. Крстева, Марија (2013) *Глобализацијата денес - Дали „локалното” е новото „глобално”?* Годишен зборник 2013 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 4. ISSN 1857-7059 стр. 109-113.

https://eprints.ugd.edu.mk/12689/

Целта на оваа анализа е да се проследи растечкото влијание и трендот на глобализацијата денес. Иако глобализацијата како општествен, културен и економски феномен особено беше популаризиран во последните две децении, нејзиниот зародиш е далеку поодамна. Во 60-тите и 70-тите години од минатиот век глобализацијата стана реалност, особено во западниот свет. Тоа е период на зголемена политичка и економска меѓузависност. Настаните надвор започнаа да имаат влијание дома и обратно. Како резултат на тоа и односите меѓу народите и државите станаа зависни од меѓусебното влијание. Глобализацијата до одредена мера е дејствување на далечина. Она што се случува е рапидна компресија на просторот и времето. Познатиот американски писател и новинар Томас Л. Фридман во својата книга „Светот е рамен“, прави сеопшта анализа на историскиот контекст, и почнувајќи од моментот кога Колумбо првпат стапнува во Новиот свет, па до денес, може да се издвојат три главни периоди на глобализација. Секој од овие периоди користи различни инструменти на дејствување што произлегуваат едни од други.

27. Krsteva, Marija and Krstev, Toshe and Nikolovska, Lence (2016) *Internet and social media in education*. The teacher of the future - Ninth International Scientific Conference, 17-19 June 2016, Durres, Republic of Albania. ISSN 1857-92 стр.139-141.

https://eprints.ugd.edu.mk/15967/

Во ера на голем технолошки развој, целокупниот фокус на комуникацијата меѓу луѓето се смени. Еден едноставен разговор, поголема зделка или настан што ќе промени нечиј живот е само на еден клик. Луѓето насекаде во светот станаа еднакви играчи на една иста сцена каде што сите може да излезат и да „играат“. Ова е природната последица во високоразвиениот технолошки свет на 21 век и ерата на интернет. Образованието и процесот на учење се суштински карактеристики на човекот. Тие се засноваат на мотивација, креативност и развој на идеи. Стремејќи се да постигне што е можно повеќе, човекот создал најразлични места за учење: училишта, универзитети и библиотеки. Истакнатиот филозоф Мајкл Патрик Линч објаснува како нашиот дигитален начин на живот прави да преферираме некои начини на процесирање податоци за сметка на други ризикувајќи да се разобличи тоа што е човечко. Знаењето засновано на разум игра суштинска улога во општеството и има многу повеќе во тоа да се знае отколку да се прима информација. Овој труд ги разгледува социјалните медиуми како еден аспект од интернет културата и нивната специфичната улога во процесот на учење кај студентите и учениците.

28. Кукубајска, Марија Емилија и Крстева, Марија (2015) Американски роман на 20. век - практикум. ISBN: 978-608-244-273-0

https://eprints.ugd.edu.mk/15466/

Овој практикум е наменет за студентите кои го изучуваат предметот Американски роман на 20 век и ја следи програмата за тој предмет. Во практикумот се поместени прашања за анализа на романите 1. Theodore Dreiser – Sister Carrie 2. F. Scott Fitzgerald – The Great Gatsby, 3. Ernest Hemingway – The Sun Also Rises, 4. Ralph Ellison– Invisible Man, 5. Toni Morrison – The Bluest Eye, 6. Joseph Heller - Catch – 22, 7. Thomas Pynchon – The Crying of Lot 49, 8. Kurt Vonnegut – Slaughterhouse–five, 9. Margaret Atwood – The Handmaid's Tale, 10. B. S. Johnson – The Unfortunates, 11. William Burroughs - Naked Lunch and 12. Zadie Smith – White Teeth. Романите се застапени со прашања за содржината, ликовите, најважните теми и идеи, симболи, мотиви и карактеристики за текстот и авторот.

29. Кукубајска, Марија Емилија; Илиев, Крсте; Поп Зариева, Наталија and Крстева, Марија (2014) Историја на британската и американската култура и цивилизација - скрипта. ISBN 978-608-244-059-0.

https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=11246

Оваа скрипта е наменета за студентите кои ги изучуваат предметите Британска историја, култура и цивилизација и Американска историја, култура и цивилизација и според тоа е поделена на два дела. Во првиот дел се опфатени теми од почетокот на создавањето на британската цивилизација па до денес, со најзначајните настани од историјата и културата. Соодветно, во вториот дел, во различни поглавја се опфатени најзначајните настани од американската историја и цивилизација од колонијалниот период до денешни дни. Во секој дел има по 12 поглавја или лекции. Скриптата е илустрирана со соодветни илустрации во боја.

30. Крстева, Марија (2013) Јазичната ситуација на Балканот низ погледот на американскиот научник Виктор Фридман. In: Македонистиката меѓу традицијата и современите предизвици, 21-22 Nov 2013, Скопје, Македонија, стр. 241-249.

https://eprints.ugd.edu.mk/11246/

Темата на овој труд е да даде приказ на јазичната ситуација на Балканот, претежно низ погледот на американскиот научник Виктор Фридман. Трудот го разгледува балканското подрачје како политичко, културно, етничко и јазично многуобразие. Како такво, тоа е најдобар пример за фактот дека јазиците кои се во контакт едни со други, неизбежно развиваат и позајмуваат реченични и структурни единици едни од други. Тие формираат посебна врска на меѓусебно влијание или sprachbund. Кај одделните јазици може да се забележат наследните, својствените карактеристики како и стекнатите, пред сè како резултат на меѓујазичните контакти. При тоа, Фридман прави разлика помеѓу поимите балкански јазици и јазиците на Балканот.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Покрај овие активности, д-р Марија Крстева постојано е дел и од стручно-апликативната и организациско-развојната дејност на ФФ при УГД. Имено, во 2016 г. Крстева учествува во Комисијата за попис на УГД (Филолошки факултет). Во 2018 г. е ангажирана како рецензент на трудови објавени во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет во Штип. Досега Крстева ги остварила следните активности:

*Учества на меѓународни и домашни конференции*

31. Крстева, Марија; Донев, Драган; Поп Зариева, Наталија и Илиев, Крсте (2021) *Hemingway in "Hemingway's Girl"* ФИЛКО - Зборник на трудови од Шеста меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 6.

https://eprints.ugd.edu.mk/29330/

32. Крстева, Марија (2018) *Fictional Appropriation of Ernest Hemingway and F. Scott Fitzgerald*. In: Conference "Traditions and Transitions", 28-30 Sept 2018, Sofia, Bulgaria.

https://eprints.ugd.edu.mk/20474/

33. Крстева, Марија (2016) *Artists, Lovers, Wives: Postmodern Re-Writings of Henry James's and Ernest Hemingway's Lives*. In: European Association for American Studies Biennial Conference, Constanta, Romania April 22-25, 2016

https://eprints.ugd.edu.mk/15872/

34.Донев, Драган и Крстева, Марија (2018) *Потребата од преводот во глобализираниот свет*. FILKO, 26-27 Април 2018, Faculty of Philology, „Goce Delcev" Univehttps://eprints.ugd.edu.mk/28933/rsity of Stip, R. N Macedonia

https://eprints.ugd.edu.mk/28933/

Учество во меѓународни проекти, семинари и комисии:

35. Меѓународен проект со Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски". 2017 – 2019 год. „Висш семинар **„**Нови прочити в хуманитаристиката: ибероамерикански, средиземноморски и трансатлантически езици и култури" Програма IV: „Национални, европейски и цивилизационни измерения на диалога култура – език – медии" Комплекс за върхови постижения по хуманитаристика „Алма Матер",СУ „Св. Климент Охридски".

36. Учество во Euraxess менторска програма на Универзитет „Св. Климент Охридски" - Софија, Бугарија 2021г.

37. Ноември 2021 година, вебинар на Мајкрософт тимс со наслов „Twain and Wilde - parallel but diverse" во организација на Филолошкиот факултет во Штип.

38. Проект „Ментор" 2016 – Проект меѓу ФФ – Штип и ПСД – Љубљана, Словенија.

39. Семинар. Тема: Образованието во конфликтни и постконфликтни контексти, 28.11.-2.12.2018 г. Организатор: Обединет светски колеџ – Мостар, Босна и Херцеговина.

40. Докторандско училиште. Тема: Ефективна комуникација – Организатор: Универзитет „Св. Климент Охридски" – Софија, Бугарија, Место: Ќустендил, Бугарија 13-16.9.2018 г.

41. Еразмус + курс. Тема: Медиумска писменост. Организатор: Асоцијација Еуротендер, 4-11.2018 г. Сегед, Унгарија.

42. WEASA – Варшавска евроатлантска академија; организатор: Европски колеџ Натолин, Варшава, Полска, 8-21.8.2018 г.

43. Курс „Квалитативни и квантитативни методи на истражување" – Европска мрежа за писменост European Literacy Network (ELN), 16-18.5.2018 г., Филолошки факултет, УКИМ, Скопје.

44. Курс „Европа и пошироко: културна и научна дипломатија и предизвиците во научното истражување", Втора интердисциплинарна летна академија, Банско 24.9.2017 – 1.10.2017; организатор: АЛМА МАТЕР, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Софија, Бугарија.

45. Семинар на National Geographic Learning – 16.5.2017, Штип, Македонија.

46. Летен универзитет Фулбрајт, август 2010 – Банско, Бугарија.

47. Стипендија од Здружението за Хемингвеј за 2017 г.

48. Студиски престој на Факултетот за класична и нова филологија на СУ „Св. Климент Охридски" - Софија, Бугарија, одржано предавања во периодот 1.10. - 30.10.2017 г. Предавање на тема: *Хемингвеј и Фицџералд во Париз*.

49. Студиски престој 10.1 2014 – 10.2.2014 г. Универзитет „Павол Јозеф Сафарик", Кошице, Словачка како дел од Словачката национална програма за стипендирање.

50. Студиски престој 10-5.2015 – 18.5.2015 г. Erasmus Staff Mobility PWSZ Елблаг, Полска, како дел од Еразмус+ програмата. Предавање на тема: *Животот и делата на Ернест Хемингвеј и Ф. Скот Фицџералд*.

51. Студиски престој на Факултетот за класична и нова филологија на СУ„Св.Климент Охридски" - Софија, Бугарија, одржано предавања во периодот 1.-30.9.2019 г. Предавање на тема: *Животот и делата на Ернест Хемингвеј и Ф. Скот Фицџералд* и *Американскиот романтизам преку Едгар Алан По*.

52. Учество во проект: Даскаловска, Нина и Ивановска, Билјана и Леонтиќ, Марија и Поп Зариева, Наталија и Крстева, Марија и Тодорова, Марија и Тасевска, Марица (2018) Дополнителната настава во функција на подобрување на знаењата на студентите на Филолошкиот факултет.

53. Учество во комисии за спроведување на завршни испити на Филолошкиот факултет.

54. Учество во комисии за спроведување на комисиски испити на Филолошкиот факултет.

55. Членување во уписна комисија за изведување уписи на нови студенти на УГД; 2015 и 2019 година.

56. Учество во организација на Конкурс за најдобар есеј/цртеж, организиран од Филолошки факултет, февруари-април 2018 г.

57. Учество во организација на Конкурс за најдобар есеј/цртеж, организиран од Филолошки факултет, февруари-април 2019 г.

58. Рецензент на научен труд - Палимпсест 2021.

59. Учество во комисија за промоција на Филолошки факултет.

60. Член на Институт за јазици на Филолошки факултет.

61. Лектор на меѓународен Зборник на ФТБЛ при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2017 и 2018 г.

62. Учество на работилница „Споделување искуства за техники на евалуација на наставни програми и нивна примена во практика" - Твининг проект „Развивање на соработка помеѓу високообразовните институции, приватниот сектор и релевантните органи" - Штип, 10.4.2017 г.

63. Учество на предавања на Oxford Professional Development Days 2019 - Хотел Холидеј Ин – Скопје.

64. Учество на семинар - The Story Within - 10.9-17.9.2019, Казданга, Латвија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на наведените факти во деталниот Извештај произлезени од доставената целосна и соодветна документација на пријавената кандидатка д-р Марија Крстева и земајќи ја предвид целокупната досегашна активност која е изнесена во овој реферат, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Марија Крстева поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски и со своите наставни, научни, стручни и професионални квалитети ги исполнува условите предвидени со Законот за високо образование, како и Правилникот на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип за да биде избрана во звање доцент.

Поради тоа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да го усвои овој извештај и да ја избере кандидатката д-р Марија Крстева во наставно-научното звање доцент за наставно-научната област англистика 64004 и историја на книжевноста на германските народи 61212 на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Наталија Поп Зариева, доцент, претседател, с.р.**
**Д-р Нина Даскаловска, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Натка Алаѓозовска, доцент, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| 1 | Избор во звање помлад асистент | 10 | |
| **ВКУПНО (НО)** | | 10 | |
| **Ред. бр.** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | **Поени** | |
| | | во земјава | во странство |
| 2 | Дел од монографија или научна книга<br>Активност бр. 28 и 29 | 12 | |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор)<br>Активност 1 (до пет автори во земјава), 2 (до пет автори во земјава), 3 (до пет автори во земјава), 4 (до пет автори во земјава), 6 (до пет автори во земјава), 7 (до пет автори во земјава), 8 (до пет автори во земјава), 9 (до пет автори во земјава), 10 (до пет автори во земјава), 12 (до пет автори во земјава), 13 (до пет автори во земјава), 14 (до пет автори во земјава), 25 (еден автор во земјава) 26 (еден автор во земјава) | 42 | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник одтрудови на научен собир<br>Активност бр. 5 (еден автор во земјава), 10 (до пет автори во земјава), 15 (еден автор во земјава), 16. (еден автор во земјава), 6 (еден автор во земјава) 17 (еден автор во странство), 18 (еден автор во странство), 21 (еден автор во странство), 27 (до пет автори во странство), 30 (еден автор во земјава) | 12 | 12 |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција, музичкинастап на официјален концерт<br>Активност бр. 50 и 51 | | 6 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт возeмјава и во странство<br>Активност бр. 31 (до пет автори во земјава), 32 (еден автор во странство), 33 (еден автор во странство) и 34 (до пет автори во земјава) | 2 | 4 |
| 10 | Одбранета докторска теза | | 8 |
| 12 | Одбранета магистерска работа | | 4 |
| 14 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти)<br>Активност бр. 52 (во земјава) | | 3 |
| 23 | Студиски престој во странство<br>Активност бр.49 | 8 (еднократно) | |
| 24 | Рецензент на научен труд(СЦИ/ЦА/останати)<br>Активност бр. 58 | 2 | |
| **ВКУПНО (НИ)** | | 115 | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | во |
|---|---|---|---|
| | | | странство |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание<br>Активност бр, 20 (еден автор во земјава) 22 (еден автор во земјава), 23 (еден автор во земјава) | 6 | |
| 13 | Учесник во научен<br>проект (максимум во три<br>проекти)<br>Активност бр, 35 (во странство), 38 (во земјава) | 5 | 8 |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија<br>Активност бр. 53, 54, 55, 56, 57 и 59 | 12 | |
| 29 | Член на институтски орган, комисија<br>Активност бр, 60 | 2 | |
| **ВКУПНО (СА и ОР)** | | 33 | |
| **ВКУПНО** | | 158 | |

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ИСТОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТА НА ГЕРМАНСКИТЕ НАРОДИ И АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1902-60/7 од 21.3.2022 година донесена на 243. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 21.3.2022 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент за научните области историја на книжевноста на германските народи и англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Комисијата работеше во следниот состав:

- **д-р Натка Јанкова- Алаѓозовска**, доцент за наставно-научна област наука за книжевноста и наука за јазикот 64004 англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – претседател;
- **виш лектор д-р Марија Крстева**, виш лектор за наставно-научната област 64004 англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член;
- **виш лектор м-р Крсте Илиев**, виш лектор за наставно-научната област 64004 англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од година 2021 г. и во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

1. **м-р Кристина Костова**, вработена како асистент на Филолошкиот факултет, Катедра за англиски јазик и книжевност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Р. Северна Македонија.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Кристина Костова** е родена во 1987 година во Штип. Средно образование завршува со одличен успех во 2006 година во СОУ „Славчо Стојменски“ во Штип, каде што е соработничка и колумнистка во училишниот весник „Авакс“. За време на средното образование станува соработничка во националниот медиум Радио мрежа „Канал 77“, каде што во периодот од 2005 до 2013 година е водителка на повеќе емисии поврзани со културата. Во академската 2006/2007 година се запишува на студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на Катедрата за англиски јазик и книжевност. На 31 јануари 2011 година го завршува полагањето на пропишаните испити на додипломските студии и се стекнува со право на стручен назив дипломиран професор по англиски јазик и книжевност. Подоцна се запишува на втор циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на студиската програма наука за книжевност, модул англиска книжевност. Магистрира на 24 март 2017 година со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Форми на субверзија на женските ликови против патријархалните норми во англиската ренесансна драма (Шекспир, Марлоу, Вебстер и Џонсон)“ со просечна оценка 10,00 и се стекнува со научен назив магистер по филолошки науки во областа наука за книжевност.

Работела како професор по англиски јазик во ООУ „Страшо Пинџур“ во Карбинци. Својот понатамошен работен ангажман го продолжува како професор по англиски јазик во приватното училиште „Силабус“ во Штип. Работела и како советничка за средно образование во Општина Штип и консултантка за комуникации. Има објавено десетина научни трудови во меѓународни списанија и зборници. Учествувала во повеќе регионални школи и курсеви, како регионалниот курс за надежни политичари во организација на Friedrich Ebert Stiftung и Alfred Mozer Stichting, програмата за надежни политичари во

Брисел, проектот „Живи библиотеки: архиви на граѓанска непослушност", Школата „Култура и политика" организирана од ФООМ, проектот КУЦ „Текстил". Костова конципирала и водела неколку отворени читачки и дискусиони сесии, а имала и свое излагање на тема „Вклучување на студентите во реализација на наставата по предметот Терминологија преку практична работа" на онлајн работилницата „Методи на предавање терминологија" организирана од страна на Катедра за ПИТ при УКИМ. Костова е членка на Здружението на преведувачи на Република Северна Македонија.

Костова учествува во проектот на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – „Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование". Во својата неколкугодишна работа на Филолошкиот факултет при УГД се вклучува и во различни активности за промоција на Филолошкиот факултет, особено во средношколските кругови.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во асистент**

1. М-р Кристина Костова има завршено прв и втор циклус студии во областа во која се бира – еден соработник во звање асистент за научните области историја на книжевноста на германските народи и англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.
2. Ги завршила студиите од прв и втор циклус со просек од најмалку 8 (осум просечна вредност - нејзиниот просек на оцените од прв циклус студии е 8,35, а од втор циклус студии 10,00) и освоени над 300 ЕКТС кредити.
3. Ги исполнува општите услови пропишани со Законот за работни односи и посебните услови од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" Штип.
4. Ги има доставено сите потребни документи за избор.
5. Покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.

Кандидатката м-р Кристина Костова има завршено прв циклус студии во областа на научната област англистика и втор циклус студии од научната област филолошки науки, во областа наука за книжевноста, има долгогодишно работно искуство во наставно-образовната дејност и успешно владее со проблемите на својата дисциплина, што значи дека ги исполнува законските услови за избор во звање асистент.

Ги завршила студиите од прв и втор циклус со просек од најмалку 8 (осум просечна вредност - нејзиниот просек на оценките од прв циклус студии е 8,35, а од втор циклус студии 10,00).

Има објавено научни и стручни трудови (подолу следи нивна евалуација).

Покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошки факултет кандидатката м-р Кристина Костова се покажува како сериозна педагошка работничка која поседува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и имплементирање на сите задачи и задолженија.

Во својата тригодишна работа како асистент ја реализирала наставата по предметот Англиски јазик 2.1 и Англиски јазик 2.2 на следните факултети: Правен факултет, Факултет за туризам, бизнис и логистика, Факултет за образовни науки, Ликовна академија, Земјоделски факултет, Машински факултет, Факултет за природни и технички работи и Техничко технолошки факултет при УГД. На Филолошки факултет ја спроведува наставата по предметите Современ англиски јазик 3 и 4, Современ англиски јазик 7 и 8, Меѓукултурни релации помеѓу Велика Британија и Република Северна Македонија, Терминологија, како и вежби по предметите Фонетика, Фонологија и Шекспир и неговите современици.

Покрај обврските поврзани со вежбите по наведените предмети, таа ги извршува одговорно и совесно и сите други задачи за потребите на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Факултетот и Универзитетот.

М-р Кристина Костова важи и за активен истражувач, а доказ за тоа се нејзините објавени трудови во национални и меѓународни зборници.

Во продолжение следуваат насловите на објавените трудови со научната евалуација:

1. Костова, К. (2017) *Наративниот дискурс во романот Искупување на Ијан Меќјуан*. „Спектар“ Меѓународно списание за литературна наука, Институт за македонска литература, Скопје. XXV (70). стр. 82-93

Начинот на кој Ијан Меќјуан создава збунувачка игра со наративот во својот роман „Искупување“ може лесно да го сплетка и да му го одвлече вниманието на читателот во конверзијата на наратори, особено ако читателот го чита овој роман лежерно, небрежно и отсутен со духот. Со цел да се постигне разбирање на дејствата што се прикажани во него, читањето на „Искупување“ мора да биде внимателно. Во „Искупување“ Меќјуан успева во неговиот обид вешто да ги вклучи и да ги комбинира наративните техники, а токму затоа овој роман претставува наративно ремек-дело. Чинот на раскажување на приказната е реализиран преку различни наративни техники, како: наративен глас, наративен редослед, наративно расположение, наративна фреквенција и нивна комбинација. На тој начин се создава богатиот наративен дискурс и карактеристичниот дух на романот. Овој карактеристичен дух често го залажува читателот, го води во заблуди и во погрешни насоки и тоа го прави до крајот на романот, кога сите делови се споени во една целина, врз која се фрла сосема поинакво светло.

2. Костова, К., Поп Зариева, Н., Донев, Д., Илиев, К., и Крстева, М. (2019). Андроцентричниот глас на текстот во драмата на Џон Озборн Обѕрни се во гнев. Годишен зборник - Филолошки факултет, УГД - Штип, 10 (13). стр. 53-58. ISSN 1857-7059.

Поимот „глас“ упатува на стојалиштето на авторот, но исто така и на ставовите и случувањата кои се прикажани преку ликовите и текот на драмското дејство. Овој труд се обидува накратко да даде преглед на гласот на текстот на драмата Обѕрни се во гнев на Џон Озборн. Притоа ја анализира андроцентричната димензија на гласот на текстот, со детален опис на андроцентричноста како литературен и општествен концепт во кој машките перспективи и искуства се ставени на пиедестал, додека женските перспективи и искуства се целосно игнорирани. Трудот ги дефинира и објаснува поимите „драма покрај кујнскиот „мијалник“, „гневни млади мажи“ и „порноглосија“, притоа презентира неколку извадоци од драмата кои ја потврдуваат андроцентричната природа на гласот на текстот. Во фокусот на трудот се начините на прикажување на секојдневието и особено на одвивањето на драмското дејство и неговата завршница во релација со гласот на текстот.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/180

3. Донев Д., Илиев, К., Поп Зариева, Н., Крстева, М., Костова, К. (2019). *Културолошки импликации во меѓународната деловна комуникација*. Годишен зборник 2019 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 10 (13). стр. 19-27. ISSN 1857-7059.

Културолошките аспекти сѐ почесто се во фокусот на истражувањата поврзани со наставата по англиски како странски јазик. Во овој труд се обидува да даде преглед на ставовите од еминентни истражувачи од оваа област изнесени во нивни трудови на оваа тематика, како и влијанието на културолошките аспекти во изучувањето на англискиот како странски јазик и нивното влијание во комуникацијата во меѓународниот глобализиран контекст. Притоа се анализира улогата што културата ја има во општествените ситуации на современиот живот. Авторите ан трудот презентираат мислењата на повеќе автори, како и нивни сознанија, откритија и предлози во однос на потребата од акцентот врз културните особени како важен аспект во изучувањето на англискиот како странски јазик во време на глобализацијата. Трудот, исто така, се фокусира на употребата на англискиот како лингва франка во меѓукултурни контакти.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/180

4. Крстева, М. Донев, Д., Костова, К. *Outline of Fictional Appropriations of F. Scott and Zelda Fitzgerald*. Годишен зборник 2019 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 10 (14). Стр. 57-61.

Целта на овој труд е да се прикажат хронолошки и тематски постоечките романи кои комбинираат факт и фикција, а се познати како биофикции/литературни биографии за животите на американскиот автор Францис Скот Фицџералд и неговата сопруга Зелда Фицџералд. Листата би можела понатаму да послужи и за изучување на овој жанр и трендовите на неговата популарност. Исто така, може да води и до студија на фиктивните прикажувања на ликовите на Фицџералд.

5. Костова, К., Крстева, М., Поп Зариева, Н., Илиев, К., Донев, Д. (2020).*Драмата во Среден век како основа за означување на културниот идентитет во Англија*. Зборник на трудови ФИЛКО – Филолошки факултет, УГД – Штип, стр. 155-161.

Во овој труд се прикажани различните драмски форми кои биле чести во среден век во Англија. Авторите ги образложуваат нивните специфики, како и разликите кои ги издвојуваат една од друга. Трудот ја дефинира позицијата на драмата како означител на културниот идентитет во Англија за време на ренесансата. Но, и средновековната драма во Англија која е прилично значајна, затоа што претставува основа за понатамошниот развој на драмата во Англија. Авторите започнуваат со анализа на средновековниот театар и неговите почетоци кои ги наоѓаат длабоко вкоренети во литургијата, за потоа да го трасираат развојот на драмите надвор од црквата, кога се издвоиле како нови форми во средновековната драма познати како миракули, мистерии, моралитети итн.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/fe/issue/view/249

6. Поп Зариева, Н., Костова, К., Донев, Д., Илиев, К. (2020). *Моќта на очите во Дракула на Брам Стокер*, Годишен зборник 2020 - Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (15) стр. 55-61. ISSN 1857-7059

Трудот ја истражува врската меѓу вампирите од народните легенди и нивните претставници во литературата кои немаат многу заеднички карактеристики, но еден аспект од митологијата којшто бил засилен во англиската литература на дваесеттиот век била улогата на очите на вампирот. Трудот посебно се фокусира на романот Дракула на Брам Стокер кој се базира на оваа карактеристика во претставувањето на очите на ликовите и воедно го вклучува и народното верување во „зло око“ со цел да ја претстави борбата на доброто против злото. Трудот го истражува уникатниот начин на сликање на сатанската сила во очите на вампирот кај Стокер, која е патем надополнета со сексуална конотација на зажарените очи на вампирите, кои сјаат од жед за згаснување на сексуална желба која воедно значи и згаснување на жед за крв, односно храна. Овој труд ги претстави и анализира различните претставување на очите во Дракула и дава објаснување за нивната импликација во вампирскиот мотив и темата на делото.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/244

7. Крстева, М., Донев, Д., Костова, К., Илиев, К., Поп Зариева, Н. *The Use of Letters in Postmodern Biofictions: The Paris Wife*. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (16) стр. 19-27.

Авторите од постмодерната користат различни литературни модели и техники како начини за продуцирање различни културолошки и лингвистички контексти. Во такви средства, како што ги набројува Јарослав Куснир (2011), спаѓаат и употреба на стари форми и жанрови кои намерно се осврнуваат на плагијаторство, кич и лажни или преправени цитати од добро познати литературни и други текстови, интертекстуалност, пастиш и тн. Во постмодерната биофикција употребата на фактички и фиктивни писма во продуцирањето нови значења има посебна улога. Како резултат на тоа се создаваат нови форми, стилови и жанрови.

8. Донев, Д., Крстева, М., Костова, К., Илиев, К., Поп Зариева, Н. (2020). *Улогата на квалификуваните преведувачи во глобализираниот свет во време на пандемија и инфодемија*. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (16) стр. 51-57. ISSN 1857-7059

Овој труд го разгледува феноменот на глобализацијата од аспект на соочување со една нова појава, појава каква немало во изминатите сто години. Станува збор за новонастанатата здравствена криза од светски рамки. Авторите разгледуваат и дискутираат за делата на автори кои во своите трудови пишуваат за две кризи што се одвиваат паралелно една на друга: едната е здравствената, а другата информациската, првата уште ја нарекуваат пандемија, а втората инфодемија. Во овој труд најпрво накратко е изнесен преглед на ставови на еминентни истражувачи од оваа областа презентирани во нивни трудови. Понатаму се анализира влијанието од овие две кризи, здравствената и информациската, во глобализираниот свет, како и улогата што преведувачот ја има во справувањето со вакви кризи. Главната поента во анализата на трудот е потребата од квалификувани преведувачи во меѓународната комуникација во време на здравствена криза од светки рамки, во трката за што побргу да се дојде до релевантни информации кога светот се наоѓа во информациска криза.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/250

9. Крстева, М., Донев, Д., Костова, К., Илиев, К., Поп Зариева, Н. (2020). *The Use of Letters in Postmodern Biofictions: The Paris Wife*. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (16) стр. 19-25. ISSN 1857-7059

Поле на интерес на овој труд се постмодерните книжевни автори кои користат различни книжевни методи и техники како начин за создавање на различни културни и јазични контексти. Таквите техники кои Јарослав Куснир (2011) ги наведува, вклучуваат употреба на стари форми и жанрови намерно создавање на плагијат, кич, лажни или преправани цитати од познати литературни и други текстови, интертекстуалност, пастиш и сл. Трудот ја истражува посебната улога која ја има постмодерното биофиктивно пишување кое користи фактички и измислени писма во создавањето на нови значења. Трудот прави анализа како авторите вметнуваат измислени факти и ги испревртуваат вистинските со цел да создадат нови форми, стилови и жанрови.

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/250

10. Илиев, К., Крстева, М., Костова, К., Донев, Д., Поп Зариева, Н. (2020). *Пренебрегнувањето на статусот и должноста на принцот Хал, неговиот грев на мрзеливост, неговата реформација и неговото паѓање во гревот на гордоста*. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (16) стр. 27-35. ISSN 1857-7059

Трудот тргнува од премисата дека гревовите или пороците на мрзливоста и гордоста може да се откријат релативно лесно во однесувањето на литературните ликови кои има високи функции, како што е на пример војсководец, принц или крал. Овој труд ги анализира постапките и недостигот на дејствија на принцот Хал во драмите на Шекспир „Хенри IV“ и „Хенри V“, низ призмата на карактеристиките што обично се поврзани со мрзливост и гордост како што е наведено од Исидор од Севилја и Тома Аквински. Трудот историски ја дефинира појавата „мрзливост“ од почетоците, кога мрзливоста се поврзувала со занемарување на религиозната функција, до XIV век, кога се здобила со втор синоним, имено „занемарување на обврската за статус или професија“ како што објаснува Зигфрид Вензел (1967: 91).

https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/issue/view/250

11. Костова, К., Крстева, М., Донев, Д. *Archetypal Literary Criticism Applied on J. K. Rowling's Harry Potter Book Series, with a Focus on Northrop Frye's Views*. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 12 (17) стр. 63-73.

Во фокусот на архетипската литературна критичка теорија се универзални и повторливи слики, урнеци или мотиви кои претставуваат искуства својствени за луѓето. Многу литературни дела класифицирани како фикција споделуваат слични структури, иако имаат различни дејства, амбиент и ликови, иако припаѓаат на различни литературни жанрови. Архетипската литературна критичка теорија ги истражува овие сличности во структури и урнеи, а на тој начин обезбедува универзален пристап до литературата. Канаѓанскиот литературен критичар Нортроп Фрај го дефинира архетипот како симбол кој доволно често се повторува во литературата, за да стане препознатлив како елемент на нечие литературно искуство како целина. Архетипите се урнеци кои постојат во

литературата како моќни алатки кои помагаат да се разбере едно литературно дело. Романите од жанрот фантазија се секогаш одличен избор на симболи. Целта на овој труд е да ги истражи страниците на серијата од седум романи од жанрот фантазија за Хари Потер, со цел да се направи обид да се најдат и препознаат архетипи кои би се вклопиле во описот на Нортроп Фрај за архетипска литература. Овој труд се обидува да ги идентификува оние елементи на романите кои се вклопуваат во архетипска улога.

12. Поп Зариева, Н., Костова, К., Крстева, М. *Representation of Femme Fatales in Gothic and Romantic Writings at the End of the 18th Century*. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 12 (17) стр. 73-83.

Овој труд ги анализира двете готски балади од крајот на осумнаесеттиот век од аспект на прикажувањето на нивниот женски лик: The Bleeding Nun на Метју Луис и The Dark Ladie на Ен Банерман. Во фокусот е мешањето на карактеристиките на femme fatale со вампирски одлики, а се разгледува начинот на кој тие се вметнати во текстот и значењата кои тие им го наметнуваат на посочените текстови. Уништувањето на машкиот протагонист, со кој тие се вообичаено во романтична врска, е во основата на овие femme fatales, кои имаат вампирски особини, како што е образложено во трудот.

13 Донев, Д., Поп Зариева, Н., Костова, К. *Улогата на преводот во глобализираниот свет во време на пандемија и инфодемија*. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 12 (17) стр. 133-141

Во овој труд најпрво се изнесени клучните цитати за темата на истражувањето. Разгледана е улогата на преведувањето како дејност која обезбедува трансфер на знаења, вештини, сознанија и откритија во време на здравствена пандемија и недостаток на информации. Главниот фокус е потребата од преводот во глобалната комуникација во ситуација кога една здравствена криза го зафаќа целиот свет и трката со времето за брз пристап до релевантни информации кога светот е зафатен од информациска криза и недоволниот број нови информации за справување во овие тешки моменти за човештвото.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во својата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност кандидатката м-р Кристина Костова активно учествуваше во низа стручно-апликативни и организациски активности. Од нив ги издвоивме следниве:

- членство во Здружение на преведувачи на Република Северна Македонија;
- учество на неколку конференции организирани од страна на Здружение на преведувачи на Република Северна Македонија;
- излагање на онлајн работилница „Методи на предавање терминологија“ организирана од страна на Катедра за ПИТ при УКИМ. На оваа онлајн работилница, Костова ја промовира работата на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ преку своето излагање на тема „Вклучување на студентите во реализација на наставата по предметот Терминологија преку практична работа“;
- учество во проектот на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – „Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование“.

Кандидатката членувала во тела, комисии и институти на Филолошки факултет:

- членување во уписна комисија за изведување уписи на нови студенти на УГД;
- учество во организација на Конкурс за најдобар есеј/цртеж, организиран од Филолошки факултет, февруари-април 2019 г.;
- учество во комисија за промоција на Филолошки факултет;
- членка на Институт за јазици на Филолошки факултет;
- учество во изработување на програма за елаборат на прв циклус студии на Филолошки факултет за студиската програма 2012/2013 и 2017/2018 г.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната досегашна активност која е изнесена во овој реферат, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Кристина Костова поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски.

Поради тоа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **да го усвои овој извештај и да ја избере кандидатката м-р Кристина Костова во звањето асистент за научните области историја на книжевноста на германските народи и англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска , доцент, претседател, с.р.**
**Д-р Марија Крстева, виш лектор, член, с.р.**
**М-р Крсте Илиев, виш лектор, член, с.р.**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ФАРМАКОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-110/10 од 5.4.2022 година донесена на 276. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, одржана на 5.4.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област фармакологија (30107) на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- д-р Трајан Балканов, редовен професор за наставно-научната област фармакологија со токсикологија, вработен на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје – претседател (назначен со Решение бр. 2002-110/19 од 5.4.2022 г. донесено на 276. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип);
- д-р Димче Зафиров, редовен професор за наставно-научната област фармакологија со токсикологија, вработен на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје – член (назначен со Решение бр. 2002-110/20 од 5.4.2022 г. донесено на 276. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип);
- д-р Бистра Ангеловска, редовен професор за наставно-научните области социјална фармација и фармацевтска технологија, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип – член (назначен со Решение бр. 2002-110/21 од 5.4.2022 г. донесено на 276. седница на наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 17.3.2022 година и во предвидениот рок се пријави само кандидатката **д-р сци. спец. Марија Дарковска-Серафимовска,** д-р на медицински науки од областа фармакологија, вработена како доцент за наставно-научната област фармакологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Кандидатката **д-р сци. спец. Марија Дарковска-Серафимовска** е родена на 9.2.1975 година во Скопје. Основно и средно образование (СМУГС „Д-р Панче Караѓозов” – фармацевтски техничар) завршува со континуиран одличен успех 5,00 во сите учебни години. Во учебната 1993/1994 година се запишува на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломирала во септември 1998 година, со просечен успех повисок од 8,5.

По дипломирањето, во март 1999 година се вработува во АД „ЈАКА 80“ – Радовиш, на работно место стручен аналитичар во лабораторијата за испитување и контрола на квалитет на лекови во Скопје.

Во период 2002 – 2005 година завршува здравствена специјализација од областа испитување и контрола на лекови на Фармацевтскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со изработка на специјалистички труд и полагање на специјалистички испит и се стекнува со звањето специјалист по испитување и контрола на лекови. Темата на специјалистичкиот труд е: „HPLC метод за едновремено определување на салбутамол и натриум бензоат во сируп“. Во октомври 2005 година е поставена за директор

на лабораторијата за испитување и контрола на лекови во АД „JAKA 80“ и по договор на дело ангажирана како одговорно лице за пуштање серија лек во промет во „Србoлек ад Белград“. Во периодот од 2008 до 2011 година ангажирана е како одговорно лице за пуштање серија лек во промет во „МД НИНИ доо“ – Ниш. Во период 2013 – 2015 година завршува академска специјализација на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот во Белград со изработка и одбрана на проектна задача и се стекнува со звањето специјалист за пуштање серија лек во промет. Темата на проектната задача е „Стратешки план за развој на Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Македонија“. Од 23 јули 2014 година од страна на премиерот на Република Македонија назначена е за директор на Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Македонија и на таа позиција останува 3 години.

Во студиската 2009/2010 година се запишува на докторски студии на Катедрата за фармакологија на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот во Белград, кој се вбројува меѓу првите 500 престижни Универзитети согласно со рангирањето по Шангајската листа. На 27.10.2016 година успешно ја одбранува докторската дисертација со наслов „Тирофибан како потенцијален радиофармацевтик за детекција на тромбоемолиски пореметувања: Анимален модел”.

Во текот на своето работно искуство, кандидатката се стекнува со повеќе сертификати и признанија од областа на здравството. Својата академска кариера ја започнува во септември 2011 година како асистент по фармакологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Со Одлука бр. 2002-246/21 од 3.10.2017 г. е избрана за доцент на наставно-научната област фармакологија.

Кандидатката активно се служи со англиски јазик (Cambridge Certificate of Preliminary English – B2) и има познавања за работа со компјутери.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор**

**Општи услови:**

- Кандидатката д-р сци. спец. Марија Дарковска-Серафимовска ги завршува петгодишните студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје со просечен успех поголем од 8,5 и се стекнува со звање дипломиран фармацевт.
- Кандидатката во октомври 2016 година ја одбранува докторската дисертација со наслов „Тирофибан како потенцијален радиофармацевтик за детекција на тромбоемолиски пореметувања: Анимален модел”, при што се стекнува со научен степен доктор на медицински науки од областа на фармакологија.
- Со Одлука бр. 2002-246/21 од 3.10.2017 г. е избрана за доцент на наставно-научната област фармакологија.
- Објавени научни трудови во референтни научни публикации во последните пет години:

а) Објавени најмалку 3 научноистражувачки трудови од соодветните области во референтна научна публикација - научно списание со фактор на влијание

| ред. број | Автори | Наслов на трудот | Наслов на списание | фактор на влијание |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Serafimovska, Tijana and **Darkovska-Serafimovska, Marija** and Mitevska, Marija and Stefanoski, Sasho and Keskovski, Zlatko and Stefkov, Gjoshe and Balkanov, Trajan and Tonic Ribarska, Jamina | Determination of Terpenoid Profile in Dry Cannabis Flowers and Extracts Obtained from Different Cannabis Varieties. | Journal of Pharmaceutical Research International. 33(53B): 214-228, 2021; Article no. JPRI.77822 ISSN 2456-9119 | **I.F=0,06** |
| 2. | Serafimovska, Tijana and Stefanoski, Sasho and Erler, Joachim and Keskoski, Zlatko and Stefkov, Gjoshe and Mitevska, Marija and **Darkovska-Serafimovska, Marija** and Balkanov, Trajan and Tonic Ribarska, Jamina | *Does Cannabis Extract Obtained From Cannabis Flowers With Maximum Allowed Residual Level of Aflatoxins and Ochratoxin A Have an Impact on Human Safety and Health?* | Frontiers in Medicine. Vol.8 (2021), ISSN 2296-858X DOI=10.3389/ fmed.2021.759856 | **I.F=5,091** |
| 3. | Serafimovska, Tijana and **Darkovska-Serafimovska, Marija** and Stefkov, Gjoshe and Arsova-Sarafinovska, Zorica and Balkanov, Trajan | *Pharmacotherapeutic Considerations for Use of Cannabinoids to Relieve Symptoms of Nausea and Vomiting Induced by Chemotherapy.* | Folia Medica. (2020) 62(4): 668-78 ISSN 1314-2143 (online) ISSN 0204-8043 (print) | **I.F = 0,84** |
| 4. | **Darkovska-Serafimovska, Marija** and Serafimovska, Tijana and Arsova-Sarafinovska, Zorica and Stefanoski, Sasho and Keskovski, Zlatko and Balkanov, Trajan | *Pharmacotherapeutic considerations for use of cannabinoids to relieve pain in patients with malignant diseases.* | Journal of Pain Research. 2018:11 837–842 ISSN 1178-7090 | **I.F = 2,581** |
| 5. | **Darkovska-Serafimovska, Marija** and Janevik-Ivanovska, Emilija and Djorgoski, Icko and Arsova-Sarafinovska, Zorica and Zdravkovska, Milka and Balkanov, Trajan and Ugresic, Nenad | *Radiolabeled tirofiban – a potential radiopharmaceutical for detection of deep venous thrombosis.* | Drug Design, Development and Therapy, 2016 (10). pp. 2989-2996. ISSN 1177-8881 | **I.F=3,028** |
| 6. | **Darkovska-Serafimovska, Marija** and Janevik-Ivanovska, Emilija and Balkanov, Trajan and Ugresic, Nenad | *Development of alternative HPLC method for the determination of Tirofiban in rat serum* | Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering, 35 (2). pp. 217-223. ISSN 1857-5552 (2016) | **I.F=0,68**9 |

б) или објавени научноистражувачки трудови од соодветните области во референтна научна публикација – меѓународни научни списанија

| Ред. број | Автори | Наслов на трудот | Наслов на списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Simova, Milica and Serafimovska, Tijana and Trajkov, . Dejan and **Darkovska-Serafimovska, Marija** | *Pharmacological approach for treatment of influenza* | Knowledge – International Journal. (2021) ISSN: 1857-923X (Printed) ISSN: 2545-4439 (Online) | 2009 |
| 8. | Serafimovska, Tijana and Tonic Ribarska, Jasmina and Trajkov, Dejan and **Darkovska-Serafimovska, Marija** and Stefkov, Gjoshe | *Approved indications for cannabis-based preparations* | IOSR Journal of Pharmacy. 2021; 11(9):36-40 p-ISSN 2319-4219 e-ISSN 2250-3013 | 2011 |
| 9. | Zdravkovska, Milka and Serafimovska, Tijana and Tonic Ribarska, Jamina and Dimitrova, Marija and Zivkova, Svetlana and Georgiev, Alen and Sadikarijo, Iskra and Balkanov, Trajan and **Darkovska-Serafimovska, Marija** | *Commonly Isolated Pathogens from Postoperative Wounds and Antibiotic Susceptibility Testing At a Tertiary Care Hospital in Stip, North Macedonia* | IOSR Journal of Pharmacy. 2020; 10(2):46-52 p-ISSN 2319-4219 e-ISSN 2250-3013 | 2011 |
| 10. | Pechiareva Sadikarijo, Iskra and Serafimovska, Tijana and **Darkovska-Serafimovska, Marija** and Balkanov, Trajan | *Pharmacoepidemiology and antimicrobial resistance data for bacterial infections in hospitalized children.* | MMP-Journal of the Macedonian Medical Association. (2019) | 1945 |
| 11. | Zdravkovska, Milka and **Darkovska-Serafimovska, Marija** and Bozinoska Beaka, Gordana and Zivkova, Svetlana | *Information and knowledge of the antibiotics and the antibiotic residence of the population from the southeast region of Republic of North Macedonia.* | (Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 31 (4). ISSN 2545-4439 (2019) | 2009 |
| 12. | **Darkovska-Serafimovska, Marija** and Serafimovska, Tijana and Taleski, Vaso | *Bacterial resistance in hospitalized patients.* | Knowledge - International Journal, Scientific Papers. pp. 1701-1707. ISSN 2545-4439 (2017) | 2009 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13. | Zdravkovska, Milka and Stojmenova – Runteva, Biserka and **Darkovska-Serafimovska, Marija** | *Epidemiological characteristics of people with cardiovascular diseases in the region of Shtip.* | Knowledge - International Journal, Scientific Papers. pp. 1759-1764. ISSN 2545-4439 (2017) | 2009 |
| 14. | Taleski, Vaso and Zdravkovska, Milka and Simjanovska, Liljana and **Darkovska-Serafimovska, Marija** | *An Update on Brucellosis: Endemic and Potential Global re-Emerging Zoonotic and Foodborne Disease.* | Acta Microbiologica Bulgarica, 33 (3). pp. 111-114. ISSN 0204-8809 (2017) | 1978 |

- Кандидатката активно се служи со англиски јазик и поседува Cambridge Certificate of Preliminary English – B2.

- Кандидатката поседува исклучителна способност за изведување на високообразовна дејност, што ја докажува со нејзината континуирана надградба во наставните и научните звања. Кандидатката во текот на изминатите 10 години активно е вклучена во наставата, започнувајќи како асистент и доцент. Автор или коавтор е на голем број научни трудови во списанија со фактор на влијание или во меѓународно признаени списанија, како и автор на неколку рецензирани учебници, скрипти и учебни помагала, подолу наведени.

**Посебни услови:**

- **Рецензиран учебник, скрипта и практикум** – Кандидатката д-р сци. спец. Марија Дарковска-Серафимовска за време на нејзината професионална кариера како доцент е автор/коавтор на:

– Клиничка фармација-учебник, Зорица Арсова Сарафиновска, Марија Дарковска Серафимовска, Трајан Балканов, УГД, Штип (2020) ISBN 978-608-244-732-2
– Клиничка фармација-практикум, Зорица Арсова Сарафиновска, Марија Дарковска Серафимовска, Трајан Балканов, УГД, Штип (2020) ISBN 978-608-244-732-2
– Клиничка фармакологија-скрипта, Трајан Балканов, Марија Дарковска Серафимовска, Зорица Арсова Сарафиновска, УГД, Штип (2019) ISBN 978-608-244-665-3
– Клиничка фармакологија-практикум, Трајан Балканов, Марија Дарковска Серафимовска, Зорица Арсова Сарафиновска, УГД, Штип (2019) ISBN 978-608-244-666-0
– Фармакотерапија-учебник, Трајан Балканов, Марија Дарковска Серафимовска, Зорица Арсова Сарафиновска, УГД, Штип (2018) ISBN 978-608-244-492-5
– Фитохемија-скрипта, Зорица Арсова Сарафиновска, Викторија Максимова, Марија Дарковска Серафимовска, УГД, Штип. (2017) ISBN 978-608-244-393-5.
– Практикум по фитохемија, Зорица Арсова Сарафиновска, Викторија Максимова, Марија Дарковска Серафимовска, УГД, Штип. (2017) ISBN 978-608-244-394-2

Посочените изданија се достапни во е-библиотека на Универзитет „Гоце Делчев“ и се наменети за студентите на студиската програма Општа медицина, фармација, дентална медицина и стручните тригодишни студии за медицински сестри, лаборанти и акушерки при Факултетот за медицински науки во Штип.

**Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати** -

Кандидатката д-р сци. спец. Марија Дарковска-Серафимовска во периодот од 2017 година до денес е учесник во следниве меѓународни проекти:

Janevik-Ivanovska, Emilija and Duatti, Adriano and Giganti, Melchiore and Zdravev Zoran and Poletti, Giorgio and Ganino, Giovanni and Uccelli, Licia and Angelovska,

Bistra and Martini, Petra and Drakalska, Elena and Boschi, Alessandra and **Darkovska-Serafimovska, Marija** and Gulaboski, Rubin and Bosnakovski, Darko and Ivanovska, Ana and Paganelli, Giovanni and Vlajkovic, Marina and Stojanovska, Zdenka and Signore, Alberto and Apostolova, Paulina and Arsova-Sarafinovska, Zorica and Barbareev, Kiril and Krstev, Aleksandar and Stojanovic, Igor and Velinov, Aleksandar and Sterjova Arev, Marija and Delipetreva, Katarina (2017) RFP No. 34923 - Developing, Testing and Installing E-learning System for African Member States (RAF6049)

Gestin, Jean-François and Aneheim, Emma and Lindegren, Sture and Gaschet, Joелле and Palm , Stig and Chicharo de Freitas, Jose Reinaldo and Niculae, Dana and Janevik-Ivanovska, Emilija and Pruszynski, Marek and Bouziotis, Penelope and Navarro, Laurent and D'huyvetter, Matthias and Stanković, Aljoša and Rajkovača, Zvezdana and Ingemann Jensen, Andreas and Jensen, Holger and RöscH, Frank and Haberkorn, Uwe and Tsoukalas, Charalampos and FaraggI, David and Popovtzer, Rachela and De Jong, Marion and Apostolova, Paulina and Henriksen, Gjermund and Mikolajczak, Renata and Rocha Paulo, António and Abrunhosa, Antero and Manda, Gina and Vranjes Djuric, Sanja and Kolenc PeitL, Petra and Corredoira Silva, Eva and Sönmez, Bircan and Cinan, Zehra Merve and Cleeren, Frederik and Milaković, Dragana and Herth, Matthias and Haddad, Ferid and Guerard, Francois and Kraeber-Bodéré, Françoise and Seimbille, Yann and Drakalska, Elena and **Darkovska Serafimovska, Marija** and Garnuszek, Piotr and Alves, Francisco and D'onofrio, Alice and Radu, Mihai and Janković, Drina and Mitrovic, Nebojsa and Krošelj, Marko and Luque, Luis Alejo and Garcia-Arguello, Segundo Francisco and Albertsson, (2020-2023) - COST (European Cooperation in Science and Technology)

EU4Tech PoC WB проект – EU4TECH PoC (Western Balkans Proof of Concept Scheme) is an EU-funded project supporting technology development and commercialisation in the Western Balkans

**Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници** – Преку активно учество во наставата и проектите, како и активната соработка со наставниците и студентите, кандидатката дава значаен придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници. Во периодот од 2017 година до денес д-р сци. спец. Марија Дарковска-Серафимовска е ментор на повеќе од 20 дипломски трудови на интегриран прв и втор циклус на студиска програма Општа медицина, Фармација и стручни студии за дипломирани медицински сестри, лаборанти и акушерки и член во комисијата за одбрана на дипломски работи на над 30 кандидати на истите студиски програми. Во периодот од 2017 година до денес д-р сци. спец. Марија Дарковска-Серафимовска е ментор и на 5 специјализанти на втор циклус на студии од областа испитување и контрола на лекови.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Својата наставно-образовна дејност д-р сци. спец. Марија Дарковска Серафимовска ја започнува уште во 2011 година, избрана како асистент докторанд од областа на фармакологија. Со Одлука бр. 2002-246/21 од 3.10.2017 г. е избрана за доцент на наставно-научната област фармакологија. Кандидатката активно учествува во изведувањето на практичната и теоретската настава на повеќе предмети од студиската програма Општа медицина и Фармација: фармакологија, фармакологија со токсикологија, клиничка фармакологија, експериментална фармакологија, како и на еден предмет на студиската програма Детална медицина и стручни студии за дипломирани медицински сестри, лаборанти и акушерки: фармакологија. Кандидатката е вклучена во наставата на втор циклус здравствени специјалистички студии од областа испитување и контрола на лекови.

Како резултат на нејзиниот научноистражувачки труд и учеството во домашни и меѓународни проекти во последните пет години д-р сци. спец. Марија Дарковска-Серафимовска има објавено 6 трудови во списанија со фактор на влијание:

Serafimovska, Tijana and **Darkovska-Serafimovska, Marija** and Mitevska, Marija and Stefanoski, Sasho and Keskovski, Zlatko and Stefkov, Gjoshe and Balkanov, Trajan and Tonic Ribarska, Jamina. Determination of Terpenoid Profile in Dry Cannabis Flowers

and Extracts Obtained from Different Cannabis Varieties. Journal of Pharmaceutical Research International. 33(53B): 214-228, 2021; Article no. JPRI.77822 ISSN 2456-9119 **(I.F=0,06)**

Целта на оваа студија беше да се одреди терпеноидниот профил кај сувите цветови на канабис добиени од различни сорти на растението канабис и во екстрактите од канабис со GC/MS метод, затоа што терпеноидниот профил е отисок или „fingerprint" според кој може да се разликуваат различни вариетети од растението канабис и воедно да се потврди употребата на стандардизирани екстракти базирани на канабис за производство на различни препарати на база на канабис. Стандардизацијата на овие препарати е битна од причина што различни терпени имаат различни фармаколошки дејства. Следејќи ја монографијата за тестирање на квалитетот на екстрактите од канабис во Германската фармакопеја, процесот на прочистување на екстрактите е неопходен за да се постигне конечна концентрација на канабиноиди (тетрахидроканабинол) од повеќе од 95% во финалната активна фармацевтска состојка. Ова подразбира отстранување на терпените кои имаат докажано синергистички фармаколошки ефекти со канабиноидите од екстрактите.

Serafimovska, Tijana and Stefanoski, Sasho and Erler, Joachim and Keskoski, Zlatko and Stefkov, Gjoshe and Mitevska, Marija and **Darkovska-Serafimovska, Marija** and Balkanov, Trajan and Tonic Ribarska, Jamina. *Does Cannabis Extract Obtained From Cannabis Flowers With Maximum Allowed Residual Level of Aflatoxins and Ochratoxin A Have an Impact on Human Safety and Health?* Frontiers in Medicine. Vol.8 (2021), ISSN 2296-858X, DOI=10.3389/ fmed.2021.759856 **(I.F=5,091)**

Целта на оваа студија беше да се истражи дали екстрактот од канабис добиен од цвеќиња од канабис кои содржат максимално дозволено ниво на микотоксини влијае на безбедноста и здравјето на луѓето. За таа цел, беше развиен и валидиран нов LC/MS/MS за определување на афлатоксини и охратоксин А во екстрактите од канабис. Експерименталниот дизајн беше направен со додавање на максимална дозволена концентрација на афлатоксини (B1, B2, G1, G2) и OchA според Европската фармакопеја во суви цветови на канабис. По екстракцијата, концентрацијата на микотоксините во екстрактите беше одредена со предложениот метод и добиените резултати укажуваат дека афлатоксините и OchA, се присутни во финалниот екстракт во количини многу поголеми (m/m) отколку во почетниот растителен материјал. Овој експеримент покажува дека микотоксините, особено афлатоксините, кои се екстремно токсични секундарни метаболити, можат да достигнат критични вредности во екстрактите од канабис добиени од суви цветови од канабис со максимално дозволено количество микотоксини, што може да претставува голем ризик за потрошувачите и нивното здравје, особено за оние со компромитиран имунолошки систем.

Serafimovska, Tijana and **Darkovska-Serafimovska, Marija** and Stefkov, Gjoshe and Arsova-Sarafinovska, Zorica and Balkanov, Trajan. Pharmacotherapeutic Considerations for Use of Cannabinoids to Relieve Symptoms of Nausea and Vomiting Induced by Chemotherapy. Folia Medica. (2020) 62(4): 668-78 ISSN 1314-2143 (online), ISSN 0204-8043 (print) **(I.F = 0,84)**

Пациентите кои страдаат од малигни заболувања многу често добиваат високоеметогена хемотерапија како дел од нивниот третман. Рандомизирани клинички испитувања кои ја споредуваат ефикасноста на канабиноидите во третман на гадење и повраќање предизвикани од хемотерапија во однос на плацебо, укажуваат дека на пациентите со канцер кои примаат високоеметогена хемотерапија, а кај кои стандардната антиеметична терапија не е доволно ефикасна, може да им се дадат препарати од канабис кои содржат слични количества тетрахидроканабинол и канабидиол (однос 1:1), за третман на гадење и повраќање предизвикани од хемотерапија.

**Darkovska-Serafimovska, Marija** and Serafimovska, Tijana and Arsova-Sarafinovska, Zorica and Stefanoski, Sasho and Keskovski, Zlatko and Balkanov, Trajan. *Pharmacotherapeutic considerations for use of cannabinoids to relieve pain in patients with malignant diseases*. Journal of Pain Research. 2018:11 837–842, ISSN 1178-7090 **(I.F = 2,581)**

Целта на овој преглед беше да се процени ефикасноста на препаратите од канабис за ублажување на болката кај пациенти со малигни заболувања, преку сумирање на резултатите добиени од рандомизирани контролирани испитувања, претежно двојно слепи кои ги

споредуваат ефектите на канабиноидите во терапија на болка во однос на плацебо.15 од 18-те клинички испитувања кои биле спроведени со оваа цел покажале значителен аналгетски ефект на канабиноидите во споредба со плацебо. Најчесто пријавените несакани ефекти биле генерално добро толерирани, благи до умерени. Аналгетскиот ефект се постигнува со дози од околу 27 mg тетрахидроканабинол и 25 mg канабидиол. Максималите дневни дози на канабиноиди не се препорачува да надминуваат 32 mg тетрахидроканабинол и 30 mg канабидиол.

**Darkovska-Serafimovska, Marija** and Janevik-Ivanovska, Emilija and Djorgoski, Icko and Arsova-Sarafinovska, Zorica and Zdravkovska, Milka and Balkanov, Trajan and Ugresic, Nenad. *Radiolabeled tirofiban – a potential radiopharmaceutical for detection of deep venous thrombosis*. Drug Design, Development and Therapy, 2016 (10). pp. 2989-2996. ISSN 1177-8881 **(I.F=3,028)**

Целта на оваа студија беше да се испита можноста за употреба на тирофибан (реверзибилен антагонист на гликопротеин IIb / IIIa) обележан со 99m Technetium (99mTc) за детекција на длабоки венски тромбози (ДВТ) кај стаорци без да се предизвика антитромбоцитен ефект. Обележувањето на тирофибан со 99mTc не влијае на неговата способност да се поврзе со гликопротеин IIb / IIIa, ниту на неговата „in vivo" фармакокинетика кај стаорци. Ниска доза од 99mTc-тирофибан не предизвикува антитромбоцитен ефект и може да се користи за визуелизација на ДВТ во рана фаза.

∑ **Darkovska-Serafimovska, Marija** and Janevik-Ivanovska, Emilija and Balkanov, Trajan and Ugresic, Nenad. *Development of alternative HPLC method for the determination of Tirofiban in rat serum* Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering, 35 (2). pp. 217-223. ISSN 1857-5552 (2016) **(I.F=0,689)**

Целта на оваа студија беше да се развие и валидира нов RP-HPLC метод, кој ќе биде поосетлив од претходните и со кој ќе може да се одредат и многу ниски концентрации на тирофибан во серумот на Wistar стаорци со и без длабока акутна венска тромбоза. Хроматографската сепарација беше спроведена со помош на реверзно фазна колона за HPLC Puro-spher® RP-18e (150 mm 4,6 mm id; 5 μm) користејќи претколона колона LiChrosorb® (4 mm 4 mm id; 7 μm) и мобилна фаза која се состои од мешавина на 1-октанска сулфонска киселина во вода (pH 3.0, приспособена со ортофосфорна киселина) и ацетонитрил, со соодност 60: 40 (v / v) и проток од 1,0 ml / min, на бранова должина од 277 nm. Серумските концентрации на тирофибан во групата на стаорци со ДВТ беа пониски од оние во контролната група, и тоа може да се објасни со врзувањето на тирофибан со GPIIb / IIIa рецепторите.

Во рамки на научноистражувачката дејност, д-р сци. спец. Марија Дарковска-Серафимовска е автор/коавтор на следните предавања (9 усни и 11 постер презентации) на научни и стручни собири, од кои дел се печатени во зборници на трудови од научни собири, во земјава и во странство:

**Darkovska-Serafimovska, Marija** (2021) *Одобрене индикације за препарате на бази канабиса*. In: XIV Конференција Маркетинг у фармацији, 05 June 2021, Shabac. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28145

**Darkovska-Serafimovska, Marija** (2021) *Производња и дистрибуција препарата на бази канабиса – регулаторни оквир у Северној Македонији*. In: VI GDP Konferencija, 28 May 2021, Belgrade, Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28130

Serafimovska, Tijana and Zdravkovska, Milka and Ivanovska, Verica and **Darkovska-Serafimovska, Marija** and Tonic Ribarska, Jamina and Balkanov, Trajan (2020) *Commonly isolated pathogens and Antibiotic susceptibility testing in patients with decubitus hospitalized at a tertiary care hospital in Stip*. In: EURODURG 2020 Conference (European Drug Utilisation Research Group Conference), 4-7 March 2020, Szeged, Hungary. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23897

Zlatanov, Robert and Ilioska, Diana and Serafimovska, Tijana and **Darkovska-Serafimovska, Marija** (2019) *Дали канабиноидите се ефикасни за третман на кахексија/синдром на губење на тежина кај ХИВ позитивни пациенти*. In: II Студенстски Конгрес

на студенти по општа медицина, 09-10 May 2019, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22041

Ilievska, Angela and Dimovska, Elena and Serafimovska, Tijana and **Darkovska-Serafimovska, Marija** (2019) *Безбедност, толерантност и ефикасност на орално администрирани канабиноиди за третман на мултипла склероза*. In: II Студентски конгрес на студенти по општа медицина, 09-10 May 2019, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22044

Tosheva, Ubavka and Milanova, Simona and Serafimovska, Tijana and **Darkovska-Serafimovska, Marija** (2019) EPIDIOLEX® (cannabidiol) орален раствор, нова надеж за пациенти со Lennox-Gastaut-ов и Dravet-ов синдром. In: II Студентски конгрес на студенти по општа медицина, 09-10 Мај 2019, Мултимедијален центар, Штип. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22042

Janeva, Martina and Serafimovska, Tijana and **Darkovska-Serafimovska, Marija** (2019) *Употреба на канабиноидите за третман на гадење и повраќање предизвикано од хемотерапија кај перидјатриската популација*. In: II Студентски конгрес на студенти по општа медицина, 09-10 May 2019, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22043

**Darkovska-Serafimovska, Marija** (2019) *Правна Регулатива и законодавство у Републици Македонији*. In: Upotreba kanabinoida – aktuelna saznanja i izazovi, April 18, 2019, Vojno medicinska akademija, Belgrade, Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21955

**Darkovska-Serafimovska, Marija** (2019) *Терапијски потенцијал канабиноида*. In: Upotreba kanabinoida – aktuelna saznanja i izazovi, April 18, 2018, Vojno medicinska akademija, Belgrade, Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21956

**Darkovska-Serafimovska, Marija** (2018) *Правна регулатива и законодавство у Републици Македонији*. In: 17. Simpozijum farmaceuta sa međunarodnim učešćem, 05-08 Dec 2018, Zlatibor, Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20951

**Darkovska-Serafimovska, Marija** (2018) *Терапијски потенцијал канабиноида*. In: 17. Simpozijum farmaceuta sa međunarodnim učešćem, 05-08 Dec 2018, Zlatibor, Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20950

Sterjova, Marija and Janevik-Ivanovska, Emilija and Smilkov, Katarina and **Darkovska-Serafimovska, Marija** (2018) *The role of radiopharmaceuticals in individualized diagnostic and therapy*. In: 3rd International Scientific Conference of the Faculty of Medical Science, 8-10 Nov 2018, Ohrid, Macedonija. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20998

**Darkovska-Serafimovska, Marija** (2018) *Тераписки потенцијал канабиноида*. In: ICQ: The 15th International Convention on Quality – UASQ 2018, 5-7 May 2018, Belgrade, Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20117

Mladenovska, Martina and Risteski, Milan and Serafimovska, Tijana and **Darkovska-Serafimovska, Marija** (2018) *Објективен одговор на комбинирана терапија во третман на Меланом*. In: Прв конгрес на студентите по Општа медицина на УГД, 09-10 May 2018, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20095

Taleski, Vaso and Trpceva, Kristina and Zdravkovska, Milka and **Darkovska-Serafimovska, Marija** (2018) *Potential impact of probiotics on human health and diseases*. In: XII Kongres mikrobiologa Srbije sa megjunarodnim ucescem. Mikromed regio 2018, 10 - 12 May 2018, Belgrade, Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22654

**Darkovska-Serafimovska, Marija** and Janevik-Ivanovska, Emilija and Balkanov, Trajan (2018) *National regulations in Radiopharmacy: Is the present situation generally acceptable?* In: 19th European Symposium on Radiopharmacy and Radiopharmaceuticals, 05-08 Apr 2018, Groningen, Netherlands. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19815

**Darkovska-Serafimovska, Marija** (2018) *Adverse drug interactions in dental practice*. In: Digital vs analogical in dental medicine, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19795

**Darkovska-Serafimovska, Marija** (2018) Legalization of cannabis for medical purposes – legislation in Republic of Macedonia and public health-. In: III Scientific Symposium “Health Outcomes & Social Pharmacy” Central & Eastern European Symposium, 23-24 March 2018, Belgrade, Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19794

**Darkovska-Serafimovska, Marija** (2017) *Implementacija GDP smernica u Makedoniji*. In: Dobra distributivna praksa u farmaciji - logistički i regulatorni izazovi u farmaceutskom lancu snabdevanja, 21 Apr 2017, Novi Beograd, Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18163

**Darkovska-Serafimovska, Marija** and Janevik-Ivanovska, Emilija and Gjorgoski, Icko and Arsova-Sarafinovska, Zorica and Balkanov, Trajan and Ugresic, Nenad (2016) *Serum determination of 99m Technetium radiolabeled Tirofiban using high performance liquid chromatography in the animal rat model of introduced acute deep venous thrombosis*. In: 18th European Symposium on Radiopharmacy and Radiopharmaceuticals, 7-10 Apr 2016, Salzburg, Austria. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18162

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката д-р сци. спец. Марија Дарковска-Серафимовска како член на Фармацевтска комора на РСМ е дел од Извршниот одбор на Комората каде што дава значаен придонес во развојот и афирмацијата на фармацевтската фела.

Целокупната научноистражувачка дејност во кои учествува кандидатката како автор/коавтор, со вкупно 64 објавени наслови на трудови, проекти, учебници и учебни помагала, е дадена на линкот на е-репозиториум на УГД:

https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Darkovska-Serafimovska=3AMarija=3A=3A.html, прочитано на 8.4.2022.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од прегледот на приложената документација на доц. д-р Марија Дарковска-Серафимовска која е елаборирана во овој извештај може да заклучиме дека кандидатката во постизборниот период остварила значителен напредок во научноистражувачката и наставно-образовната дејност. Ова го потврдуваат остварените публикации во списанија со фактор на влијание, бројните презентации на научни и стручни собири во земјава и во странство, остварените соработки во меѓународните проекти во кои таа учествува, како и објавените рецензирани учебници и учебни помагала наменети за студентите на студиските програми Општа медицина, Фармација, Дентална медицина и стручните студии за дипломирани медицински сестри, лаборанти и акушерки.

Рецензентската комисија констатира дека врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност во периодот од изборот во доцент од областа фармакологија, до денес, кандидатката ги исполнува критериумите за избор во наставно-научно звање вонреден професор и го верификува нејзиниот научен и стручен развој со вкупно 253,5 поени (НО 30 + НИ 161,5 + САОР 62 = 253,5).

Имајќи ги предвид сите факти што се наведени во овој извештај, а кои се во согласност со Законот за високо образовани (Сл. весник на РМ 82/2018) и со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи **на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да ја избере кандидатката доц. д-р Марија Дарковска-Серафимовска во звање вонреден професор за наставно-научната област фармакологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Трајан Балканов**, редовен професор, претседател, с.р.
**Д-р Димче Зафиров**, редовен професор, член, с.р.
**Д-р Бистра Ангеловска**, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | / | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор - бр.4, 5 и 6) | / | / | 3 | 15 | 45 |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (втор автор - бр.1 и3) | | | 2 | 10 | 20 |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (трет автор) | | | / | / | / |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (останати автори - бр.2) (над 5 коавтори во публикација x 0,7) | | | 1 | 5 | 5 x 0,7= 3,5 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор – бр.12) | | | 1 | 9 | 9 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (втор автор – бр.11) | | | 1 | 6 | 6 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (останати автори – бр.7, 8, 9, 10, 13 и 14) | | | 6 | 3 | 18 |
| | Учество на научен собир со реферат (усна презентација) (бр.15, 16, 22, 23, 24, 25, 27, 32 и 33) | | | 9 | 2 | 18 |
| | Учество на научен собир со реферат (постер презентација) (бр.17, 18, 19, 20, 21,26, 28, 29, 30, 31 и 34) | 7 | 1 | 4 | 1,5 | 13 |
| | Одбранета докторска теза | | | | 8 | 8 |
| | Одбранета специјализација | 1 | 6 | 1 | 6 | 12 |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | | | 3 | 3 | 9 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **161,5** |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание | / | / | | | **/** |
| | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | / | / | | | **/** |
| | Практикум | 3 | 8 | | | **24** |
| | Скрипта | 2 | 8 | | | **16** |
| | Учебник | 2 | 10 | | | **20** |
| | Член на Извршен одбор во Фармацевтска комора | | 2 | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **62** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **253,5** |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОНКОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2002-110/13 од 5.4.2022 година донесена на 276. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 5.4.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент /насловен вонреден професор за наставно-научната област онкологија (30220) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Лилјана Манева-Костовска -** редовен професор во пензија за наставно-научната област онкологија, Медицински факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј” во Скопје – претседател;
- **д-р Дева Петрова**, насловен доцент за наставно-научната област онкологија, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, вработена во Клиничка болница „Аџибадем Систина“ во Скопје - член;
- **д-р Џенгис Јашар**, насловен вонреден проферсор за наставно-научната област патолошка анатомија, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, вработен во Клиничка болница „Аџибадем Систина“ во Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 17.3.2022 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

**д-р Марија Караколевска-Илова**, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на онкологијата.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатката д-р Марија Караколевска-Илова, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено сите документи.

1. Диплома за завршено соодветно образование – за одбранет докторски труд (еден примерок од дипломата во оригинал и 3 примероци заверени кај нотар);
2. Дипломи за завршен прв и втор циклус студии (по 1 примерок заверен кај нотар);
3. Уверение за положени испити на прв и втор циклус студии (по 1 примерок заверен кај нотар);
4. Кратка биографија;
5. Список на објавени научни и стручни трудови;
6. По еден примерок од трудовите;
7. Потврда дека се служи со еден странски јазик;
8. Препорака од двајца професори од соодветната научна област за која се врши изборот (онкологија);
9. Еден примерок од докторскиот труд;
10. Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Кандидатката д-р Марија Караколевска-Илова е родена на 1 септември 1978 год. во Штип, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во Штип (Гимназија „Славчо Стојменски", насока природно-математичка, 1993-1997 год.) со континуиран одличен успех.

На Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Р. Македонија, се запишува во учебната 1997/1998 год. и дипломира на 17 септември 2003 год. со просечен успех 9,3 и се здобива со стручен назив доктор на медицина. По положувањето на стручен државен испит на 21 септември 2004 г. се здобива со работна лиценца. За време на студиите во рамките на програмата за размена на студенти остварува едномесечен престој во „St. Lucka's Hospital" во Малта на Одделението за малигни заболувања во детска возраст.

По дипломирањето работи како матичен лекар во Приватна ординација за општа медицина и ортопедија „Д-р Лазо Киров" - Штип (2004-2006 год.).

Во октомври 2007 год. успешно го завршува курсот по прва помош: СБМО-ООЖ/АНД за спасители од Европскиот совет за ресуситација.

Од 2006 до 2008 год., работи во службата за Итна медицинска помош при Здравствениот дом во Штип.

Во ноември 2008 год. се вработува како помлад асистент на научно поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Од 6 јули 2009 год. врз основа на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев" **се распоредува на матичната Катедра по онкологија и радиотерапија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.**

На 15 октомври 2009 година започнува со специјализација по онкологија и радиотерапија на Клиниката за онкологија и радиотерапија при Медицинскиот факултет во Скопје и завршува на 30 јуни 2014 год., при што се стекнува со назив **специјалист по онкологија и радиотерапија**.

По тригодишно работно искуство како помлад асистент, Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип на 4 ноември 2011 год. донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија по пријавата на Марија Караколевска-Илова за избор во **звање асистент за наставно-научно поле/ област клинички медицински науки**. На 29 март 2012 год. се здобива со **соработничко звање асистент за наставно-научно поле/ област клинички медицински науки.**

На 29 ноември 2013 год. се стекнува со звање **магистер по медицински науки**, по завршувањето на вториот циклус студии на Медицинскиот факултет – Скопје, со просечен успех 9,8 и одбранета теза на тема „Разлики на плевралните изливи кај болни со примарен белодробен карцином и малигни тумори на плеврата".

Од 15.12.2014 год. д-р Марија Караколевска-Илова е избрана во звање **асистент-докторанд од областа на онкологијата** при Факултет за медицински науки , УГД-Штип.

Од 1.3.2015 год. започнува со работа на Одделението за онкологија и радиотерапија при ЈЗУ Клиничка болница - Штип како специјалист онколог-радиотерапевт, а во 2016 год. се поставува за раководител на истото.

До денес успешно ги извршува работните обврски како асистент на Факултетот за медицински науки – Штип.

Во 2016 год. се запишува на трет циклус на студии од областа базични и клинички истражувања во медицината при Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Во 2020 год. ѝ е одобрена изработка на докторскиот труд со наслов „Независни прогностички и предиктивни фактори кај ран стадиум луминал А и луминал Б карцином на дојка" работена под менторство на проф. д-р Милка Здравковска и коменторство на проф. д-р. Гордана Петрушевска. Докторската дисертација јавно ја одбранува на 4.2.2022 год. на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип и се стекнува со титула **доктор по клинички медицински науки** со успех 10,00.

Активно се служи со англиски, бугарски, српски и хрватски јазик.

Д-р Марија Караколевска-Илова има голем придонес во научноистражувачката дејност на Факултетот за медицински науки преку нејзиното активно учество во научно образовната дејност и едукација.

Во текот на нејзината наставно-научна кариера активно учествува на многу домашни и меѓународни конгреси, симпозиуми и едукативни манифестации за што сведочат и сите рецензирани трудови, како и сите оние кои се во постапка на рецензија. Во текот на својата научно-професионална кариера добитник е на повеќе грантови за едукација во странство од Европската школа за онкологија.

Кандидатката е член на Лекарска комора на Македонија и на Македонското лекарско друштво од 2005 година. Од 2012 год. е член на Европската школа по онкологија – ЕСО, член на Европскиот совет за онкологија – ЕСМО и член на Европскиот совет за радиотерапија – ЕСТРО. Од 2013 год. е член на Македонската асоцијација на радијациони онколози и член на Бугарската асоцијација на млади онколози. Од 2017 год. е член на Надзорен одбор на меѓуграничен кластер за интеграција на Европските здравствени стандарди и иновации меѓу Р Македонија и Р Бугарија.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент**

**Општи услови за избор:**

Кандидатката д-р Марија Караколевска-Илова ги исполнува сите услови кои се предвидени како елементи за избор на лице во звање насловен доцент, а се во прилог и на ОНУ.ОБ.22 Чек листа за избор на доцент, покрај елементите утврдени во законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на Рецензентската комисија и тоа:

***Просечен успех од прв и втор циклус студии.*** Кандидатката ги завршува прв циклус на студии на Медицински факултет во Скопје со просечен успех 9,3 и постдипломските студии на Медицински факултет - Скопје со просечен успех 9,8;

***Научен степен доктор на науки од областа во која се избира***. Кандидатката има научен степен доктор по медицински науки од областа онкологија, со кој се стекнала по одбраната на докторската дисертација со наслов „Независни прогностички и предиктивни фактори кај ран стадиум луминал А и луминал Б карцином на дојка“ на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;

***Претходен избор во звање*** – претходен избор во асистент-докторанд на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

***Објавени најмалку четири научни трудови во референтни научни публикации во последните пет години***.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Stefan Petrovski, **Marija Karakolevska - Ilova**, Elena Simeonovska Joveva, Aleksandar Serafimov, Ljubica Adzi-Andov, Violeta Dimitrova (2018) | Influence of the Type and Amount of Liver Resection on the Survival of the Patients with Colorectal Metastases | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2018 Jun 20; 6(6):1046-1051. | 2013 |
| 2. | **Karakolevska Ilova Marija (2018)** | Can breast cancer metastasize to an unusual organ? : case report and review. | The Breast, 41. S21-S22. ISSN 0960 - 9776 | 1990 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Elena Simeonovska Joveva, **Marija Karakolevska Ilova**, Stefan Petrovski (2019) | Differential diagnosis between Bulbospinal muscular atrophy - Kennedy's disease and Amyotrophic lateral sclerosis. | Acta Medica Medianae, 58 (2). pp. 77-81. ISSN 0365-4478 | 1962 |
| 4. | **Karakolevska Ilova Marija ,** Simeonovska Joveva Elena **,** Serafimov Aleksandar (2021) | De novo Stage IV Luminal Breast Cancer: Yes or No for Local Treatment? Serial Cases and Review. | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 9 (B). pp. 1-5. ISSN eISSN: 1857-9655 | 2013 |
| 5. | **Karakolevska Ilova - Marija**, Zdravkovska Milka, Jasar Dzengis, Petrusevska Gordana,Simeonovska Joveva Elena (2021) | Can Estrogen Receptor, Progesterone Receptor, and Proliferative Index be Considered as Isolated Prognostic Factors of Overall Survival in Early luminal Breast Cancer? | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 9 (B). pp. 1313-1322. ISSN 1857-9655 | 2013 |

***Сертификат за познавање на англиски јазик.-*** Кандидатката активно го познава англискиот јазик (доставена соодветна потврда).

***Способност за изведување на високообразовна деј*ност** – Со активното учество во наставата како асистент на повеќе предмети кандидатката покажа висока способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови:**

***Препораки од двајца професори од соодветната област*** – Кандидатката достави две препораки од проф. д-р Лилјана Манева-Костовска и проф. д-р Снежана Смичковска, специјалисти по онкологија од Универзитетската клиника за онкологија и радиотерапија - Скопје.

***Минимум поени за избор во насловен доцент***- Кандидатката има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната активност на лицето: (НО)=45; (НИ)=95,5; (САОР)=39 или вкупно 179,5 поени.

***3. Рецензиран учебник и практикум*** - Кандидатката д-р Марија Караколевска-Илова за време на нејзината професионална кариера е автор/коавтор на:

Основи на хумана генетика (практикум), Тодосиева Даниела, Андова Емилија, Караколевска-Илова Марија (автор), УГД, Штип (2018) ISBN: 978-608-244-514-4.

Молекуларна биологија со генетика (учебник), Дарко Бошнаковски (Марија Караколевска-Илова – автор на поглавје), УГД, Штип (2018) ISBN: 978-608-244-513-7.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

На 1 ноември 2008 год. се вработува како помлад асистент за научното поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

На 6 јули 2009 год. се распоредува на матична Катедра по онкологија и радиотерапија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

На 29 март 2012 год. се здобива со соработничко звање асистент за наставно- научно поле/ област клинички медицински науки.

На 29 ноември 2013 год. се стекнува со звање магистер по медицински науки.

Од учебната 2008/2009 год. е ангажирана за реализација на вежби на прв циклус студии по предметите Вовед во медицината и Медицинска генетика, студиска програма по

општа медицина, Современи дијагностички методи во медицината студиска програма по медицинска сестра/ техничар, Физиологија, студиска програма по медицински лаборант, Медицинска сестра/ техничар и Физиотерапевт, Инфективни болести со фебрилни состојби и нега, студиска програма Медицинска сестра/ техничар.

Од учебната 2009/2010 год. е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Медицинска генетика, студиска програма Општа медицина, Хистологија со ембриологија 1, студиска програма Општа медицина, Инфективни болести со фебрилни состојби и нега, студиска програма Медицинска сестра/ техничар.

Од учебната 2010/2011 год. е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Медицинска генетика и Хистологија со ембриологија 1, студиска програма Општа медицина, Фармакологија студиска програма Фармација и Основи на инфектологија, студиска програма Лаборанти.

Од учебната 2011/2012 год. е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Медицинска генетика, Онкологија и радиотерапија и Хистологија со ембриологија 1, студиска програма Општа медицина, Хистологија со ембриологија и Дерматовенерологија, студиска програма Стоматологија, Микробиологија, студиска програма Фармација и ВЗШ - лаборанти, физиотерапевти и медицински сестри.

Од учебната 2012/2013 год. е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Медицинска генетика - студиска програма Стоматологија, Молекуларна биологија со генетика - студиска програма Фармација, Онкологија и радиотерапија - студиска програма Општа медицина, Инфективни болести 1 и 2 - студиска програма Општа медицина, Инфективни болести - студиска програма Стоматологија, Инфективни болести со нега - студиска програма Медицински сестри, Основи на инфектологијата - студиска програма Лаборанти.

Од учебната 2013/2014 год. е ангажирана за реализација на вежби на прв циклус студии по предметите Онкологија - студиска програма Општа медицина, Основи на хумана генетика - студиска програма Стоматологија, Онкологија со нега - студиска програма Медицинска сестра, Прва помош - студиски програми Стоматологија, Лаборанти и Медицинска сестра, Основи на инфектологија - студиска програма Лаборанти, Инфективни заболувања со нега - студиска програма Акушерка и Медицинска сестра.

Со Одлука бр.2502-244/38 од 1.10.2014 година донесена на 126. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 1.10.2014 год. рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и е на мислење дека д-р Марија Караколевска-Илова наполно ги исполнува критериумите за избор во звање асистент-докторанд од областа на онкологијата.

Од учебната 2014/2015 год. зимски семестар, е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Онкологија, студиска програма Општа медицина, Основи на хумана генетика, студиска програма - Стручни студии и Дентална медицина.

Од учебната 2015/2016 год. до сега е ангажирана за реализација на вежби на прв циклус студии по предметите Онкологија - студиска програма Општа медицина, Онкологија со нега - студиска програма Медицинска сестра, Основи на хумана генетика - студиска програма Дентална медицина и Стручни студии, Хумана генетика- студиска програма општа медицина.

Во февруари 2022 год. се стекнува со звање доктор на медицински науки.

Како резултат на нејзиниот научноистражувачки труд и учеството во домашни и меѓународни проекти во последните пет години м-р д-р Марија Караколевска-Илова има објавено 2 труда во списание со фактор на влијание (SCI листа, Clarivate analytic/ Thomson Reuters) и неколку трудови во меѓународни, индексирани научни списанија и објавени во книгите на апстракти. Учествува на бројни конгреси, симпозиуми, семинари, како во земјава така и во странство. Активното учество го реализира со презентација на оригинални трудови и како поканет предавач. Добитник е на повеќе грантови од Европската школа за онкологија и Европската асоцијација за медицински онкологија за усовршување во странство. Автор и коавтор е на 29 трудови презентирани и публикувани во домашни и меѓународни манифестации и списанија.

Трудовите од реден број 1 до реден број 17 се рецензирани во Билтен на Универзитетот „Гоце Делчев" бр. 133 при изборот за асистент докторанд од 1 октомври 2014 година.

1. Karakolevska Ilova, Marija and Simeonovska Joveva, Elena and Serafimov, Aleksandar and Petrovska, Lidija (2015) Malignant pleural effusions in lung cancer: the condition during the disease. Book of abstracts of the First International Symposium at Faculty of Medical Sciences.

2. Serafimov, Aleksandar and Karakolevska Ilova, Marija and Simeonovska Joveva, Elena (2015) Survival in triple negative metastatic breast carcinoma-case report. Annals of Applied Bio-Sciences, 2 (4). pp. 72-74. ISSN 2349-6991.

3. Karakolevska Ilova, Marija and Simeonovska Joveva, Elena and Dimitrovska Ivanova, Marija (2014) Leptomeningeal metastases in solid tumors. Macedonian Journal of Medical Sciences, 7 (4). ISSN 1857-5773.

4. Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija (2014) CNS disorders induced by radiation therapy of the brain. European Journal of Neurology: Abstracts of the Joint Congress of European Neurology, Istanbul, Turkey, May 2014, 21 (6). pp. 388-713. ISSN 1468-1331

5. Dimitrovska Ivanova, Marija and Kamceva, Gordana and Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Serafimov, Aleksandar (2014) Новини во дијагностика и терапија на еозинофилен езофагеит. Medicus, 9 (20). pp. 24-25. ISSN 1857-5994

6. Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Serafimov, Aleksandar and Petrovski, Stefan and Skenderi, Viollca (2013) Paraneoplastic disorders affecting the neuromuscular junction: Myastenia gravis associated with paraneoplastic syndrome - case report. Medicus 2013, Tetovo, 61 (18(1)). pp. 146-149. ISSN 1409-6366UPC

7. Karakolevska Ilova, Marija and Stojmenova, Vita and Simeonovska Joveva, Elena (2013) Biochemical recurrence of prostate cancer after radical prostatectomy. Weill Cornell Seminar: Oncolgy B: Genitourinary cancers, Салзбург, Австрија.

8. Panova, Gordana and Zisovska, Elizabeta and Simeonovska Joveva, Elena and Serafimov, Aleksandar and Karakolevska Ilova, Marija (2013) Stigma surrounding the patients using mental health services. 5-та ДААД Летна Школа, Бар, Р Црна Гора.

9. Karakolevska Ilova M, Simeonovska Joveva E. (2013) Treatment and survival in patient with initially metastatic brest cancer. 3-ти Балкански и Источниевропски Мастерклас. Дубровник, Хрватска.

10. Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Arsovska, Anita (2012)Symptomatic epilepsy in Stuge-Weber syndrome associated with metabolic disbilance: case report. 3-ти Конгрес-Дилеми во Неврологијата, Дубровник, Хрватска.

11. Simeonovska Joveva, Elena and Arsovska, Anita and Karakolevska Ilova, Marija and Petrovski, Stefan (2012) Coma in patients with stroke. 5-ти Конгрес на невролози на РМакедонија со интренационално учество.

12. Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Petrovski, Stefan (2012) Treatment in patients with speech problems. Medicus, informativen glasnik na javnoto zdravstvo - Stip. ISSN 1857-5994

13. Dimitrovska Ivanova, Marija and Karakolevska Ilova, Marija and Dimitrovska, Ljupka (2012) Клиничка презентација на цистична фиброза. Medicus, informativen glasnik na javnoto zdravstvo - Stip, 6 (15). pp. 15-16. ISSN 1857-5994

14. Karakolevska Ilova, Marija and Simeonovska Joveva, Elena and Dimitrovska Ivanova, Marija (2012) Kancerska bolka. Medicus. ISSN 1857-5994

15. Karakolevska Ilova, Marija and Dimitrovska Ivanova, Marija (2012) Карцином на простата – дијагноза,третман,препораки. Medicus. ISSN 1857-5994

16. Dimitrovska Ivanova, Marija and Karakolevska Ilova, Marija and Dimitrovska, Ljupka (2012) Cisticna fibroza- klinicka prezentacija, dijagnoza i tretman. Medicus. ISSN 1857-5994

17. Karakolevska Ilova, Marija and Stojmenova, Vita (2011) Zoledronic acid in preventing, delaying and reducing skeletal complications in prostate cancer. Научен мултидисциплинарен собир на онколози, патолози и интернисти, Охрид.

**Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија и списанија со фактор на влијание во последните 5 години (2017 до 2022 год.)**

Во последните пет години д-р Марија Караколевска-Илова има објавено 2 труда во списание со фактор на влијание и 4 трудови во меѓународни, индексирани научни списанија и објавени во книгите на апстракти.

Petrovski, Stefan and **Karakolevska Ilova, Marija** and Simeonovska Joveva, Elena and Serafimov, Aleksandar and Adzi-Andov, Ljubica and Dimitrova, Violeta (2018) Influence of the Type and Amount of Liver Resection on the Survival of the Patients with Colorectal Metastases. Open Access Maced J Med Sci, 6 (6). ISSN 1857-9655 (https://eprints.ugd.edu.mk/20385/ ( **меѓународно списание**)

Во овој научен труд е прикажано влијанието на типот и екстензитетот на ресекцијата на црниот дроб кај пациенти со хепатални метастази со потекло од колоректален карцином и нивното влијание на преживувањето. Спроведеното истражување покажа дека типот на ресекција: анатомска или неанатомска ресекција кај пациенти со колоректални метастази на црниот дроб не влијаат на долгогодишното преживување (ЦП) на пациентите, додека неанатомските се поврзани со поголем процент на позитивни ресекциони маргини или R1 ресекција и имаат поголем процент на рецидиви. Екстензитетот или големината на ресекција исто така немаат сигнификантно влијание на преживувањето на пациенти, при што порадикалните ресекциите имаат поголем процент на морбидитет и морталитет, но не влијаат на преживувањето на пациентите (ЦП) со колоректални метастази на црниот дроб.

**Karakolevska Ilova, Marija** (2018) Can breast cancer metastasize to an unusual organ?: case report and review. The Breast, 41. S21-S22. ISSN 0960 – 9776 (https://eprints.ugd.edu.mk/28771/) **(IF=4,32)**

Метастатскиот карцином во тироидната жлезда е редок при што инциденцата на метастази на тироидната жлезда кај пациенти се движи од 1,9% до 24%, така што кај секој пациент со претходна историја на малигнитет, секоја нова маса на тироидната жлезда треба да се смета за суспектна додека не се докаже спротивното. Најчестите примарни карциноми со ризик за тироидни метастази се ренален карцином (48,1%), колоректален (10,4%), белодробен карцином (8,3%) и карцином на дојка (7,8%). Повеќето пациенти со метастази на тироидната жлезда имаат широко распространета метастатска болест, но понекогаш тироидната жлезда може да биде единственото место на болеста со исто влијание врз прогнозата како нетироидни метастази.

Simeonovska Joveva, Elena and **Karakolevska Ilova, Marija** and Petrovski, Stefan (2019) Differential diagnosis between Bulbospinal muscular atrophy - Kennedy's disease and Amyotrophic lateral sclerosis. Acta Medica Medianae, 58 (2). pp. 77-81. ISSN 0365-4478 (https://eprints.ugd.edu.mk/22806/) **(IF=0,219)**

Во овој научен труд е прикажан случај на амиотрофична латерална склероза (АЛС) која вклучува голем број нарушувања што предизвикуваат дегенерација на долните и горните моторни неврони и најмалку два 'рбетни региони или UMN и LMN во три региони на 'рбетот. Обично АЛС е претставен со слабост или асиметричност на екстремитетите, губење на способноста за говор, голтање и дишење. Болеста *кенеди* е форма на МНД која е поврзана со X-поврзано рецесивно наследство. Симптомите вклучуваат грчеви во мускулите, слабост во мускулите и клинички карактеристики што ги разликуваат вклучуваат особено фаскулации на лицето и периорната страна. Ова е студија на случај на 43-годишен маж, со повторливи грчеви во мускулите и прогресивна симетрична слабост на долниот екстремитет, со истакната заморувачка компонента на оваа слабост, слабост на рамото, тешкотии при голтање. Електрофизиолошките прегледи се клучна точка за дијагностицирање на болеста кенеди. Во нашиот случај откривме симетрична слабост, сензорни абнормалности при електрофизиолошко тестирање, истакнати фасцилации на лицето и гинекомастија кои не беа карактеристични за АЛС и посочивме дека тоа е еден од синдромите на МНД, како што е болеста Кенеди, а истото беше потврдено и со генетско тестирање.

**Karakolevska Ilova, Marija** and Simeonovska Joveva, Elena and Serafimov, Aleksandar (2021) De novo Stage IV Luminal Breast Cancer: Yes or No for Local Treatment? Serial Cases and Review. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 9 (B). pp. 1-5. ISSN eISSN: 1857-9655; (https://eprints.ugd.edu.mk/28770/) ( **меѓународно списание)**

Ретроспективните студии за ресекција на примарниот тумор како прв третман на избор се со спротивставени резултати, кои може да произлегуваат од различните критериуми за рандомизација, вклучувајќи различни биолошки типови на карцином на дојка, различни метастатски локации и пациенти со различен статус на менопауза. Од друга страна, проспективните студии не покажаа никакви силни резултати за точно дефинирање на првичниот третман на де ново - стадиум IV карцином на дојка поради неколку ограничувања: како краток период на следење (помеѓу 23 и 40 месеци), помлади пациенти, ЕР-позитивни /HER2 негативни тумори и тип на хемотерапија неоадјувантна или адјувантна. Ефектот на спроведување на примарен оперативен зафат на примарниот тумор кај примарно метастазиран карцином на дојка сè уште е предизвик, така што постои потреба да се идентификува точната група на пациенти кои би можеле да имаат корист од операцијата.

**Karakolevska Ilova, Marija** and Zdravkovska, Milka and Jasar, Dzengis and Petrusevska, Gordana and Simeonovska Joveva, Elena (2021) Can Estrogen Receptor, Progesterone Receptor, and Proliferative Index be Considered as Isolated Prognostic Factors of Overall Survival in Early luminal Breast Cancer? Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 9 (B). pp. 1313-1322. ISSN 1857-9655; (https://eprints.ugd.edu.mk/28769/) **(меѓународно списание)**

Постојат голем број на докажани молекуларни и патолошки маркери важни за прогнозата за ЦП на раниот луминален тип на карцином на дојка, но сè уште има некои недостатоци главно поради нелинеарната врска помеѓу маркерите и исходот на болеста. Во оваа ретро-проспективна студија беа обезбедени клинички и патолошки податоци од 336 пациенти со карцином на дојка кај кои беше спроведен соодветен хируршки и адајувантен онколошки третман од јануари 2010 до декември 2013 година, а следени до декември 2018 година. Целта на студијата беше евалуација на ЕР, ПР и Ки-67 како независни прогностички фактори за ЦП на ран луминален карцином на дојка.

Serafimov, Aleksandar and Donevski, Darko and **Karakolevska Ilova, Marija** and Simeonovska Joveva, Elena and Todosieva Serafimova, Kristina and Kedev, Sasko and Vavlukis, Marija (2022) Incremental Value of Cardiac Biomarkers in Mid-term Prognosis of Patients with Acute Coronary Syndrome. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 10 (B). pp. 294-302. ISSN 1857-9655; (https://eprints.ugd.edu.mk/29592/) **(меѓународно списание)**

Кај пациенти со миокарден инфаркт (МИ) податоците за предиктори за големи несакани срцеви настани (MACE) по завршување на хоспитализацијата сè уште остануваат ограничени. Проценката на функцијата на левата комора (LV), во комбинација со употребата на срцеви биомаркери, како што е NT-proBNP може да помогне во раната идентификација на пациенти со ризик од развој на срцева слабост и/или други MACE кај преживеаните од акутен МИ (АМИ). Целта на студијата беше да се идентификуваат раните предиктори на MACE кај пациенти со МИ, кои биле подложени на примарна перкутана коронарна интервенција, со посебен акцент на срцевите биомаркери.

**Издвоени презентации на конференции и стручни собири во периодот од 2017 до 2022 год.**

**Д-р Марија Караколевска-Илова во периодот од 2017 до 2022 година има реализирано повеќе презентации на научни конференции и стручни собири и тоа:**

**Секциско предавање на научен собир**

Во периодот од октомври 2016 до мај 2017 во рамките на континуираната медицинска едукација за приватни /матични лекари од источниот регион на РС Македонија, предавач на тема „Белодробен карцином“.

Во периодот 2018 год. во рамките на континуираната медицинска едукација за приватни /матични лекари источниот регион на РС Македонија, предавач на тема „Малиген меланом“.

**Учество на научен собир со реферат (постер/усно)**

1. **Marija Karakolevska- Ilova (2019)**.True therapy at the right time in patient with lung cancer" Eastern Europe and Balkan Region Refresher Course on Lung Cancer. 28-30 март 2019. Будимпешта,Унгарија. **(усна презентација)**

На овој научен собир се презентираше видувањето и искуството во употребата на современи биолошки агенси кај неситноклеточен карцином на бели дробови во Р Македонија преку приказ на клинички случај.

2. Севда Гацова, **Марија Караколевска-Илова (2019).** „Комплицирана хидатитдна циста„. Конгрес на радиолози со интернационално учество, Златибор, Р Србија **(постер презентација)**

Инциденцата на ехинококната циста во хуманата популација се движи од 10% до 50% и истата може да се презентира како комплицирана и некомлпицирана. Повеќето некомплицирани се асимптоматски и се случајно детектирани на ренгенграфија. Симптомите произлегуваат од растот на цистата и компресија на околните структури, како и руптура и бактериска инфекција. Се презентираше дека КТ е поревелантен метод во докажувањето на симптоматската ехинококна циста.

**Учесник во научен проект**

3. Од 28.9.2017 г. вклучување во проект за меѓуграничен развој на европските стандарди и иновации меѓу Р Македонија и Р Бугарија.

Во рамките на проектот се реализира развојот на меѓуграничен кластер за интеграција на Европските здравствени стандарди и иновации меѓу Р Македонија и Р Бугарија.

**Студиски престој во странство**

4. "4th ESO-ESMO Eastern Europe and Balkan Region Masterclass in Medical Oncology". 30.06.2017-05.07.2017 , Белград,РСрбија

Активно учество на 7-дневен мастерклас (**студиски престој**) од онкологијата со презентација на труд: „Treatment of HR positive, HER 2 negative metastatic breast cancer in premenopausal women". На студискиот престој беше реализирана научно и практично усовршување од страна на еминетни професори во областа на онкологијата од Европа.

5. "6th ESO-ESMO Eastern Europe and Balkan Region Masterclass in Medical Oncology".12.12.04.2019-17.04.2019, Шибеник,Хрватска..

Активно учество на 7-дневен мастерклас од областа на онкологијата **(студиски престој)** од онкологијата во рамките на Европската школа за онкологија. Презентација на труд „Luminal A breast cancer in premenopausal women: good or bad news?". На студискиот престој беше реализирана научно и практично усовршување од страна на еминетни професори во областа на онкологијата од Европа.

**Труд во стручно (научно-популарно) списание**

6. Марија Караколевска-Илова. (2017) „Третман на карцином на дојка". Медикус – Информативен гласник на јавното здравство,Штип . Година 11, број 26.

Третманот на карцином на дојка по извршен хируршки зафат зависи од повеќе фактори како од типот на извршената хируршка процедура, хистолошкиот тип на туморот, големината на туморот, зафатеноста на регионалните лимфни јазли, постоење/непостоење на далечни метастази, лимфо-васкуларна и периневрална инвазија, диференцијација на малигната клетка, хормонскиот статус на туморот како и експресијата на ХЕР2 рецепторот, но и возраста, менструалниот статус и состојбата на пациентката. Во овој труд се презентирани сите онколошки модалитети како адјувантен третман кај карцином на дојка.

**Труд објавен во зборник на трудови на стручен собир**

7. **Karakolevska Ilova, Marija** and Simeonovska Joveva, Elena and Lichkova, Elena (2018) The impact of socioeconomic status on outcome in patients with brain metastases. In: Zbornik na trudovi, Regionalna strucno-naucna konferencija, FMN,Vol 2, No1, Oktomvi 2018. Univerzitet Goce Delcev Stip, pp. 86-89. (https://eprints.ugd.edu.mk/20836/

Целта на студијата е да се прикаже влијанието на социоекономскиот статус врз степенот на презентација на симптомите кај пациенти со мозочни метастази и потребата од хоспитализација кај пациенти од источниот дел на РСМ, преку ретроспективна студија за период од 2016-2018 година. Во студијата беа вклучени 47 хоспитализирани пациенти на РЕ Неврологија со докажани мозочни метастази. Анализата покажа дека нема асоцијација на социоекономскиот статус и инциденцата на метастази.

**Учество на стручен собир со реферат ( постер/усно)**

8. **Marija Karakolevska Ilova** (2017).”Treatment of HR positive, HER 2 negative metastatic breast cancer in premenopausal women“. 4th ESO-ESMO Eastern Europe and Balkan Region Masterclass in Medical Oncology. Belgrade, Serbia.**(усна презентација)**

Иако хормонската терапија е преферииран третман од прва линија за хормонски зависен, HER2/неу негативен метастатски карцином на дојка, ниту еден податок од клиничките испитувања не го поддржува изборот помеѓу хормонална терапија или хемотерапија. Дилемата за лекување на овие пациенти произлегува од местото на метастазирање и големината на метастазите, како и од тоа дали станува збор за пременопаузални или постменопаузални пациенти. Има многу малку студии кои го потврдуваат најдобриот избор на третман за пациенти во пременопауза со метастатска болест зависна од хормони. Во презентацијата се дава осврт за одлука за соодветна прволиниска терапија на метатстатски хормнозависен карцином на дојка кај пременопаузна пациентка.

9. **Marija Karakolevska Ilova (2019).** “Luminal A: What can we expect in premenopausal patients? Good or bad news? ”6th ESO-ESMO Eastern Europe and Balkan Region Masterclass in Medical Oncology. Sibenik, Croatia**.(усна презентација)**

Биолошките поттипови на карцином на дојка се поврзани со различни обрасци на метастатско ширење со забележителни разлики во преживувањето по релапс. Просечно времетраење на преживување со далечни метастази во просек е 2,2 (луминален А), 1,6 (луминален Б), 1,3 (луминален/ХЕР2), 0,7 (ХЕР2 позитивен) и 0,5 години (базален тип; P <.001). Сè уште е отворено прашањето за примарниот третман на луминал А / 2-2,5sm, N1a(1+ l.n) биолошки тип на карцином на дојка: хормон v.s хемотерапија, РТ v.s без РТ? Односно останува отворено шрашањето за претретирање односно субтретирање на оваа група на пациенти.

**Рецензирани книги/практикум/скрипта/поглавје од книга**

10. Основи на хумана генетика (практикум), Тодосиева Даниела, Андова Емилија, Караколевска-Илова Марија (**автор**), УГД, Штип (2018) ISBN: 978-608-244-514-4.
11. Молекуларна биологија со генетика (учебник), Дарко Бошнаковски (**Марија Караколевска-Илова – автор на поглавје**), УГД, Штип (2018) ISBN: 978-608-244-513-7

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Д-р Марија Караколевска-Илова во периодот од 2017 до 2022 година е добитник на повеќе награди и признанија за својата стручно-апликативна работа, како и член е на комисии и организации со што придонесува за развој на стручно-апликативната и организационо развојна дејност.

12. Добитник на БЛАГОДАРНИЦА (7.4.2017 год) за активно извршување на целите и задачите на Македонското лекарско друштво;
13. Добитник на БЛАГОДАРНИЦА од Министерството за здравство на РС Македонија (3.2022 год.) за активно учество во борбата против пандемијата со САРС ков2;
14. Од 2016 год. раководител на Одделението за онкологија и радиотерапија при ЈЗУ Клиничка болница, Штип;
15. Член во Комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
16. Член на ЛКМ, ЛДМ, ЕСО, ЕСМО;
17. Член на Надзорен одбор (од 2017 год.) на меѓуграничен кластер за интеграција на Европските здравствени стандарди и иновации меѓу Р Македонија и Р Бугарија).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, и според анализата на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Марија Караколевска-Илова ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање насловен доцент и за целокупната активност во извештајниот период од 2017 до 2022 година има остварено (НО = 45 + НИ = 95,5 + САОР= 39) = 179,5 поени.

Од целокупната презентирана досегашна активност може да се заклучи дека кандидатката д-р Марија Караколевска-Илова поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност.

Имајќи ги предвид сите факти што се наведени во овој извештај, како и освоените поени од нејзините активности од наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет да ја избере кандидатката д-р Марија Караколевска-Илова во звање насловен доцент за наставно-научната област онкологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Лилјана Манева-Костовска, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Дева Петрова, насловен доцент, член, с.р.**
**Д-р Ценгис Јашар, насловен вонреден професор, член, с.р.**

## ПРИЛОГ

**Табела за вреднување на активностите на д-р Марија Караколевска-Илова, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев”**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Избор во звање помлад асистент | 10 | | | | 10 |
| **2** | Избор во звање асистент | 15 | | | | 15 |
| **3** | Избор во звање асистент - докторанд | 20 | | | | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **45** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Научен труд објавен во списание со ИФ<br>Прв автор - реден број (2)<br>Втор автор – реден број (3) | | | 1<br>2 | 15<br>10 | 25 |
| **2** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>Прв автор (4,5)<br>Втор автор (1)<br>Трет автор (6) | 2x9=18<br>1x6=6<br>1x3=3 | | | | 27 |
| **3** | Секциско предавање на научен собир (7,8) | 2 | 2 | | | 4 |
| **4** | Учество на научен собир со реферат<br>Во странство - усно (9)<br>Во странство- постер (10) | | | 1<br>1 | 2<br>1.5 | 3.5 |
| **5** | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| **6** | Одбранета специјализација | 1 | 6 | | | 6 |
| **7** | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| **8** | Учесник во научен проект<br>Во земјата (11) | 1 | 2 | | | 2 |
| **9** | Студиски престој во странство (12,13) | | | 2 | 8 | 16 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **95,5** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Книга,практикум (18) | 1 | 10 | | | 10 |
| **2** | Поглавје од книга (19) | 1 | 4 | | | 4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **3** | Труд во стручно (научно-популарно списание) (14) | 1 | 2 | | | 2 |
| **4** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (15) | 1 | 2 | | | 2 |
| **5** | Учество на стручен собир со реферат (усно) странство (16,17) | | | 2 | 2 | 4 |
| **6** | Стручни награди и признанија (20,21) | 2 | 4 | | | 8 |
| **7** | Раководител на оддел (22) | 1 | 3 | | | 3 |
| **8** | Член на факултетски орган, комисија (23,24,25) | 3 | 2 | | | 6 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **39** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **179,5** |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ДИГИТАЛНИ ТРЕНДОВИ ВО ХОТЕЛИЕРСТВОТО - ПРАКТИКУМ" ОД ДОЦ. Д-Р ЦВЕТАНКА РИСТОВА-МАГЛОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2102-89/6 од 264. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика одржана на 6.4.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Дејан Методијески**, вонреден професор, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
- **д-р Оливер Филипоски**, вонреден професор, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ДИГИТАЛНИ ТРЕНДОВИ ВО ХОТЕЛИЕРСТВОТО - ПРАКТИКУМ"** од **доц. д-р Цветанка Ристова-Магловска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Практикумот **„Дигитални трендови во хотелиерството - практикум"** од доц. д-р Цветанка Ристова-Магловска е наменет за потребите на студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за подготвување на испитот по предметот Дигитални трендови во хотелиерството. Содржината на практикумот ја опфаќа потребната материја за вежбите по предметот Дигитални трендови во хотелиерството, според Наставната програма на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Овој задолжителен предмет се изучува во шестиот семестар - трета година на насоката Хотелско- ресторански менаџмент кој носи шест кредити и има фонд на часови 2+2+1.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на практикумот е претставена во текст од вкупно 30 страници (А4 формат, фонт Arial, големина на буквите 11) поделени во 10 тематски целини распоредени во согласност со наставната програма на истоимениот предмет. Користени се 10 библиографски единици. Обемот и содржината на приложениот ракописот се во согласност со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваков практикум, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот Дигитални трендови во хотелиерството на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Практикумот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Текстот и целата содржина се конципирани во 10 тематски дела и литература.

Во првата вежба *Врвни дигитални трендови во хотелиерството*, студентите треба да истражат за најзабележителните дигитални трендови во хотелиерството. Истите треба да ги опишат и напоменат примери за веќе имплементиран тренд во хотел.

Во втората вежба *Од дигитизација, преку дигитализација до дигитална трансформација* студентите треба да истражат и опишат пример за секој концепт за тоа како хотелите ги адаптирале своите операции и начини на работа согласно дигитизацијата, дигитализацијата и дигиталната трансформација.

Во третата вежба *Паметни хотели: поврзување со иднината на технологијата* студентите треба да истражат и опишат примери на различни технологии воведени во паметните хотели. Покрај тоа, тие треба да истражат кои се придобивките за гостите од паметните хотели.

Во четвртата вежба *Иновативни мобилни апликации* студентите треба да истражат и опишат примери на различни мобилни апликации веќе воведени во хотели насочени во два аспекти: гости и хотелски операции.

Во петтата вежба *Хотелски профили на социјалните медиуми* студентите треба да истражат и опишат хотели со Instagram профили.

Во шестата вежба *Бесконтактно искуство со Интернет на нештата во хотелите* студентите треба да истражат и опишат примери на бесконтактни апликации напојувани од Интернет на нештата во хотелите. Треба да се објасни нивната корисност и неопходност од воведување во два аспекти: гостите и вработените.

Во седмата вежба *Примери на сервисни роботи во хотелиерството* студентите треба да истражат и опишат примери на видови роботи кои се користат во хотелите. Треба да се објасни нивната корисност и неопходност од воведување.

Во осмата вежба *Виртуелни тури и интерактивни мапи во хотелиерството* студентите треба да истражат за хотел кој нуди виртуелна тура од 360 степени. Треба да се објасни како истата од аспект на туристички цели како им овозможува на туристите да го запознаат сместувачкиот капацитет. Следно, студентите треба да симнат една од препорачаните апликации/интерактивни аугментирани мапи во практикумот. Истата треба да се анализира и опише корисноста од аспект на обезбедување на информации за туристички цели.

Во деветтата вежба *Потенцијалот на големите податоци во хотелиерството* студентите треба да истражат од каде сè можат хотелите да соберат податоци за гостите. Треба да се објасни понатаму нивната корисност за гостите.

Во десеттата вежба *Студија на случај: Adina Apartment Hotels* студентите прават анализа на студијата на случај за хотелите Adina Apartment и имплементацијата на дигиталните техноголии во нивното работење.

## ЗАКЛУЧОК

Практикумот „Дигитални трендови во хотелиерството - практикум“ претставува успешен обид на авторката да претстави научен материјал со висок квалитет во кој се дава можност за стекнување пошироки знаења и разбирања од областа на хотелиерството. Содржините на наставните единици се стручно и научно обработени, напишани на јасен и разбирлив јазик, а интерпретацијата на истите е во контекст со современите приоди од областа. Практикумот од педагошки и научен аспект го поседува потребното соодветно ниво за студентите на прв циклус студии. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за практикум, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Оттука, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ракописот „Дигитални трендови во хотелиерството - практикум“ од доц. д-р Цветанка Ристова-Магловска да биде издаден како практикум за студенти на студиската програма Хотелско-ресторански менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Дејан Методијески, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Оливер Филипоски, вонреден професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ДИГИТАЛНИ ТРЕНДОВИ ВО ХОТЕЛИЕРСТВОТО" ОД ДОЦ. Д-Р ЦВЕТАНКА РИСТОВА-МАГЛОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2102-89/7 од 264. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на 6.4.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Дејан Методијески**, вонреден професор, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
- **д-р Оливер Филипоски**, вонреден професор, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ДИГИТАЛНИ ТРЕНДОВИ ВО ХОТЕЛИЕРСТВОТО"** од **доц. д-р Цветанка Ристова-Магловска** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Скриптата **„Дигитални трендови во хотелиерството"** од доц. д-р Цветанка Ристова-Магловска е наменета за потребите на студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за подготвување на испитот по предметот Дигитални трендови во хотелиерството. Содржината на скриптата ја опфаќа потребната материја за предавањата по предметот Дигитални трендови во хотелиерството, според Наставната програма на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Овој задолжителен предмет се изучува во шестиот семестар - трета година, на насоката Хотелско-ресторански менаџмент, кој носи шест кредити и има фонд на часови 2+2+1.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на скриптата е претставена во текст и илустрации од вкупно 165 страници (А4 формат, фонт Arial, големина на буквите 11) поделени во 10 тематски целини распоредени во согласност со наставната програма на истоимениот предмет со 1 графикон, 14 слики и 22 табели. Користени се 165 библиографски единици. Обемот и содржината на приложениот ракописот се во согласност со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваква скрипта, по обем и содржина, којашто одговара на предвидената наставна програма по предметот Дигитални трендови во хотелиерството на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип не е објавена.

**Краток опис на содржината:** Скриптата е напишана на лесен и разбирлив јазик. Текстот и целата содржина се конципирани во 10 тематски дела и литература. Илустрирана е со 1 графикон, 14 слики и 22 табели.

Во првата тематска единица *Дигитални трендови* се започнува со преглед и дискусија за што точно претставуваат дигиталните трендови. Потоа во детали ја прикажува важноста на дигиталните трендови во имплементација на дигиталниот екосистем. Важни теми во оваа поглавје вклучуваат примерите на хотелската групација Accor и започнувањето на дигитален екосистем наменет за задоволство на гостите како и партнерите, сето тоа преку дигитално овозможена соработка со примена на новите дигитални технолошки трендови.

На крајот, поглавјето го објаснува огромното влијание на пандемијата КОВИД-19 во хотелското работење.

Во втората тематска единица *Дигитални технологии: Од дигитизација, преку дигитализација до дигитална трансформација* се обработуваат и анализираат дигитизацијата, дигитализацијата и дигиталната трансформација како термини, низ дефиниции, аспекти и двигатели. Општо земено, трите термини на крајот звучат многу слично – што не е ни чудо што тие понекогаш се користат наизменично особено во процесот на тоа како бизнисите ги прифаќаат дигиталните технологии денес. Врската помеѓу термините дигитизација, дигитализација и дигитална трансформација дава дополнително објаснување со цел да се спречи погрешното толкување и примена.

Во третата тематска единица *Дигитални технологии (трендови) во хотелиерството* се дискутира за начинот на кој дигиталните технологии (трендови) се интегрирани во работењето на хотелите и како нивната примена може да управуваат на поефикасен, економски и одржлив начин. Како иднина на хотелската индустријата, поглавјето ги анализира дигиталните технологии со практични примери и нивна застапеност во хотелите, но дава приказ и прави споредба како функционира начинот на работа по оддели во актуелните/денешни (традиционални) хотели и новите/идни (паметни) хотели.

Во четвртата тематска единица *Паметни телефони* се започнува со дискусија за како паметните телефони првпат почнаа да се зголемуваат во популарност и како хотелската индустрија виде можност да добие предност во однос на нивните конкуренти со употребата на оваа технологија. Следното поглавје посочува дека сега кога паметните телефони станаа попопуларни од кога и да било замислено, таа потенцијална предност се претвори во неопходност за секој хотел што сака да се натпреварува во хотелската индустрија. Понатаму, употребата на мобилните апликации обезбедена од паметните телефони засекогаш ја промени хотелската индустрија.

Во петтата тематска единица *Социјални медиуми* се опишуваат социјалните медиуми како форма на комуникација базирана на интернет, воедно анализирајќи ја еволуцијата на социјалните медиуми односно како започна и како социјалните медиуми влијаеја на животите на милијарди луѓе ширум светот. Поглавјето продолжува покажувајќи како во последните години социјалните медиуми добија клучна улога во работењето на хотелите, менувајќи го притоа и начинот на кој гостите досега ги бараа и резервираа своите сместувачки капацитети, но и комуницираа со хотелите за време и по нивниот престој.

Во шестата тематска единица *Интернет на нештата* се започнува со дефинирање на поимот Интернет на нештата и како всушност Интернет на нештата работи и функционира. Понатаму поглавјето се насочува кон начинот на кој Интернетот на нештата (IoT) има потенцијал да ја трансформира хотелската индустрија со длабоко менување на начинот на кој хотелите работат во подобрување на искуството и задоволството на гостите и оперативната ефикасност. Потенцијалната употреба на Интернетот на нештата е прикажано со веќе многуте застапени апликации во хотелиерството.

Во седмата тематска единица *Вештачка интелигенција и роботика* се започнува со дискусија и преглед на вештачката интелигенција и роботиката како два актуелни трендови. Поглавјето посочува дека иако трендовите и развојот на технологијата за вештачка интелигенција и роботика брзо напредуваат, сепак станува збор за две различни области. Поглавјето продолжува со анализа на влијанието и примената на вештачката интелигенција во хотелиерството, завршувајќи со подемот на сервисните роботи во хотелските операции.

Во осмата тематска единица *Виртуелна и аугментирана реалност* се започнува со дефинирање на технологиите виртуелна и аугментирана реалност, нивните почетоци и развој. Поради делумната сличност која се среќава помеѓу овие технологии, дополнително внимание е поставено на нивното споредување и дефинирање на разликите во работењето. Понатаму поглавјето се насочува кон начинот на кој виртуелната и аугментираната реалност го трансформираат начинот на работење во хотелите и пристапот кон гостите. Иновативни примери на застапеност во хотели дополнително се објаснети и прикажани.

Во деветтата тематска единица *Големи податоци* се започнува со детално опишување и анализа на што претставуваат големите податоци и од каде истите се формираат во денешно време, паралелно дискутирајќи ги различните пристапи на теоретичарите,

академците и истражувачите при дефинирањето на големите податоци, како и нивните карактеристики. Понатаму, поглавјето се насочува кон застапеноста на големите податоци во хотелската индустрија, каде што хотелите несомнено ја признаваат нивната важност. Низ примери се дискутира како големите податоци можат да им помогнат на хотелите да обезбедат подобро персонализирана услуга, да го разберат однесувањето на гостите, вредностите на имотот, подобрување на својата деловна стратегија и многу повеќе.

Во десеттата тематска единица *Студии на случај* се прикажани 5 конкретни примери на реални хотели и угостителски бизниси кои користеле технологија за комуникација и соработка од водечката компанија Ruckus Networks за ИТ решенија за ги да направат опипливи подобрувања во искуствата и операциите на нивните гости и вработени.

**ЗАКЛУЧОК**

Скриптата „Дигитални трендови во хотелиерството“ претставува успешен обид на авторката да претстави научен материјал со висок квалитет во кој се дава можност за стекнување пошироки знаења и разбирања од областа на хотелиерството. Содржините на наставните единици се стручно и научно обработени, напишани на јасен и разбирлив јазик, а интерпретацијата на истите е во контекст со современите приоди од областа. Скриптата од педагошки и научен аспект го поседува потребното соодветно ниво за студентите на прв циклус студии. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за скрипта, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Оттука, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ракописот „Дигитални трендови во хотелиерството“ од доц. д-р Цветанка Ристова-Магловска да биде издаден како скрипта за студенти на студиската програма Хотелско-ресторански менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Дејан Методијески, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Оливер Филипоски, вонреден професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ЏЕЗ САКСОФОН – НАПРЕДНА ИМПРОВИЗАЦИЈА И ВЕЖБИ” ОД М-Р КИРИЛ КУЗМАНОВ, МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката со бр. 1402-52/8 од 31.3.2022 г. на редовна седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија, одржана на 31.3.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- м-р Ѓеорги Мицанов, редовен професор од наставно-научната област џез саксофон - вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- м-р Сашо Поповски, редовен професор од наставно-научната област џез гитара – вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Џез саксофон – напредна импровизација и вежби**” од автор **м-р Кирил Кузманов,** наменет за студентите на прв циклус студии на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Музичка академија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот за учебното помагало/ скриптата со наслов „Џез саксофон – напредна импровизација и вежби” од авторот м-р Кирил Кузманов е материјал компатибилен според Наставниот план и содржините на предметот Матичен инструмент – џез саксофон, што се изучува на насоката Џез саксофон на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, на додипломските студии (прв циклус) 3+2+2 со број на кредити 8.

Доставениот текст потполно е подготвен во согласност со пропишаната Наставна програма за горенаведениот предмет и според барањата кои се поставуваат пред студентите во рамки на предметот, а се однесуваат на практично-теоретска реализација на споменатата програма. Истовремено, одговара и на одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за обемот на ракописот:** Овој ракопис е составен од 8 транскрибирани сола отсвирени од најбитните саксофонисти во историјата на џез музиката и секое за себе разработува различни проблематики кои припаѓаат на инструменталното интерпретирање на џез музиката.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот е напишан со нотно писмо, како што впрочем се напишани и повеќето скрипти по уметнички наставни содржини на Музичката академија, што е една од карактеристиките на оваа единица. Пишаниот материјал ја третира проблематиката на еден од поважните аспекти на изведбата во современ џез манир, особено изразена во доменот на импровизацијата .

**Краток опис на содржината:** Ракописот е подготвен според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет.

Приложениот ракопис е концизно учебно помагало, кое во целост ги опфаќа сите проблематики за начинот на ритмичко-мелодиско интерпретирање на нотниот текст во џез музиката. Во ракописот авторот истакнува 8 внимателно одбрани сола (вежби), секоја со различна музичка содржина, тежина и карактер кои ги опфаќаат најбитните елементи потребни за студентот да се развие во еден комплетен џез саксофонист. Со анализа на овие сола се збогатува и знаењето во поглед на импровизацијата затоа што студентот може да види какви мелодиски и хармонски решенија користат големите мајстори врз дадена хармонска основа. Содржи транскрипции на сола од: Чарли Паркер, Хенк Мобли, Канонбал Адерли, Декстер Гордон, Сони Стит, Ли Кониц и Џон Колтрејн.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот за учебното помагало/скрипта **„Џез саксофон – напредна импровизација и вежби“** од авторот **м-р Кирил Кузманов** разработува еден од покомплексните аспекти на музичката изведба во џез идиом на инструментот саксофон. Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на предметот Матичен инструмент – Џез саксофон, што го изучуваат студентите по џез студии, насока Џез саксофон, на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало/скрипта и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Рецензентската комисија предлага ракописот „Џез саксофон – напредна импровизација и вежби“ од авторот м-р Кирил Кузманов да биде печатен како учебно помагало /скрипта за потребите на студентите од Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“

**Рецензентската комисија предлага скриптата со наслов „Џез саксофон – напредна импровизација и вежби“ од авторот м-р Кирил Кузманов да биде објавена како скрипта за потребите на студентите на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**М-р Ѓеорги Мицанов, редовен професор, с.р.**
**М-р Сашо Поповски, редовен професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „УЧЕБНИК ПО СОВРЕМЕНИ ТЕОРИИ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРИЗАМ” ОД ПРОФ. Д-Р ЦАНЕ КОТЕСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА - ГЕВГЕЛИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2102-35/7 од 257. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на ден 24.1.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Никола В. Димитров, редовен професор, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Златко Јаковлев, редовен професор, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**УЧЕБНИК ПО СОВРЕМЕНИ ТЕОРИИ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРИЗАМ**” од **проф. д-р Цане Котески,** наменет за студентите на трет циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Учебник по Современи теории во меѓународниот туризам“ за предметот Современи теории во меѓународниот туризам се изучува на трет циклус докторски студии, втор семестар, прва година на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Предметот е задолжителен на студиската програма Туризам и угостителство и со неделен фонд на часови од 3+3+3.

Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма за насоката Туризам и угостителство и ја опфаќа наставната материја за студиската програма Туризам и угостителство на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на 322 страници. Бројот на прилози на слики изнесува 3, 5 карти, 63 табели и 7 графикони. Учебникот е напишан на стандарден македонски јазик во А4 формат, нормален проред, фонт Arial, со македонска поддршка и големина на буквите 11.

Се состои од девет глави, при што секоја глава е во согласност со наставната програма по предметот Современи теории во меѓународниот туризам. Обемот по содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, но и за сите студенти од останати факултети на кои се изучува предметот Современи теории во меѓународниот туризам.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Досега не е објавен ваков ракопис „Современи теории во меѓународниот туризам“. За полесно изведување на часовите на настава и за полесно подготвување на материјалот за испит на студентите докторанди, постои потреба за објавување на поднесениот ракопис.

**Краток опис на содржината:** Ракописот започнува со *Вовед* во кој е даден краток осврт на значењето на современите теории во меѓународниот туризам. Посочена е предвидената основна и дополнителна литература, како и преглед на содржините кои се обработени во рамките на учебникот.

Во **првата глава** е опфатен материјалот за: Основни обележја на современиот меѓународен туризам и меѓународниот современ туризам како глобална животна средина:

Вовед во меѓународните патувања и современиот туризам, Патувањата низ историјата, Појава и развој на туризмот како современ начин на користење на слободното време, Причини за вклучување во меѓународните патувања и нивните карактеристики, Карактеристики на меѓународниот современ туризам, Обем и динамика на меѓународните туристички патувања, Водечки светски туристички дестинации, Водечки земји за појдовни и влезни патувања и излезни трошоци по земји од групите LDC и SIDS, Регионална дистрибуција на меѓународниот туристички промет, Современи тенденции во меѓународниот современ туризам, Дерегулација на воздушниот сообраќај, Поттикнувачки аранжмани (Incentive travel), ИТ аранжмани (Incluzive Tours), Временски закуп на сместувачкитекапацитети (Time sharing), Тематски паркови, Одморно-рекреативни центри (Resorts), Тенденции на развој на туристичките агенции, Диверзификација и концентрација на угостителско-туристичките стопански субјекти, Воведување и развој на компјутерски резервациони системи, Развој на интернет технологијата, Одржив развој на современиот туризмот, Појава на нови видови современ туризам, Глобализацијата на меѓународниот современ туризам и културата како предизвици на XXI век, Концептот и корените на глобализацијата, Придобивки и критики, Глобализацијата и индустријата во меѓународниот современ туризам, Влијанието на глобализацијата врз меѓународниот современ туризам, Форми и примери на глобализацијата во меѓународниот современ туризам, Нов вид на туристички светови, Нов тип на меѓународен современ туризам, Глобализацијата и културата, Појава на глобализирана потрошувачка култура, Глобална потрошувачка и глобални производи, Исчезнување на локалните култури, Глобализацијата и исчезнувањето на локалниот идентитет, Отпорот кон културни промени и појавата на локалниот идентитет, Предности и ограничувања на глобализацијата во меѓународниот современ туризам, Предизвиците на глобализацијата во меѓународниот современ туризам, Културна разновидност, Вовед, Концептот на културна разновидност, Дефиниција на концептот на културната разновидност, Толкување на културната разновидност, Како концептот за културната разновидност се развива, Како да се измери културната разновидност, Дали културната разновидност е важна, Предности на културната разновидност, Влијанието на културните разлики врз меѓународниот современ туризам и угостителството, УНЕСКО Универзална декларација за различните култури, Иднината на културната разновидност, Предизвици за меѓународниот современ туризам и угостителската индустрија.

Во **втората глава** се разгледува материјалот за: Културни теории и практики во меѓународниот современ туризам, Културни практики и влијанието на меѓународниот современ туризам на културата, Ерозијата на локалните култури, Културно непријателство, Маркетинг на културата и повреда на правото на сопствено културно наследство, Културни промени, Културна адаптација, Културно прилагодување, Културна асимилација, Демонстрација на сила и Културни конфликти.

Во **третата глава** се посветува внимание на материјалот за: Култура и културни разлики во светот: Култура, Дефиниција на културата, Култури од регионот, Културата како религија, Главните религии во светот, Религии од регионот, Видови и нивоа на култура, Типови на култури во меѓународниот современ туризам, Целта на културата, Карактеристики на културата, Субкултури, Културата наспроти земјата на раѓање, Културен идентитет, Културни разлики помеѓу народите во светот, Извори на културните разлики, Културни разлики во комуникацијата, Културата и вредностите, Типови на вредности, Класификација на вредностите, Мерење и анализа на вредностите, Вредноста на студиите во меѓународниот современ туризам, Културното влијание на етничките групи на народите во светот, Етиката во меѓународниот современ туризам, Културното влијание врз етичкото однесување, Конфликтно етичко однесување и практики во современиот туризам и угостителството, Сексуално малтретирање и Лажни информации.

Во **четвртата глава** е опфатен материјалот за: Современи теории во меѓународниот современ туризам и туристичко однесување на народите: Вовед, Важноста за проучување на меѓународното туристичко однесување, Туристичка перспектива, Локалната жителска перспектива, Однесување на потрошувачите при купување во разни дестинации во светот, Фактори на животната средина, Животната средина како стимул на демографската животна средина, Културна средина, Социјална средина, Купувачот и факторите, Лични

карактеристики на купувачот, Процес на одлучување, Други теории на потрошувачите, процес на донесување одлуки, Влијанието на културата на однесување на туристот при купување, Културното влијание врз купувачот на личните карактеристики, Родови улоги, Стил на живот и активности, Културното влијание врз купувачот, артикулација и карактеристики, Мотивацијата и потребите, Наведување на изворот, Културното влијание врз процесот на одлучување на купувачот, Информации за пребарување и избор на извори на информации, Улогата на мислењето на раководството, Семејството и донесување на одлуки, Ниво на донесување одлуки, Купување на нови производи, Набавка и одлука, Набавка и ризик, Задоволство, Лојалност и посветеност, Критика и жалби, Надворешно купување и одлука, Спомени и значења и Емоциите и чувствата.

Во **петтата глава** се обработуваат: Меѓукултурни споредби на народите во светот: Културни разлики помеѓу народните општества, Африка, Азија, вкупни Азиски вредности, Пакистан, Филипини, Јужна Кореја, Тајланд, Виетнам, Австралија, Европа, Важни европски вредности, Франција, Германија, Италија, Полска, Русија, Шпанија, Обединето Кралство, Република Северна Македонија, Индија, Латинска Америка, Мексико, Бразил, Блискиот Исток, вкупни Арапски вредности, Саудиска Арабија, Обединети Арапски Емирати, Северна Америка, Канада и САД.

Во **шестата глава** се обработува материјалот за: Карактеристики на меѓународниот современ туризам во светот по региони: Современиот туризмот во Европа, Западна Европа, Шпанија, Италија, Грција, Португалија, Франција, Австрија, Швајцарија, Источна Европа, Унгарија, Полска, Хрватска, Бугарија, Северна Средна и Јужна Америка, САД, Канада, Мексико, Средна и Јужна Америка, Азија и Пацификот, Африка, Мароко, Јужноафриканска Република и Тунис.

Во **седмата глава** се разгледува: Влијанието и значењето на современиот туризам во меѓународната размена: Туризмот во извозот, Туризмот како извозен пазар, Третманот на туризмот во платниот биланс, Туризмот во платниот биланс, Некои проблеми врзани со дефиницијата и поимот современ туризам и туристичкиот производ, Вклученост на современиот туризам во стандардниот модел на платниот биланс на меѓународниот монетарен фонд, Концепт на туристичкиот баланс, Нето девизен ефект од меѓународниот современ туризам, Заклучок, Извозен туристички производ, Концепција за развој на туризмот како состојба за формирање на извозниот производ, Поимно објаснување, Туризмот во глобалната развојна стратегија, Развојот на современиот туризам на основните принципи на развојната стратегија, Контроверзна гледна точка на современиот туризам како развоен приоритет, Туризмот во макроекономските рамки, Идниот развој на современиот туризам и глобалната развојна стратегија, Значењето на агро индустријата во извозниот туристички производ, Вовед во проблематиката, Заклучок, Промоција на извозниот туристички производ, Негативни пратечки ефекти во развојот на современиот туризам и улогата на туристичката промоција, Заклучок, Туризмот во меѓународната размена и економската политика, Состојба и трендови на современиот туризмот во меѓународната размена, Квалитетот на туристичкото производство како битен услов за успех на неговиот извоз, Туристички пазар и маркетинг планирање, Каректеристики на туристичкиот пазар кои влијаат на примената на маркетинг планирањето, Примарна и секундарна еластичност на туристичките барања, Останати релевантни одлики на туристичката побарувачка и современите облици на нејзинато исполнување, Не еластичноста на туристичката понуда и незините последици, Нивоа и органиозирање на планови во современиот туризам и Организациски аспекти на стратешките планирања во компаниите и туристичките работници.

Во **осмата глава** се разгледува материјалот за: Туризмот во XXI век: современ туризам во неизвесен свет: Вовед, Раст на меѓународниот современ туризам наспроти глобалната промена на животната средина, Зимски туризам, Одговор на промените, Ставови на туристичкиот претприемач кон климатските промени, Предвидување на промени, Современиот туризам и нафтата, Иднина на современиот туризам и Заклучок.

Во **деветтата глава** е опфатен материјалот за: Предвидувања и препораки за идниот развој на меѓународниот современ туризам: Предизвици за современиот туризам, Глобализација во развојот на современиот туризам, Препораки за планирање на идниот

развој на меѓународниот современ туризам. Предвидувања за современиот туризмот на (UNWTO) и Светската турустичка организација на меѓународниот современ туризам во светот до 2030 година.

Учебникот завршува со поширока библиографија на користена и консултирана литература од домашни и странски автори, во обем од 173 библиографски единици распоредени во 5 страници.

## ЗАКЛУЧОК

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање учебник според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип со задоволство му препорачуваме **ракописот „Учебник по ‚Современи теории во меѓународниот туризам" од авторот проф. д-р Цане Котески да биде издаден како е-учебник за потребите на студентите на трет циклус - докторски студии на студиската програма Туризам и угостителство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Никола В. Димитров, редовен професор, с.р.**
**Д-р Златко Јаковлев, редовен професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ПРАКТИКУМ ПО НУМЕРИЧКИ МЕТОДИ"ОД ДОЦ. Д-Р ЈАСМИНА ВЕТА БУРАЛИЕВА И ДОЦ. Д-Р ВАСКО КОКАЛАНОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 1502-36/15 од 206. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за информатика, одржана на 31.1.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Владо Гичев, Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
- д-р Татјана Атанасова-Пачемска, Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ПРАКТИКУМ ПО НУМЕРИЧКИ МЕТОДИ**" од **доц. д-р Јасмина Вета Буралиева и доц. д-р Васко Кокаланов** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Практикумот е наменет за предметот Нумерички методи на студиските програми: Компјутерско инженерство и технологии, Компјутерски науки и Математика наставна на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Предметот Нумерички методи според наставната програма на прв циклус студии на сите горенаведени студиски програми е предвиден како задолжителен предмет кој се слуша во шести семестар со неделен фонд на часови 2+2+1. Практикумот по нумерички методи во целост е усогласен со наставната програма која е предвидена за овој предмет, така што може да биде прифатен како учебно помагало за овој предмет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот, напишан на македонски јазик, содржи 94 страници компјутерски обработен текст во А4 формат поделен во шест тематски содржини: Грешки во нумеричка анализа, Нумеричко решавање на равенки со една непозната, Решавање системи линеарни равенки,

Интерполација, Нумеричко диференцирање и интегрирање и Нумеричко решавање на обични диференцијални равенки. Во секоја од горенаведените теми најпрво е даден краток теоретскиот дел, кој претставува основа за решавање на задачи. Секој метод е илустриран преку етапно решена задача и задача која има јасен воведен дел и краен резултат, чија цел е студентите да бидат инспирирани сами да решаваат, но, да имаат можност да си го проверат резултатот. Ракописот содржи 15 слики, 55 табели и користени се 11 библиографски единици. Целиот ракопис е изработен на високо техничко ниво. Обемот и содржината на приложениот ракописот се во согласност со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Содржината на приложениот ракопис под наслов „Практикум по нумерички методи" за предметот Нумерички методи е соодветна на усвоениот наставен план и програма. Според нашите сознанија, ваков практикум, со обем и содржина што одговараат во целост на предвидената наставна програма по горенаведениот предмет на Факултетот за информатика при УГД во Штип, досега не е објавен. Овој практикум содржи детално и етапно решени задачи во секоја од наведените теми, што претставува солидно наставно помагало во делот за вежби по предметот Нумерички методи.

**Краток опис на содржината:** Во првата глава од овој ракопис насловена како „Грешки во нумеричка анализа“ е дадена теоретска основа за апсолутна и релативна грешка на приближен број, апсолутна и релативна грешка при основните аритметички операции, запишување на приближен број кое вклучува дефиниција на значајна цифра, сигурна цифра, сигурна децимална цифра, заокружување и отсекување. Секој од горенаведените поими е илустриран преку соодветен пример, чие решение е концизно и детално објаснето.

Во втората глава од овој ракопис насловена како „Нумеричко решавање на равенки со една непозната“ се разгледани итеративните методи: Метод на бисекција (преполовување), Метод на Њутн-Рафсон, Метод на секанти и Метод на фиксна точка за решавање на равенка со една непозната. За секој метод е даден теоретски дел, геометриско толкување и етапно решени задачи.

Во третата глава од овој ракопис насловена како „Решавање системи линеарни равенки“ е разгледан Гаусовиот метод на елиминација како директен метод за наоѓање на точно решение на систем равенки, додека од итеративните методи се разгледани методот на Јакоби и методот на Гаус-Зајдел. За секој метод е дадена теоретска основа, а потоа се дадени етапно решени задачи. Во однос на итеративните методи брзината на конвергенција на методите кон точното решение е илустрирана преку добро одбрани примери.

Во четвртата глава од овој ракопис насловена како „Интерполација“ е разгледана Лагранжова интерполација и Њутнова интерполација напред и назад. Преку добро избрани примери е илустрирана Лагранжовата интерполација на табеларно и аналитички зададена функција. Кај аналитички зададената функција е оценета грешката која се прави со овој вид интерполација. Њутновата интерполација напред и назад е базирана на конечни разлики напред и назад, соодветно. Притоа разгледани се примери во кои една табеларно зададена функција е интерполирана со полином од ред кој одговара на редот на конечните разлики и со полином од помал ред. Исто така оценета е и грешката која се прави при интерполација со полином од помал ред.

Во петтата глава од овој ракопис насловена како „Нумеричко диференцирање и интегрирање“ е разгледано нумеричко диференцирање на табеларно и аналитички зададена функција преку нецентрална приближна формула напред, нецентрална приближна формула назад и централна приближна формула. Во делот за нумеричко интегрирање се презентирани следниве итеративните методи: метод на правоаголници, трапезно правило, Симпсоново правило, Њутнова и Гаусова интеграција. За секој метод е дадена кратка теоретска основа, геометриска интерпретација и етапно решени задачи. За дел од методите е разгледана и грешката која се прави, и истата е илустрирана преку примери.

Во шестата глава од овој ракопис насловена како „Нумеричко решавање на обични диференцијални равенки“ е разгледан методот на Ојлер, на Рунге-Кута од втор ред и четврти ред. Со методот на Ојлер е разгледан пример во кој е определено точното решение, нумеричко решение и грешката која притоа е направена, како и графички се илустрирани добиените резултати. Од Рунге-Кута методите од втор ред се разгледани: Хуенов метод, метод на средна точка и Ралстонов метод, кои се илустрирани преку еден пример, додека како Рунге-Кута метод од четврти ред е разгледан класичниот метод кој е најчесто користен во пракса.

## ЗАКЛУЧОК

Во ракописот се воведени и анализирани основните поими и методи од нумеричката анализа за решавање на равенки, системи линеарни равенки, интеграли, определување на извод, интерполација и обични диференцијални равенки. Наставните единици се елаборирани систематски и прегледно со многу етапно решени примери и слики, што е основен предуслов студентите од прв циклус студии да можат лесно да ја следат, да ја воспримаат и да ја разберат суштината на овие содржини.

Сметаме дека овој ракопис претставува солидно учебно помагало за предвидената наставна програма по предметот Нумерички методи во рамки на Факулетот за информатика при УГД во Штип.

Со оглед на наведеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип со особена чест и задоволство му предлагаме ракописот со наслов **„Практикум по нумерички методи“ од авторите доц. д-р Јасмина Вета Буралиева и доц. д-р Васко Кокаланов да го прифати за печатење како учебно помагало.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Владо Гичев,Факултет за информатика,**
**Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска,**
**Факултет за информатика,**
**Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ДИСКРЕТНИ СИСТЕМИ НА УПРАВУВАЊЕ“ ОД ПРОФ. Д-Р САШО ГЕЛЕВ, ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1802-39/75 од 8.2.2022 година донесена на 176. редовна седница на Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет, одржана на 8.2.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Влатко Чингоски,** редовен професор на Електротехнички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- **д-р Василија Шарац,** редовен професор на Електротехнички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

за изготвување извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ДИСКРЕТНИ СИСТЕМИ НА УПРАВУВАЊЕ“** од **проф. д-р Сашо Гелев** наменет за студентите на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „ДИСКРЕТНИ СИСТЕМИ НА УПРАВУВАЊЕ“ првенствено е наменет за студентите од електротехничката струка на прв циклус студии од насоката Автоматика и системско инженерство на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како основен учебник по предметот **Дискретни системи на управување** што се изучува во VI семестар од нивните четиригодишни студии. Содржината на учебникот е прилагодена на наставната програма по овој предмет со фонд на часови 2+1+1 и комплетно ја покрива материјата предвидена за изучување на предметот Дискретни системи на управување.

Учебникот може да го користат и останатите технички факултети на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во своите програмски содржини од обласа на управување со дискретни системи.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот е напишан на А4 формат, нормален проред, фонт Arial со македонска поддршка, големина на буквите 11 и има вкупно 322 страни. Ракописот исто така содржи 222 слики, 615 формули и 5 табели кои се во функција на основниот текстуален материјал. Предложениот обем и содржина ги задоволуваат критериумите според предвидениот број часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Ракописот е подготвен за да даде и дополнителни сознанија од областите на управување со дискретните системи согласно пропишаните наставни програми и барањата кои се поставуваат пред студентите од Електротехничкиот факултет. Начинот на изложувањето на материјалот и пристапот кој го користи авторот е во склад со потребите и техничките предзнаења кои треба да ги имаат студентите за совладување на овој предмет.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваква едиција која по обемот и содржината ја обработува проблематиката на управување со дискретни системи, а која е во согласност со предметната програмата на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, не е објавена.

**Краток опис на содржината:** Учебникот е напишан со јасен и разбирлив јазик. Ракописот методолошки е структуриран во девет (9) засебни делови, односно глави, при што секоја глава сама за себе претставува една заокружена целина.

**Во првата глава** е даден сеопфатен опис што претставуваат дискретните системи на управување и објаснети се основните карактеристики на овие системи. Со користење на соодветни примери објаснета е секоја карактеристика на дискретните системи. Истовремено, даден е преглед на тоа какви видови на пренос на сигнали има и какви видови на системи на управување постојат.

**Во втората глава** детално е објаснет начинот на одбирање на сигналите, како и процесот на реконструкција на сигналите.

Авторот посебно нагласува дека клучен проблем на теоријата на дискретни системи, а со тоа и на теоријата на дигитално управување претставува изборот на фреквенцијата на одбирање. Правилен избор на фреквенцијата на одбирање, од друга страна зависи од видот на сигналот кој го одбираме, начинот на обновување на континуалните функции како и за која цел дискретниот систем се користи – дали станува збор за обработка на сигналот или пак станува збор за сигнали користени како регулатор во самиот систем за управување. Ова поглавје дава некои практични сознанија за начинот на избор на фреквенцијата на одбирање.

Во процесот на дигитална обработка на сигналите, основна цел е сигналот да се претстави во дигитална форма, истиот да се измени и по потреба да се трансформира назад од дигитален во континуален облик. Оваа постапка е релативно едноставна затоа што ја знаеме максималната фреквенција на влезниот сигнал, соодветно примената на теоремата на одбирање е директна.

Реконструкцијата или обновувањето на континуалниот сигнал е инверзна операција на операцијата одбирање. Потребно е дискретниот сигнал x*(t) да се реконструира во деловите на времето во кои истиот не е дефиниран со што се добива реконструкција на дискретниот сигнал x*(t) во континална функција xR(t). Реконструкцијата се извршува во т.н. склопот за обновување кој во терминологијата уште се нарекува и екстраполатор или фиксатор, а неретко во инженерската пракса се користи и зборот „holder" според англискиот збор „Hold Circuit".

Потребата за реконструкција се јавува во процесот на дигитална обработка на сигналите како и во самата технологијата на дигитално управување со процеси и/или системи. Кај дигиталната обработка на сигналот, дигиталниот сигнал (претставен со низа на бинарни броеви) потребно е да се трансформира station наназад во континуален облик.

Во **третата глава** е даден опис на математичките операции за т.н. Z-трансформација и нејзина примена во анализа на дискретните системи. Трансформациските техники се моќна алатка за анализа на сигналите и системите. Објаснета е потребата и суштината на Z- трансформацијата, опишани се нејзините особини и можноста на примена во анализа на дискретните ЛТИ (линеарни временски непроменливи) системи (англ. Linear time-invariant systems). На пример, може да видиме дека во доменот на Z-трансформацијата (во комплексната z-рамнина) конволуцијата на сигналите е еднаква на множење на нивните z- трансформации. Оваа особина значително го поедноставува аналитичкото одредување на одзивот на ЛТИ системите на произволен облик на возбуда.

Во **глава четири** авторот ги објаснува преносните карактеристики на дискретните системи. Објаснети се првиот, вториот и третиот облик на дискретната преносна карактеристика и првиот, вториот и третиот облик на дискретната фреквентна карактеристика.

Идеалниот селектор создава повеќе хармоници во излезниот сигнал $x_i^*(t)$ кои се непожелни бидејќи ја изобличуваат информацијата за влезниот сигнал на идеалниот селектор.

Бидејќи интервалот на селекција е мал во однос на периодот на селекција, у < $T$ , соодветно пренесената енергија низ идеалниот селектор е многу мала. За да се зголеми енергијата која се пренесува низ идеалниот селектор на неговиот излез се поврзува (или се додава) СИСТЕМ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ТРАЕЊЕТО НА СИГНАЛОТ кој сега е потсистем-преносен орган (ПС) во однос на целиот систем.

**Глава пет** е со наслов „Дискретизацијата на континуални регулатори". Суштината на оваа глава е читателот да се запознае со процесот како континуален регулатор кој е опишан со преносна функција или со диферентна равенка може да се трансформира во соодветно дискретно подрачје.

Во **глава шест** е даден „Математички опис на дискретните системи на управување". Дискретните системи се опишуваат со диферентни равенки. Диферентни равенки се оние равенки кај кои решението е непозната низа. Решавањето на овој тип на равенки значи да се одредат сите низи $a_n$ чии членови ја задоволуваат оваа равенка. По правило тие имаат бесконечно многу решенија, затоа ако сакаме во целост да ја одредиме низата, покрај барањето добиеното решение во форма на низа да ја задоволува таа равенка, потребно е да се зададе првиот член, или дополнително уште неколку членови од низата, во зависност од тоа од кој ред е диферентната равенка

**Седмата глава** е посветена на определување на стабилноста на дискретните системи. Стабилноста е една од најважните својства на системите. Ако системот не е стабилен, односно ако при конечна возбуда системот не дава конечен одзив или ако одзивот не тежи кон нула ако не постои надворешна возбуда, во тој случај нема зошто ни да се размислува за неговата точност и чувствителност. Ако системот е стабилен, вообичаено дополнително нѐ интересира и колку е далеку од работ на стабилност, па ги пресметуваме мерките на релативна стабилност, во прв ред, амплитудата и фазната резерва.

**Глава осум** дава опис на дискретен пропорционално-интегрално-диференцијален регулатор (ПИД регулатор) кој зазема посебно место и има особено значење во процесот на управување со системите во групата на т.н. континуални регулатори. Неговата аналогна примена поминала низ цела низа на верзии од пневматски, преку реле до транзисторски и интегриран регулатор. Денеска скоро сите примени на ПИД регулаторот се во дигитален облик кој се базира на дискретната равенка на регулаторот. Многу е значајно да се разгледа задачата на дискретизација на ПИД регулаторот која е опишана во оваа осма глава од ракописот.

Во **глава девет** авторот детално ги опишува структурите за реализација на дискретни системи. Предмет на проучување во оваа глава е реализација на линеарни, временски непроменливи, дискретни системи. Во општ случај, секој линеарен временски непроменлив дискретен систем може да се опише во временски домен со диферентна равенка од облик:

$$y[n] = \sum_{k=0}^{M} b_k x[n-k] - \sum_{k=1}^{N} a_k y[n-k]$$

или после трансформација во трансформациски домен со равенка од облик

$$H(z) = \frac{Y(z)}{X(z)} = \frac{\sum_{k=o}^{M} b_k z^{-k}}{1 + \sum_{k=1}^{N} a_k z^{-k}}.$$

Реализацијата на системот опишан со овие равенки може да се изврши со помош на дигитални кола или со помош на програма која се извршува на дигитален компјутер. За првиот начин на реализација се користи терминот хардверска имплементација, додека за вториот се користи термин софтверска имплементација. И во едниот и во другиот случај дискретниот систем може да се претстави со помош на блок дијаграми кои се составени од основните елементи за реализација: множител, суматор и елементи за доцнење. Алтернативен начин на претставување е методата со користење на дијаграми на текот (англ. flow graph), добро познати од теоријата на линеарни временски непроменливи континални системи. Во секој случај, блок дијаграмот или текот имаат значително влијание на конфигурацијата на хардверот или структурата на програмата со која се реализира системот.

На крајот од учебникот е дадена листа на библиографските единици кои авторот ги консултирал и ги користел при пишување на ракописот. Дел од оваа богата литература може да се најде во електронска форма на интернет и може слободно да се користи од страна на читателите за продлабочување на своите знаења од некои области кои се дел од овој ракопис.

Рецензентите при ревизијата на ракописот можеа да констатираат извонредна систематичност во презентирањето на содржините на ракописот. Авторот покажува големо стручно познавање на третираната проблематика, комбинирање на темите и создавање на една суштинска целина која создава простор, не само за запознавање со проблематиката од страна на студентите, туку и за понатамошни анализи, размислувања и продлабочувања на знаењето од областа на управување со дискретни системи.

## ЗАКЛУЧОК

Овој учебник претставува основа во изучување на тематиката која се однесува на управување со дискретните системи-процеси кои се изучуваат како во електротехничките науки така и во сите други области на управување. Секоја глава е објаснета со голем број на примери преку кои студентите многу полесно може да ја разберат проблематиката која ја изучуваат. Со добро познавање на материјата опишана во овој учебник студентите без тешкотии би можеле да ја следат наставата во слични области и во понатамошниот тек на студирањето.

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека предложениот ракопис насловен како **„ДИСКРЕТНИ СИСТЕМИ НА УПРАВУВАЊЕ“** може со задоволство да биде понуден како учебник согласно со студиските програми и наставните планови по предметот Дискретни системи на управување што се изучува на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Ракописот од педагошки и стручен аспект поседува потребно стручно и едукативно ниво соодветно за студентите од прв циклус студии.

Оттука, на Наставно-научниот совет на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му предлагаме ракописот **„ДИСКРЕТНИ СИСТЕМИ НА УПРАВУВАЊЕ“** од проф. д-р Сашо Гелев да го прифати како **учебник** по предметот **Дискретни системи на управување** на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип**.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ:**

**Д-р Влатко Чингоски,**
**редовен професор,**
**Електротехнички факултет,**
**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.**
**Д-р Василија Шарац,**
**редовен професор,**
**Електротехнички факултет,**
**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „КОНВЕНЦИОНАЛНИ И НУМЕРИЧКИ УПРАВУВАНИ МЕТАЛОРЕЗАЧКИ МАШИНИ И ПОМАГАЛА” ОД ПРОФ. Д-Р СЛАВЧО ЦВЕТКОВ, ПРОФ. Д-Р НЕВЕН ТРАЈЧЕВСКИ И ПРОФ. Д-Р САШКО ДИМИТРОВ, МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2202-40/6 од 121. редовна седница на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет, одржана на ден 16.2.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Симеон Симеонов, ред. проф. во пензија од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Мите Томов, вон. проф. од Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„КОНВЕНЦИОНАЛНИ И НУМЕРИЧКИ УПРАВУВАНИ МЕТАЛОРЕЗАЧКИ МАШИНИ И ПОМАГАЛА”** од авторите **проф. д-р Славчо Цветков, проф. д-р Невен Трајчевски и проф. д-р Сашко Димитров** наменет за студентите на прв циклус студии на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Машински факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот за учебникот со наслов „Конвенционални и нумерички управувани металорезачки машини и помагала“, наменет е за истоимениот предмет од четврта година, седми семестар на студиската програма Производно машинство на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Предметот се изведува со неделен фонд на часови од три часа предавања и два часа вежби. Учебникот ќе се користи како задолжителна литература и тој во потполност ја опфаќа содржината на предметната програма.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот за учебникот „Конвенционални и нумерички управувани металорезачки машини и помагала“ од авторите проф. д-р Славчо Цветков, проф. д-р Невен Трајчевски и проф. д-р Сашко Димитров е напишан на македонски јазик, содржи вкупно 272 страници, А4 формат, без прилози, со фонт Arial во македонска поддршка, големина на фонт 11 и проред 1,0. Ракописот содржи 412 слики, 9 табели и користена литература од 53 наслови.

Низ целиот текст на учебникот авторите имаат систематизиран пристап кон опфатените теми преку постепено водење на студентите од основните кон посложени содржини. Целиот ракопис е изработен на високо техничко ниво. При изработката на ракописот авторите цитираат актуелни за содржината библиографски единици.

Обемот и содржината на ракописот се во склад со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Уште еднаш да истакнеме дека ракописот „Конвенционални и нумерички управувани металорезачки машини и помагала“ претставува новосоздаден материјал согласно со содржината на истоимениот предмет според предвидената предметна програма на студиската програма Производно машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Во моментот, учебник со идентична содржина и обем не е издаден. Во користената литература од страна на авторите за пишување на овој ракопис, може да се најдат литературни извори

(книги) кои во својата содржина ја третираат проблематиката на металорезачките машини (конвенционални и нумеричко управувани), но видливо е дека тие во помал обем и одделно ги опфаќаат темите: конвенционални машини, нумерички управувани машини и помагала. Исто така, важно е да се напомене дека постоечките наслови се издадени пред повеќе од дваесетина години, што укажува на фактот дека нивното користење денес не е соодветно заради недостаток на информации од новите достигнувања во областа.

Согласно на изнесеното, сметаме дека овој учебник е содржински целосно и соодветно приспособен на потребните на студентите од I циклус студии на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Понудениот ракопис е неопходен како основна и задолжителна литература за да се овозможи на студентите да ги совладаат предвидените содржини и да ги постигнат дефинираните цели во предметната програма.

**Опис на содржината:** Приложениот ракопис на учебникот „Конвенционални и нумерички управувани металорезачки машини и помагала“ од авторите проф. д-р Славчо Цветков, проф. д-р Невен Трајчевски и проф. д-р Сашко Димитров има содржина којашто е систематизирана во следните делови: Предговор, Содржина, I глава - Металорезачки машини којашто содржи шест поглавја, II глава - Помагала за металорезачки машини којашто содржи осум поглавја и Литература.

Сите делови од предметниот ракопис се меѓусебно поврзани во една целина и опфаќаат така избран материјал за да бидат покриени сите теми од предметната програма на начин за кој авторите сметаат дека ќе се постигнат предвидените цели од предметната програма. Со изучување на материјалот по оваа содржина авторите ќе овозможат студентите да здобијат компетенции кои ќе им овозможат самостојно да користат и да можат да направат правилен избор на нумерички и конвенционални металорезачки машини и помагала при проектирање на процеси со симнување на струшка.

Во првото поглавје од I глава се започнува со опишување и анализа на основните разлики помеѓу главната поделба на металорезачките машини на конвенционални и нумерички управувани и нивните разлики.

Во второто поглавје од I глава се обработуваат основните органи и механизми на металорезачките машини како што се носечката структура, погоните, преносниците за помест, системите за подмачкување, системите за ладење и уредите за стегање на обработуваното парче.

Во третото поглавје од I глава се опишуваат системите за автоматско управување кај конвенционалните металорезачки машини како што се маханичките системи со управувачко вратило, копирните системи и системите за контактно програмско управување.

Во четвртото поглавје од I глава се обработуваат конвенционалните металорезачки машини поделени по следните категории: стругови, глодалки, машини за пилење, дупчалки, рендосалки, провлекувачи, брусилки и машини за завршна обработка.

Во петтото поглавје од I глава се обработуваат нумерички управуваните металорезачки машини, нивната структура, нивната поделба во однос на функцијата и бројот на управувачки оски, но и користените координантни системи и интерполацијата кај нумеричките управувани системи. Потоа анализата навлегува во потсистемите на нумеричките управуваните металорезачки машини како што се нумеричка управувачка единица, погонските системи, мерните системи и системите за промена на резачкиот алат. На крајот од ова поглавје се дадени делови кои ги обработуваат адаптивните видови на управување и се завршува со анализата на предностите и недостатоците на нумерички управуваните машини.

Во шестото поглавје од I глава се обработуваат категориите на нумеричките управувани металорезачки машини преку избрани примери на нивните конструктивни изведби. Во ова поглавје опфатени се примери на нумерички управувани стругови, глодалки, дупчалки, брусилки и како најсложени примери се елаборирани обработувачките центри за стругање, глодање и брусење.

Во првото поглавје од II глава се започнува со опишување на намената, ефектите и класификацијата на помагалата за металорезачките машини.

Во второто поглавје од II глава се обработуваат базирањето и одредување на положбата на обработуваното парче.

Во третото поглавје од II глава се обработуваат елементите и механизмите за базирање и потпирање на обработуваниот предмет.

Во четвртото поглавје од II глава се обработуваат елементите за стегање и пресметка на потребната сила за стегање.

Во петтото поглавје од II глава се обработуваат елементите за доведување на обработуваното парче и режечкиот алат во работна положба и водење на алатите при обработка.

Во шестото поглавје од II глава се обработуваат пресметките на точноста на помагалата преку анализа на статичките грешки кои можат да бидат од базирање, стегање и друго, но и динамичките грешки кои произлегуваат во процесот на режење.

Во седмото поглавје од II глава се обработуваат конструкциите на специјални помагала наменети за стругови, за дупчалки и за глодалки.

Во последното осмо поглавје од II глава се обработуваат универзалните монтажно-демонтажни помагала, нивните карактеристики, ефекти и област на примена.

Учебникот завршува со преглед на користени и соодветно цитирани литературни извори.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на понудената содржина и оценката за квалитетот и соодветноста на третираните теми релевантни на областа, Рецензентската комисија оценува дека поднесениот ракопис одговара на критериумите за квалитет и приспособеност на наставните планови и програми и соодветно на тоа предлагаме на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип:

1. Да го прифати рецензентскиот извештај на предложениот ракопис на учебник со наслов „КОНВЕНЦИОНАЛНИ И НУМЕРИЧКИ УПРАВУВАНИ МЕТАЛОРЕЗАЧКИ МАШИНИ И ПОМАГАЛА“, изготвен од авторите проф. д-р Славчо Цветков, проф. д-р Невен Трајчевски и проф. д-р Сашко Димитров;
2. Да го одобри издавањето и користењето на ракописот „КОНВЕНЦИОНАЛНИ И НУМЕРИЧКИ УПРАВУВАНИ МЕТАЛОРЕЗАЧКИ МАШИНИ И ПОМАГАЛА“, изготвен од авторите проф. д-р Славчо Цветков, проф. д-р Невен Трајчевски и проф. д-р Сашко Димитров како учебник по предметот КОНВЕНЦИОНАЛНИ И НУМЕРИЧКИ УПРАВУВАНИ МЕТАЛОРЕЗАЧКИ МАШИНИ И ПОМАГАЛА од I циклус на студии на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Симеон Симеонов, редовен професор во пензија, с.р.**
**Д-р Мите Томов, вонреден професор, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ИНТЕРКУЛТУРНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ НА НАСТАВНИКОТ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ“ ОД КАНДИДАТОТ М-Р БУЈАР АДИЉИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Наставно-научниот совет на Кампус 4 при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, со Одлука бр. 0206-233/2 од 16.3.2022, донесена на 47. седница, одржана на ден 16.3.2022 год., формира Рецензентска комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов **„Интеркултурните компетенции на наставникот во основното училиште“**, пријавена и изработена од кандидатот м-р Бујар Адиљи, во состав:

- **проф. д-р Снежана Јованова-Митковска** – претседател,
- **проф. д-р Снежана Мирасчиева** – член,
- **проф. д-р Деспина Сивевска** – член,
- **проф. д-р Розалина Попова-Коскарова** - екстерен ментор, член,
- **проф. д-р Соња Петровска** – интерен ментор, член.

Комисијата во наведениот состав, по прегледување на докторската дисертација, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација со наслов „Интеркултурните компетенции на наставникот во основното училиште“, пријавена и изработена од м-р Бујар Адиљи, докторанд на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, е напишана на 358 страници во А4 формат, со вкупно 112 табели, 32 графикони и 4 прилози, со вкупно 253 референци користена литература.

Дисертацијата е структурирана во три дела: Вовед; 1. Теоретски дел на трудот во кој експлицитно се разработени неколку тези: Интеркултурата како концепт, Интеркултурните компетенции на наставникот, Европскиот интеркултурен контекст и Релевантни истражувања; 2. Методологија на истражување, дел во рамките на кој детално се елаборира методолошката рамка за планираното и реализирано истражување; 3. Резултати, дискусија и верификација на хипотезите и Заклучок, препораки, ограничувања. Сите наведени делови меѓусебно се поврзани, заемно се надополнуваат, чинат една заокружена целина во која се елаборирани одговорите на поставените прашања во докторската дисертација.

Во продолжение следи осврт на секој дел и поглавје од докторската дисертација.

Доминантните клучни парадигми на педагошката наука во овој 21 век, парадигми со хуманистички карактер, кои се аплицираат и во образовните институции, училиштата, идентификувајќи ги како средина во која се развиваат и среќаваат различни културни парадигми, се клучната водилка на авторот на оваа докторска дисертација во идентификувањето, елаборирањето и истакнување на клучните проблеми поврзани со интеркултурните компетенции на наставниците во современото мултикултурно училиште.

Во *воведот* на докторската дисертација, авторот м-р Бујар Адили ги истакнува значењето и потребата од развој на интеркултурни компетенции на наставникот, имајќи го предвид современиот општествен контекст, неговиот одраз во образовната сфера, како и клучната парадигма – обединети во различноста, што подразбира барање на одговори за поддржување и развивање на интеркултуралноста во мултикултурното и плурално општество, гледано во европски контекст. И денешното македонско училиште, како што ќе истакне авторот, е исправено пред предизвикот „справување со културните разлики и инклузија на културно различните ученици“, имајќи ги во вид двата аспекти - јазичниот и етичкиот. Клучниот фактор во тоа справување со предизвиците е наставникот, оној врз кој се полага најголемата надеж за спроведување на новите иницијативи, продукт на

европскиот стремеж на нашата држава и на приспособувањето на домашната законска регулатива кон европските стандарди во образованието.

Авторот мошне вешто ги идентификува проблемите кои понатаму ќе ги проучува и елаборира во докторската дисертација, т.е. Дали наставниците поседуваат интеркултурна компетенција за работа во културно хетерогени училници и ако ја поседуваат, на кое ниво е развиена? Дали постојат разлики во нивото на интеркултурната компетенција меѓу наставниците кои работат во училишта со мултикултурна структура на ученици и наставниците кои работат во училишта со монокултурна структура на ученици? Дали постојат разлики во нивото на интеркултурната компетенција меѓу наставниците во врска со знаењата за клучните карактеристики на интеркултурата според демографските варијабли? Кои се нивоата на интеркултурната осетливост на наставниците (етноцентризам/етнорелативизам) и дали постојат разлики меѓу наставниците според демографските варијабли? На кое ниво е глобалната компетенција на наставниците (материјалното знаење, перцептивното разбирање, интеркултурната комуникација) и дали постојат разлики меѓу наставниците? Дали наставниците имаат потреба од стручно усовршување во подрачјето на интеркултурното образование?

Во првиот дел насловен **Теоретски дел на трудот** се елаборирани неколку тези: *Концептот на интеркултурата, Интеркултурните компетенции на наставникот, Европскиот мултикултурен контекст* и *Релевантните истражувања*.

Во првата теза, со наслов „*Концептот на интеркултурата*", детално се анализирани критички евалуирани и систематизирани актуелните концепти на интеркултурата/интеркултурализмот. Авторот, м-р Бујар Адиљи, системно и постапно нè води во истакнување на потребата и значењето на овој нов концепт, поаѓајќи од историскиот преглед на развојот на интеркултурата во глобализациски контекст, идентификување на нејзините клучни одредници: култура, мултикултура, интеркултура, културен идентитет; кон истакнување на значењето и потребата од интеркултурно образование и поврзани со него, научните политики и пракси; бројните дилеми поврзани со принципите, целите на интеркултурното образование (согласно директивите на УНЕСКО, 2006), па сè до истакнување на значењето на курикулумот, интеркултурниот курикулум, наставните, дидактички материјали и ресурси, како и активности кои се реализираат во наставниот, интерактивен, интеркултурен процес, во кој и низ кој се оживотворува интеркултурализмот во училишната пракса, средина во која се одвива „средбата со другиот-различниот".

*Интеркултурните компетенции на наставникот* е насловот на втората експлицитно елаборирана теза. Анализата на широкиот корпус на релевантна литература му овозможила на авторот идентификација на бројни поими: поимот интеркултура, на синтагмите интеркултурна компетенција, интеркултурна компетенција на наставникот, интеркултурно образование, мултикултура. Нивното поимање води кон еден поинаков пристап кон интеркултурализмот, кон негово промовирање како пристап насочен кон поединецот, кон признавање на неговата индивидуалност, автономија и слобода, но и поимање на поединецот како дел од целината, поединец кој е во постојано меѓусебно дејство, комуникација со сите околу него, исти, слични, различни во мултикултурната средина.

Во тој контекст е елаборирана и интеркултурната компетенција на наставникот која авторот ја идентификува како единство на знаења, ставови и вештини за успешна воспитно-образовна работа во културно хетерогени училници, поврзани со културна емпатија, адаптација, кроскултурни разлики, флексибилност во нови културни ситуации, комуникациска ефективност и јазична компетенција. Анализирани и евалуирани се научни сознанија поврзани со интеркултурната комуникација, интеркултурната осетливост, како и програмите за работа во мултикултурна средина, кои воедно се и теоретската база за планираното и реализирано емпириско истражување.

Анализата на актуелните општествени феномени и во тој контекст културната различност во широкиот европски простор е предмет на елаборирање во третото поглавје. Презентирана е состојбата и со културниот диверзитет во РС Македонија како држава која се движи на патот кон Европската Унија, како и различните модели на интеркултурно образование кои се практикуваат во европските земји, вклучително и постојниот модел на мултикултурно училиште во РС Македонија. Само во вакви мултикултурни училишта кои

според авторот м-р Бујар Адиљи се „општества во мало“ може да се оствари зацртаната цел, т.е. преку примена на интеркултурниот пристап во образованието кој вклучува различни образовни ентитети „ученици, училиштен персонал, семејство, заедница, може да се оствари меѓусебно разбирање, почит запознавање со вредноста на диверзитетот, промовирање на критичко учество и демократско граѓанство. Истовремено овие заедници се и места каде што преку дијалог и размена на идеи ќе им се овозможи на наставниците унапредување на интеркултурните практики и ќе се овозможи промовирање и поддржување на дијалог меѓу плуралното граѓанство.

*Релевантни истражувања* е насловот на четвртата елаборирана теза. Авторот анализира широк корпус на истражувања поврзани со феноменот кој го проучува, истражува, анализи кои му овозможуваат да го согледа диверзитетот на методолошки пристапи, но и да конструира соодветен на својот предмет на истражување.

Вториот дел на докторската дисертација се однесува на **Методолошкиот нацрт/ рамка** за планираното и реализирано емпириско истражување. Во него експлицитно се елаборирани низа на методолошки прашања кои се однесуваат на одредување на предметот, целта, задачите, хипотезите на истражувањето, методите, техниките и инструменти на истражување (адаптирани анкетни прашалници, скалер), примерокот на истражувањето - намерен, стратификуван.

При конципирање на методолошкиот пристап предвид е земена Бенетовата теориска рамка, позната како Развоен модел на интеркултурна осетливост и мултидимензионалните модели на интеркултурна компетенција, врз основа на која подоцна е развиен моделот - Глобална компетенција и интеркултурна осетливост. Истиот нуди оптимална можност да се проучат шест димензии на интеркултурната компетенција: негирање, одбрана, минимизација, прифаќање, адаптација и интеграција, како и трите димензии на глобалната компетенција т.е. супстанцијално знаење, перцептивно разбирање и интеркултурна осетливост. Земени се предвид и сознанијата од низа релевантни истражувања за нивоата на интеркултурна компетенција во димензијата на знаењата, ставовите и вештините (Chen & Starosta, 2000; Olson & Kroeger, 2001; Yuen, 2010; Bedeković, 2011; Polat & Ogay Barka, 2014), развојот на интеркултурната осетливост (Benett, 2002; 2009; 2017; Hammer, Bennett & Wiseman, 2003; Olson & Kroeger, 2001; Yuen, 2010; Cushner & Mahon, 2009) на наставниците во шесте стадиуми кои го карактеризираат погледот на светот (негирањето, одбраната, минимизирањето – прифаќањето, адаптацијата, интеграцијата) и глобалната компетенција (материјалното знаење, перцептивното разбирање и интеркултурната комуникација) (Olson & Kroeger, 2001); истражувања кои упатуваат на начинот на планирање на селекција на наставниците, нивното иницијално образование и стручното усовршување за работа со културно различни ученици; истражувањата на (Piršl, 2005; Cushner, 2007; Fantini, 2009; DeJaeghere & Cao, 2009; Bedeković, 2015) за карактеристиките на интеркултурните наставници кои се користат како индикатори за мерење на нивоата на интеркултурната компетенција во неколку димензии; како и проучувањата на авторите (Atanasoska & Iliev, 2010; Јаначковска, 2011; Мирасчиева, 2013) кои ги третирале теоретските аспекти на феноменот на интеркултурата особено на интеркултурната комуникација и подготвеноста на образовниот систем и на институциите за предизвикот на мултикултурализмот.

Третиот дел од докторската дисертација се однесува на **анализата и дискусијата на резултатите од истражувањето.**

Авторот м-р Бујар Адиљи нуди прегледна анализа на резултатите од истражувањето во и низ која се опфатени: знаењата за основните карактеристики на интеркултурата, потребните интеркултурни компетенции на наставниците за работа во културно хетерогени училници, начинот на спроведување на интеркултурата во училиште, активностите во училиштето и потребата за професионален развој на наставниците и интеркултурната осетливост и глобална компетенција на наставниците од основното училиште. Мерењето на интеркултурната компетенција, авторот го изведува применувајќи шестостепена скала која се однесува на: Знаења за клучните карактеристики на интеркултурата; Етноцентризам; Еторелативизам; Материјално знаење; Перцептивно разбирање и Интеркултурна компетенција, имајќи во вид неколку променливи: пол, работно искуство, степен на образование и претходно интеркултурно образование.

Во овој дел авторот презентира и верификација на поставената општа и неколку посебни хипотези. Потврдена е општата хипотеза т.е. интеркултурна компетенција на наставниците во основното училиште е на средно ниво и постојат разлики меѓу нивото на интеркултурна компетенција кај наставниците кои работат во монокултурни и мултикултурни училишта.

Реализираното истражување понуди една комплексна анализа на факторите кои имаат влијание на развојот на интеркултурен училиштен модел на образование, во кој наставниците се клучниот фактор за негово оживотворување.

Заклучните согледувања во однос на концептуалните, емпириските и апликативните цели се елаборирани во З*аклучокот*. Презентирани се согласно со редоследот на истражувачките задачи и согласно со трите димензии низ кои се проучува интеркултурната компетенција на наставниците и согласно со хипотетската рамка. Претставуваат интегрални сознанија произлезени од теоретската рамка и емпириската верификација на поставените хипотези и се основа за предложените препораки.

Во делот *Прилози*, кандидатот презентира: Прилог 1 – Попис на табели, Прилог 2 – Попис на графикони, Прилог 3 – Анкетен прашалник за наставници и Прилог 4 – Индекс на интеркултурна осетливост.

**Предмет на докторската дисертација**

Предмет на докторската дисертација насловена „Интеркултурните компетенции на наставникот во основното училиште“ е интеркултурната компетенција на наставниците во основното училиште и разликите во нивото на интеркултурната компетенција меѓу наставниците во однос на културната структура на училиштето (монокултурно и мултикултурно училиште), полот, работното искуство, степенот на образование и нивното претходно искуство, кај наставниците во основните училишта во Тетово, Скопје, Гостивар, Струга, во РС Македонија во учебната 2020/2021 година.

Како индикатори, показатели авторот ги имал во вид: Знаењата, ставовите и вештините на наставниците поврзани со клучните карактеристики на интеркултурата; Интеркултурната осетливост на наставниците во шесте стадиуми кои го карактеризираат погледот на свет (негирање, одбрана, минимизирање – прифаќање, адаптација, интеграција) и Глобалната компетенција на наставниците (материјалното знаење, перцептивното разбирање и интеркултурна комуникација).

Нивоата на интеркултурната компетенција меѓу наставниците се согледуваат низ културната структурата на училиштето (монокултурно - училишта во кои учат ученици од само една националност и во кои наставата се изведува само на еден наставен јазик и мултикултурно училиште - училиште во кое учат ученици од најмалку две националности и во кои наставата се изведува на најмалку два наставни јазика), полот, работното искуство, степенот на образование и претходното интеркултурно образование на наставниците.

Предметот на истражување има мултидисциплинарен карактер. Припаѓа во подрачјето на педагогијата, односно интеркултурната педагогија.

**Цели и нивна разработка**

Како дел на научната замисла со која се доаѓа до детално сознание за проблемот на истражувањето, за неговите објективни манифестации во реалноста како посакувана состојба, намера која води до канализирање на истражувачкиот процес е и поставената цел на истражувањето. Авторот м-р Бујар Адиљи ја поставил следната цел на истражувањето т.е. утврдување на нивото на интеркултурната компетенција на наставниците во основното училиште, поконкретно утврдувањето на разликите меѓу нивото на интеркултурната компетенција кај наставниците кои работат во монокултурни и мултикултурни училишта, со цел добиените резултати да се искористат во креирање на курикулум за професионален развој на наставниците во насока на зајакнување на интеркултурните компетенции.

Конкретизацијата на истата е постигната преку поставување на неколку задачи кои успешно се исполнети низ реализацијата на истражувањето:

– Да се испитаат разликите во нивото на интеркултурна компетенција меѓу наставниците во врска со знаењата за клучните карактеристики на интеркултурата

според демографските варијабли: пол, работното искуство, степен на образование и претходно интеркултурно образование;
- Да се утврди нивото на интеркултурната осетливост на наставниците (етноцентризам и етнорелативизам) според демографските варијабли: пол, работното искуство, степен на образование и претходно интеркултурно образование;
- Да се испитаат разликите во нивото на интеркултурната компетенција меѓу наставниците во врска со глобалната компетенција (материјално знаење, перцептивно разбирање, интеркултурна комуникација) според демографските варијабли: пол, работното искуство, степен на образование и претходно интеркултурно образование;
- Да се испитаат разликите во ставовите на наставниците спрема интеркултурните компетенции потребни за работа во културно хетерогени училници според демографските варијабли: пол, работното искуство, степенот на образование и претходното интеркултурно образование;
- Да се постават насоки за креирање на курикулум за професионален развој на наставниците во насока на зајакнување на интеркултурните компетенции.

**Научен придонес**

Докторската дисертација „Интеркултурните компетенции на наставникот во основното училиште", изработена под менторство на проф. д-р Соња Петровска, редовен професор на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како интерен ментор и проф. д-р Розалина Попова-Коскарова, редовен професор на Педагошкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како екстерен ментор, е успешно завршен. Трудот е оригинален, јасно напишан, како од научен, така и од стручен аспект. Обработката на податоците од истражувањето и анализата на резултатите е квалитетно систематизирана, со високо ниво на јасност и конкретност на заклучоците и препораките. За елаборирање на истата користени се податоци од соодветна и современа литература, податоци од релевантни истражувања за оваа проблематика кои се карактеризираат со висок степен на научна и апликативна вредност.

Докторската дисертација е оригинален научен труд и го збогатува научниот корпус на интеркултурното образование во смисла на продуцирање на нови научни сознанија во врска со проучуваниот / истражуваниот проблем, прецизното дефинирање на подготвеноста на наставникот за справување со културната хетерогеност во училницата, подготвеноста на воспитно-образовниот систем на Македонија за успешно спроведување на интеркултурниот модел на образование во основните училиштата. Трудот претставува и добра основа за понатамошно креирање на курикулуми за професионален развој на наставниците, давање на препораки за развојниот модел на интеркултурната компетенција на наставниците и давање на препорака за редизајнирање на структурата на училиштето од аспект на мултилингвалноста и мултикултуралноста. Имено, истиот им дава увид на доносителите на одлуки насоки за хармонизација на стратешката, регулативната и курикуларната рамка на системот на образование во РС Македонија.

Од апликативен аспект овој труд содржи конкретни информации и предлози кои се применливи во училишните институции и во другите институции задолжени за поддршка на образованието во нашата држава и се во насока на подобрување на квалитетот на образованието и унапредување на интеркултурните компетенции на наставниците кои се многу важни претпоставки во контекст на планирањето на селекцијата на наставниците, нивното иницијално образование и стручното усовршување за работа со културно различни ученици.

Добиените резултати, заклучните согледувања и препораки, се надеваме дека ќе бидат поттик за преземање на нови истражувања, нови активности, нови пристапи во креирање на образовните политики, особено кога станува збор за иницијалниот и професионален развој на наставникот.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов „Интеркултурните компетенции на наставникот во основното училиште“, од кандидатот м-р Бујар Адиљи и заклучи дека истата претставува самостоен оригинален научен труд во кој се третира исклучително актуелен педагошки проблем. Проучувањето на предметот има холистички карактер како од теоретски така и од емпириски аспект. Содржински и структурно, трудот е добро систематизиран, а резултатите од истражувањето имаат оригинален карактер.

Заклучните согледувања и препораките дадени во трудот се базирани на презентираниот материјал во истиот и се значаен приоднес за педагошката наука, педагошката пракса и образовните политики.

Докторската дисертација е во согласност со законските прописи и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Интеркултурните компетенции на наставникот во основното училиште“** и да одобри јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Снежана Јованова-Митковска,**
редовен професор на Факултет за образовни науки,
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претседател, с.р.
**Д-р Снежана Мирасчиева,**
редовен професор на Факултет за образовни науки,
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член, с.р.
**Д-р Деспина Сивевска,**
вонреден професор на Факултет за образовни науки,
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член, с.р.
**Д-р Розалина Попова-Коскарова**,
редовен професор на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, екстерен ментор, член, с.р.
**Д-р Соња Петровска,**
редовен професор на Факултет за образовни науки,
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, интерен ментор, член, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на докторски трудови одобрени од наставно-научниот совет на докторски студии**

| Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|
| Анализа на формите на финансирање на корпоративниот сектор и нивното влијание врз економскиот развој, со посебен осврт на Република Северна Македонија / Analysis of the types of financing of the corporative sector and their impact on the economic development, with special reference to the Republic of North Macedonia | 0206-311/4 од 21.4.2022 г. | Интерен ментор – проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, екстерен ментор – проф. д-р Пеце Николоски | Елмедина Шуаjиби |
| Гастрономијата како фактор за развој на угостителството и туризмот во Република Северна Македонија / Gastronomi as a factor for development of the catering and tourism in the Republic of North Macedonia | 0206-311/3 од 21.4.2022 г. | Интерен ментор – проф. д-р Нако Ташков; екстерен ментор – проф. д-р Бајрактари Насер | Горан Антониевски |
| Образование и професионален развој на наставниците во наставата на босански јазик во Косово / Education and professional development of teachers in the teaching of Bosnian language in Kosovo | 0206-311/2 од 21.4.2022 г. | Интерен ментор – проф. д-р Емилија Петрова-Ѓоргева; екстерен ментор – проф. д-р Татјана Атанасоска | Салија Бангоји |